**Универзитет “Св. Кирил и Методиј”**

**Филозофски Факултет-Скопје**

**Институт за Историја**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# ТЕМА: КИРО ГЛИГОРОВ

**Ментор:** **Изработил:**

**Проф.Д-р Виолета Ачкоска** **Зоран Тодоров**

**Скопје 2019**

# Вовед

Во историјата како наука  не постојат периоди кои не оставиле своја трага и белег од минатото и сите тие претставуваат магнет за историчарите кои трагајки по  минатото се обидуваат да дојдат до историската вистина. И покрај многубројните и испреплетени историски настани од историјата на македонскиот народ сепак настаните кои се случувале во најновиот век предизвикуваат најголемо внимание кај денешните генерации на Македонци. Во целиот тој период почнувајки од периодот помеѓу двете светски војни, периодот за време на Втората светска војна, периодот кога се создава македонската држава и нејзината улога во Југославија како и периодот после осамостојувањето е период кога се појавуваат големи историски личности кои оставиле голема трага и белег со своето постоење. Од сите тие историски личности само една личност успеала да ги преживее, да ги доживее и да биде учесник во историските настани а тоа е првиот претседател на независна Република Македонија Киро Глигоров. Интересот за темата определена за обработка и истражување беше насочен од повеќе причини и околности. Преку истражувањето на Киро Глигоров се опфаќа еден долг временски период кој ќе ни овозможи да најдаме одговори на многу прашања и тоа за различни временски услови и периоди Почнувајки владеењето на династијата Караѓорѓевиќ за време на Кралството СХС од состојбите во Македонија за време на Втората светска војна и начинот на организирање на партизанското движење во Македонија, создавање на современата македонска држава, улогата на Македонците во Југославија и нивниот начин на живот па се до осамостојувањето на Македонија од Југославија

Втората светска војна покрај тоа што донесе големи штети и жртви ќе даде и можност кај некои народи да го искористат изворниот принцип на Антихитлеровата коалиција а тоа е правото на самоопределување до отцепување. Таков ќе биде и случајот со Македонија која за прв пат ќе добие историска шанса да формира своја држава. Директен учесник во НОБ ќе биде и Киро Глигоров кој ќе учествува во најважните политички настани од тој период како што биле: Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и Првото заседание на АСНОМ каде Киро Глигоров ќе биде записничар .  Овие настани покажуваат дека К. Глигоров ќе биде учесник и ќе даде свој придонес во

остварување на идеалот на генерации Македонци кои живееле пред него а тоа е создавање на македонска држава. За време на Второто Заседание на АСНОМ бил избран како дел од Президиумот а после заседанието К. Глигоров ќе биде избран како поверeник за финансии и ќе ја има таа чест и одговорност да работи на обновата на Македонија. Сепак и покрај неговиот придонес заради неговите прогресивни ставови ќе биде етикетиран како дел од сепаратистичката група која се залагала за обединување на Македонија па така ќе биде дислоциран ипратен на служба во Белград каде ќе извршува бројни функции. После распаѓањето на Југославија несамо што ќе се врати туку ќе има можност да го заокружи сонот на голем број генерации на Македонци за создавање на сопствена држава.

Името на Киро Глигоров многу малку или речиси воопшто не е опфатено во македонската историографија. Тоа пред се, се должи на недоволната историска дистанца од неговата дејност пред се од неговата претседателска дејност, но и поради фактот што тој живееше до 2012 година а претставуваше неоспорен политички и општествен авторитет. Од тука може да се каже дека во такви услови тешко дека објективно и без предрасуди би се гледале работитете околу неговата дејност. До овој момент слободно можеме да кажеме дека нема ниту една стручна литература посветена на него. Во една таква состојба драгоцени податоци даваат неговите спомени со наслов ”Македонија е се што имаме” како и спомените на личностите коиживееле и соработувале за време на неговиот живот.Од периодот на НОБ тука се спомените на : Димче Аџи Митревски, Љупчо Арсов,Страхил Гигов, Михајло Апостолски, Крсте Црвенковски, Александар Грличков, Светозар Вукмановиќ-Темпо а тука спаѓаат сите објавени документи од НОБ. Може да се каже недоволно податоци поседуваме за југословенскиот период заради недостапноста на изорите кои се наоѓаат во белградските архиви. Што се однесува до периодот на македонската независност може да се каже дека поседуваме доволно податоци кои ни ги даваат спомените на директните учесници: Стојан Андов, Денко Малески, Никола Кљусев, Љубчо Георгиевски а тука се бројните емисии, видеа и писанија во кој се претставени дел од активностите на Киро Глигоров. Се надева дека со помош на сите овие извори ќе доловиме објективна слика за делото на Киро Глигоров

## Глава I

## Ран живот и политичката активност за време на Втората светска војна

### 1.1 Ран живот и стекнувањето на образование

Киро Глигоров е роден на 3 мај 1917 година во Штип во семејството Панчеви од татко Благој и мајка Катерина. Татко му бил бојаџија а мајка му домакинка. Тој потекнува од повеќечлено семејство и имал четири сестри а тој бил единственото машко дете во семејството. Условите во кои тој се раѓа се прилично сложени особено заради политичките и воените настани кои се случувале во Македонија во тој период. Тоа е период кога настаните од Првата светска војна кулминираат а во Македонија веќе е создаден македонскиот фронт. И покрај тоа што се раѓа во воени услови после завршувањето на војната своето детство ќе го помине во новосоздадената држава Кралството СХС.[1] Вардарскиот дел на Македонија ќе влезе во состав на новоформираната држава Кралство СХС и опќала една десетина од тогашната територија на Југославија. [2]

Уште од најраните години како дете, Киро Глигоров ќе се соочи со политиката која ја воделе тогашните власти во Кралството СХС. Тоа бил временски период кога Кралството СХС во Македонија водел политика на асимилација и денационализација на македонскиот народ. Официјален јазик во Македонија во тој период ќе биде српскиот јазик кој ќе се употребува во администрацијата и во училиштата.[3] Како дел од политиката на асимилација и денационализација ќе биде тоа што на имињата на Македонците била додавана наставката "иќ" а освен јазикот во училиштата се изучувала и српска историја со чија помош од учениците требало да бидат создадени идни лојални граѓани но и новосоздадени Срби со што целосно би исчезнал македонскиот елемент од Вардарска Македонија а македонскиот јазик беше оневозможен.[4] Токму оваа политика на асимилација и денационализација на свој грб ќе ја

---

[1] Кралството СХС било создадено на 1 декември 1918 година на чело со Александар Караѓорѓевиќ а ги опфаќала териториите на Србија, Хрватска, Словенија БиХ, Црна Гора и Македонија

[2] Историја на македонскиот народ, Том 3, Скопје 1969

[3] Исто, стр.11

[4] Исто

осети самиот Киро Глигоров уште за време на запишувањето во прво одделение. По одлука на директорот на основното училиште во Штип тој како првооделенец е запишан како Кирило Глигоровиќ и од тука произлегува промената на неговото презиме место Панчев да биде запишан како Глигоров во чест на неговиот дедо Глигор. Глигоров потекнува од типично македонско семејство од тој временскио период во кој сеуште биле свежи илинденските сеќавања а неговиот дедо бил дел од ВМРО на штипската организација. За своето семесјтво тој ќе каже: *Тоа беше типично македонска, национално јасно определена фамилија...Просто тоа така си одело од колено на коленоо сите се чуствуваа Македонци а мене ми го зборуваа истото.*[5] Големо влијание врз формирање на неговата национална свест и врз неговиот карактер одиграл неговиот дедо Глигор кој го учел за посебноста на македонскиот народ. Приказните за борбите на македонскиот народ кои што неговиот дедо му ги раскажувал ќе предизвикаат големо влијание врз формирањето на личноста на Киро Глигоров. И покрај силната српска училишна пропаганда во тој период македонското националното чувство кај него се повеќе се развивало благодарение на неговото семејство. За овој период тој ќе каже:*И постојано дома една прикаска а на училиште друга и така се до оној момент кога човек почнува да разбира што е што...А моето семејство беше македонско, живеев помеѓу Македонци но убаво знаев кои се Бугарите а кои се Србите.. Бве свесен дека ние сме Македонци дека сме посебна нација.Така се чуствував и за време на основно и за време на средно*[6]*.* Ова покажува дека семејството на Глигоров имало развиено висока национална свест и покрај тешката положба во која се наоѓал македонскиот народ. Своето основно образование како што веќе споменавме го започнува во родниот град Штип каде ќе ги добие и првите искуства со книгата. Кај него ќе се развие љубов кон книгата и науката. За време на неговото школување во штипското основно училиште тој ќе биде библиотекар во школската библиотека каде ќе биде формирана и т.н школска дружина која имала за цел да разменува училишни искуства но и да се занимава со сопствено творештво[7]. Најчесто припадниците на дружината пишувале поезија, реферати, рецитали и сл. После

[5] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме, Скопје 2003, стр. 13

[6] Исто, стр 23

[7] Исто

завршувањето на основното училиште во семејството Панчеви се размислувало што понатаму. Прашањето за тоа дали да продолжи или не со школувањето и не поставило, проблемот бил каде да се продолжи школувањето. За време на неговото школување се случила шесто јануарската диктатура на кралот Александар Караѓорѓевик која негативно се одразила врз економскиот социјалниот и клутурниот живот во Македонија. За време на оваа диктатура политиката на асимилација и денационализација била уште повеќе зголемена. Во 1929 година власта пристапила кон потполно затворање на многу гимназии во Македонија и кон претворање на некои од нив во неполни и самоуправни гимназии.[8]

Во 1932 година со одлука на државата сите гимназии во Македонија биле укинати а биле оставени само двете гимназии во Скопје(машка и женска) и една гимназија во Битола што педизвикало намалување на бројот на класови за 11 а биле отпуштени и наставници. [9] Оваа одлука била донесена со цел подобро да биде спроведувана политиката на асимилација и денационализација а македонските ученици своето образование да го продолжат во внатрешноста на Србија како на пример во: Крагуевац, Смедерево, Горни Милановац и др. За таа цел во овие градови биле формирани интернати кои биле бесплатни а требало да ги примат македонските ученици кои по завршувањето насвоето образование требало во своите родни краеви да се вратат како големи Срби. Притисокот во Вардарска Македонија бил голем што придонело да замре политичкиот живот а се одржувале прослави само на официјални државни празници.[10] Од тука се исправил предизвикот каде Киро Глигоров да го продолжи своето образование? Од една страна била примамлива можноста да се стекне образование кое финансиски не би го оптеретило неговото семејство а друга страна била можноста тој да остане блиску до семејството. И покрај тешкото време кое било полно и со големи финансиски предизвици неговиот татко Благој донел одлука Киро своето образование да го продолжи во Скопје. Во учебната 1932/1933 своето средно образование тој го продолжува во скопската

[8] Историја на Македонскиот народ, том 3...стр. 71
[9] Историја на македонскиот народ, Скопје 1988, стр.239
[10] Исто

машка гимназија. Ова ново патешествие во голема мера ќе го одреди идниот животен правец на Киро Глигоров.

Скопската машка гимназија ќе биде место каде што ќе се најдат идните македонски интелектуалци а дел од нив ќе бидат и носители на НОБ. Тука ученици ќе бидат: Венко Марковски, Димче Аџи Митревски, Асен Симитчиев и др. Овие идни македонски интелектуалци свесни за својата посебност често го поставувале прашањето за состојбата во која се наоѓа Македонија. Овие нивни размислувања, ќе резултираат со создавање на група во гимназијата која тие самите ја нарекле "Група Македонци". Оваа група се состанувала и освен за состојбата во Македонија редовно дискутирала и отворала теми за македонската историја. За оваа група во своите спомени Киро Глигоров ќе каже: *Се интересиравме и на нашите средби разменувавме мислења и за историјата на македонскиот народ, за Илинденското востание, за делото на македонските борци, за Гоце Делчев, Јане Сандански, за Крушевската Република ...*[11]

За формирањето на групата, во која влегле покрај Димче Аџи Митрески и Венко Марковски, Пенчо Икономов, Киро Црногорски, Бојан Ризов, Асен Симитчиев, Киро Глигоров, Илија Брашнарски и др., Аџи Митрески во своите спомени наведува дека уште во 1931 година неколку соученици од Машката гимназија во Скопје "...незадоволни од односот и од постапките на директорот С. Зафировиќ и на неколку професори, српски шовинисти, спрема македонските ученици, особено од забраната да се зборува во училиштето, и вон него, на мајчин македонски јазик, исполнети со гнев и револт, почнавме да се дружиме и спонтано да реагираме и да даваме отпор, секој на свој начин, на тие дискриминаторски акти..." Слични појави имало и во Трговската академија во Скопје, така што набрзо ќе се проширува кругот на отпорот[12].

Како најактивни од групата ќе се издвојат Венко Марковски и Димче Аџи Митревски. Венко Марковски носел литература поврзана со историјата на македонскиот народ а Димче Аџи Митревски ја дава идејата и помага да се отвори читална во самата машка гимназија. Отворањето на читална била

---

[11] Киро Глигоров, Македонија е се што имаме... стр. 28

[12] Димче Аџи Митревски, Сеќавања за настани и личности од македонското револуционерно движење, Скопје 1997, стр.25.

многу мудра идеја бидејки тоа овозможило групата под превезот на литеатурна дејност легално да делува. Освен за литературата во групата најлесто се разговарало за моменталната состојба на Македонија во сите области: економија, култура, образование итн. За секретар во читалната ќе биде избран Киро Глигоров.[13] Оваа група многу мудро работела под превезот на литературата и успеала легално да си обезбеди свое јадро во гимназијата. За нивната работа се интересирал и нивниот професор по литература без при тоа да ги осуети вистинските намери на групата. Многу набрзо била формирана и Млада Македонска Револуционерна Организација (ММРО) на чело со Димче Аџи Митревски која имала своја програма. Од тука може да се заклучи дека оваа "Група Македонци" формирана во скопската машка гимназија претставува предвесник на ММРО.[14] Групата се залагала за израмнување на положбата на македонскиот народ со другите рамноправни народи во државата(Срби, Хрвати и Словенци) како и борба со останатите пропаганди во Македонија. Акцент во програмските цели на оваа група се ставало на ослободување на македонскиот селанец, занаетчија, работник, против безпарицата и др. Од тука може да се види дека освен под национално групата била и под социјалистичко влијание.

Групата добила поорганизирана форма со тоа што бил формиран Комитет. Во овој период Комунистичката Партија била забранета но и понатаму активно дејствувала во илегала.[15] И покрај тешката состојба во која се нашла Комунистичката Партија сепак активно следела што се случува па така членовите на ММРО биле следени во нивната работа. Подоцна повеќето членови на групата станале членови на КПЈ. За контакти бил ангажиран Кочо Рацин и под негов увид работел комитетот на ММРО. Овие млади луѓе биле оценети како „прогресивни младинци" чија главна преокупација беше „македонизмот", македонскиот човек и некогата заштита од српската денационализаторска политика.[16] Најверојатно поради предавство двајца членови на оваа група Бојан Ризов и Венко Марковски биле уапсени а поради овие настани Бојан Ризов ќе биде исклучен од гимназијата. Оваа активност ќе

[13] К. Глигоров, исто, стр. 28
[14] Исто, стр. 30
[15] Комунистичката Партија во Кралството СХС била забранета на 30 декември 1920 година со донесување на т.н Обзнана
[16] Димче Аџи Митревски, исто, стр.29

биде големо искуство за младиот Глигоров и ваквите настани го одредуваат неговиот животен правец.

Во учебната 1935/36 година Глигоров успешно ја завршува гимназијата и се наоѓа пред уште еден животен крстопат каде треба да донесе одлука што понатаму во неговиот живот. Состојбата била искомплицирана и поради повредата на неговиот татко па требало да се донесе одлука дали ќе остане дома и ќе се грижи за семејството или ќе продолжи со школувањето на високо образование. Тој ќе донесе одлука да го продолжи своето образование во Белград на Правниот факултет. Белградскиот универзитет во тоа време бил опфатен од комунистичките идеи кои биле прифатливи за бунтовните млади луѓе. Сето тоа било диктирано и од условите во Кралството на СХС односно Кралството Југославија – недостиг на демократија, терор и беззаконие, неразвиен парламентарен живот, социјалната беда и неразвиеност, особено на национално угнетените народи каков што бил македонскиот.

Револуционерното студентско движење делувало на сите универзитети во Кралството Југославија, но најсилно било на Белградскиот универзитет, условено од општествено-политичките случувања во земјата и во светот, од условите на Универзитетот, како и од материјалната положба на студентите. Најпрво насочено кон чување на автономијата на универзитетот и кон подобрување на материјалната положба на студентите, постепено ова движење добива засилено политичкото делување кое го насочувала тогаш илегалната Комунистичка партија на Југославија (КПЈ), како и нејзината младинска организација – Сојуз на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ). Тогаш борбата на студентите сѐ повеќе прераснувала во отворена борба против тогашниот владеачки режим на Кралството Југославија. Македонските студенти (Кузман Јосифовски, Страшо Пинџур, Мирче Ацев итн.), меѓу кои и Глигоров, во овие рамки, покрај социјалното, на прво место го поставувале прашањето за национална рамноправност на Македонците.

Студиите во Белград на Глигоров ќе му донесат учество во уште во едно македонско здружение формирано од Македонци а тоа било здружението

„Вардар“[17]. Ова здружение било формирано на 1 септември 1936 година. Тоа формално и функционирало како културно-уметничко друштво, се занимавало со музика и фолклор.[18] И овде Глигоров ќе се појави во улога на секретар на друштвото во кое биле активни повеќе македонски студенти.Во 1938 година, покрај Страшо Пинџур, Јосиф Јосифовски, Тодорка Оровчанец, Киро Глигоров и др., Кузман Јосифовски заедно со Мирче Ацев биле кооптирани во Активот на македонските студенти на Белградскиот универзитет. Основна задача на овој актив беше да работи за вклучување на македонските студенти во целото студентско прогресивно движење на студентите на Белградскиот универзитет.[19]

Друштвото „Вардар“ кое собирало студенти со лева ориентација било предмет на истрага на власта. Ваквата истрага ќе резултира со провала која се случила во 1939 година. Провалата ќе го затекне Глигоров во третата година од студиите во Белград. Како секретар на друштвото самиот Глигоров очекувал апсење. Во првиот момент од провалата главна брана помеѓу друштвото Вардар и кралската полиција бил белградскиот универзитет кој имал висок степен на автономија. Глигоров својата безбедност ќе ја зачува умешно криејки се во студентскиот дом во кој престојувал како и на правниот факултет. Од неговиот сограѓанин Тодор Арсов[20] добил вести дека тој не е предаден. Сепак до него ќе пристигнат информации дека е предаден од Љубен Цветков и дека полиција го барала во Штип и Скопје.[21] Имајки во предвид дека студентскиот дом престанал со работа во текот на летото Глигоров решил да се врати дома во Штип. Веднаш после пристигнувањето во Штип тој ќе биде приведен од српската полиција. Неколку дена после приведувањето заедно со уште неколку сограѓани под обвинение дека е комунист ќе биде испратен во Скопје а од таму биле однесени во Ниш. По поминатата една ноќ во Ниш Глигоров заедно со други затвореници е однесен во Белград а од таму во затворот Ада Циганлија.

[17]Како резултат на широката политичка активност на македонските студенти во Загреб, Белград и Скопје и во корелација со афирмирањето на нивната национална свест во Загреб во 1935 година и наредната година во Белград биле формирани истоимени културно-просветни друштва „Вардар“. Овие друштва активно дејствувале до април 1937 година, но поради својата национално-културна дејност биле забранети од властите.

[18] К. Глигоров, Македонија е се...,стр.33

[19] Димче Аџи Митревски, исто, стр.234

[20] Тодор Арсов бил брат на Љупчо Арсов, припадник на комунистичкото движење, општественик и политичар во СР Македонија.

[21] К. Глигоров, Македонија е се, стр. 34

Додека е во затвор почнува и судењето а им судел Судот за заштита на државата. Поради недостиг на докази Киро Глигоров заедно со уште двајца обвинети ќе биде ослободен додека другите биле  затворени. Ова ќе биде првото политичко затворање на Глигоров кое ќе го покаже неговиот цврст карактер бидејки и покрај сите непријатности кои ги доживеал кај него нема да се намали желбата за политичко дејствување.  После овие настани како свој главен приоритет Глигоров го става завршувањето на факултетот.

По завршувањето на Правниот факултет во октомври 1940 година тој се вработува како приправник кај адвокатот Михајло Николиќ. Во тоа време се случуваат неколку крупни историски настани кои го одредуваат понатамошниот тек на историјата. На чело на Кралството Југославија се наоѓал двоецот Цветковиќ-Мачек кои сметале дека интересите на Југославија треба да се движат кон фашистички правец. Па така и покрај големото незадоволство кое траело во земјата Цветковиќ-Мачек решиле дека Југославија треба да пристапи кон тројниот пакт. На 25 март 1941 година Кралството Југославија и официјално ќе стане дел од тројниот пакт[22]. Противници кон ваквата политика имало многу а тие особено биле организирани во воените кругови. Ноќта на 27 март 1941 година група офицери предводени од генерал Душан Симовиќ ја превзела власта.[23]

На 6 април 1941 година, по само неколку месеци работен стаж кај адвокатот Михајло Николиќ, Глигоров го дочекува започнувањето на Втората светска војна на Балканот со нападот на Германија над Југославија и Грција. Овие настани ќе придонесат да се затвори канцеларијата на адвокатот Михајло Николиќ, а Киро Глигоров ќе биде принуден да се врати во Скопје во текот на април кога веќе во Македонија и во Скопје, по договорот со Германците, Бугарите ја воспоставувале својата власт. Новата окупаторска власт  ќе биде жестока кон сите приврзаници на антифашистичкиот отпор како и кон припадниците на комунистичкото движење.

[22] Југославија влегува во тројниот пакт на 25 март 1941 година со потпишување на договор помеѓу Претседателот владата на Југославија Драгиша Цветковиќ и министерот за надворешни работи на Германија Фон Рибентроп во Виена.
[23] Барбара Јелавиќ, Историја на Балканот-Дваесетти Век, стр. 275

Веднаш по пристигнувањето во Скопје, Глигоров се упатил во “Вардар Банка” чиј сопственик бил поранешниот негов работодавец адвокатот Михајло Николиќ. Банката ќе ја затекне во лоша финансиска состојба но, сепак, ќе одлучи таму да ја продолжи својата работа. Токму во оваа банка Глигоров ќе го има своето прво правничко искуство каде ќе ги брани интересите на банката, но овој настан исто така ќе му донесе и непријатели кои ќе го наклеветат на бугарските власти дека се работи за србин – комунист. Поради оваа клевета Глигоров по втор пат во својот живот ќе се најде во затвор. Благодарение на неговиот другар Асен Симитчиев кој, исто така бил затворен, ќе се спаси од понатамошен прогон и ќе излезе од затвор. Престојот во затворот нема да го обесхрабри Глигоров во неговата политичка активност. Заедно со негови истомиленици ќе започнат илегални активности насочени против фашистичка власт. Овие активности ќе ги извршуваат заедно со Асен Симитчиев, Александар Христов, Поп Антонов, Лилјана Чаловска, Веселинка Малинска и др. И покрај тоа што биле млади а политички и неискусни го сфатиле моментот кој бил од судбоносна важност. За ова Киро Глигоров ќе каже: *Кај нас растеше готовноста да бидеме активни во овие моменти историски за нашиот народ.*[24]

Со цел да се искористи потенцијалот на интелигенцијата во антифашистичката борба, КП формирала повеќе групи кои имале различни задачи, а членовите биле постепено примани во партиските редови. И групата во која влегол Киро Глигоров заедно со Петре Богданов – Кочко, Асен Симитчиев и Александар Црногорски, била под будно око на партијата. Главната комуникација со нив ја водел Димче Аџи Митревски кој ги спремал и да станат членови на партијата.[25] Тој на членовите на групата ќе им порача: *Вие сте група за која се оценува дека за неколку месеци треба да се подготвите за да станете членови на Партијата.*[26] Секој член на групата си имал своја сопствена задача а задача на Глигоров била секоја вечер да слуша радио емисии на Радио Лондон и Радио- Слободна Југославија и да фаќа белешки за тоа што се случувало на другите фронтови во светот. Во овие операции ќе бидат вклучени и идните членки на АСНОМ - Лилјана Чаловска и

[24] Киро Глигоров, Македонија е се ..., Скопје 2002, стр. 43
[25] Димче Аџи Митрески, исто, стр. 211-212.
[26] Киро Глигоров, исто, стр.43

Веселинка Малинска кои ги земале белешките од Глигоров и ги носеле на печатње во тогашниот орган на партиската организација за Скопје, „Весник"[27].

Периодот од 1941 до 1943 година Глигоров ќе го помине работејки во банката меѓутоа ќе биде на најразлични начини вклучен во антифашистичката борба. Освен што ќе биде вклучен да помага на групата која ја координирал Димче Аџи Митревски ќе помага во пренесување на финансиски средства за партизаните, давање правни совети на затворените активисти и слично. Во периодот што следува тој ќе се најде на првата борбена политичка и воена линија и ќе биде активен учесник на најзначајните настаните од историјата на македонскиот народ.

### 1.2 Почеток на политичка активност и одење во илегала

Во 1943 година ќе се зголеми уште повеќе политичката активност на Глигоров а ќе му припадне задачата лично да се погрижи за главниот организатор и идеолог на антифашистичката борба во Македонија Кузман Јосифовски Питу.[28] К.Ј. Питу бил сместен во куќата на мајката на неговата сопруга и поради тоа имал можност многу често да биде во неговата близина. Токму ваквата близина ќе придонесе Киро Глигоров да добие покана да биде дел од Акциониот Народноослободителен Комитет(АНОК). Овој комитет бил формиран по идеја на К.Ј Питу есента 1943 година. К.Ј Питу освен со Глигоров имал средби и со други интелектуалци и им ја пренесол иницијативата за формирање на еден ваков комитет. Во АНОК биле вклучени млади надежни кадри како Кирил Петрушев, Благој Хаџи Панзов, Лазар Соколов и др. Освен младите во АНОК биле вклучени и други повозрасни интелектуалци меѓу кои имало: трговци, лекари, правници и ја сочинувале оваа Антипартиска група а подоцна дел од нив влегле во Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ.[29]

---

[27] Органот "Весник" како гласило на КП се појавува во Скопје во 1942 година а уредник била Веселинка Малинска

[28] Кузман Јосифовски Питу бил истакнат комунист и главен организатор на НОБ во Македонија а бил убиен од страна на бугарските власти на 25 февруари 1944 година во Скопје

[29] Кире Филов, Економските и политичките промени во Штип и Штипско низ архивската документација 1944-1946, Штип, 2011

Членовите од АНОК се занимавале со прашања од македонската историја, за значењето на Народноослободителната војна, за формирање на народна власт и др. Во работата на АНОК биле вклучени поголем број на луѓе а тоа ќе придонесе нивната активност да допре до најобичниот граѓанин. Поради тоа голема била опасноста од провала од страна на фашистичките власти. Работата на АНОК била и под влијание на другите настани особено оние кои се случувале во Југославија. Тука пред се, се мисли на Првото заседание на АВНОЈ како и идеите кон кои се движело организирањето на Второто заседание на АВНОЈ. Овие идеи предвидуваа реализација македонска држава која би била рамноправна членка со останатите држави од Југославија. Овие идеи предизвикале кај македонското движење да се појави националноослободително чувство а ваквиот правец нема да го одмине ниту АНОК. Размислувањата ќе бидат во насока на создавање на сопствена држава како и  на подготвување на идните органи на власта. Овие идеи всушност значеле создавање на сопствена национална платформа која би требало да се реализира со напуштањето на територијата од страна на фашистите. Во 1943 година се случиле многу настани кои директно влијале врз исходот од борбата во Македонија.

Освен формирањето на партизански чети во: Битолско-Преспанско, Крушевско, Прилепско идр., ќе се случат и значајни политички настани. На 2 август 1943 во с. Отешево се одржало т.н Преспанско советување. На тоа советување меѓу другите работи било одлучено да бидат формирани  покрупни воени единици како и Иницијативен Одбор за свикување на АСНОМ.[30]  Сите овие политички настани ќе бидат крунисани со Манифестот кој бил напишан од страна на НОВ и ПОЈ во октомври 1943 година бидејќи тоа било единствен начин да се претстави борбата и нејзини цели помеѓу обичниот народ. Целта на овој документ била да се даде поттик на народот да ја подржи борбата и да се истакнат главните цело на борбата. После неговото пишување и пуштање во јавност Манифестот стигнал и до АНОК и бил предмет на разгледување а кон него интелектуалците и членови на АНОК приговарале како за делови од содржината така и за правото ГШ да издава таков документ.[31] . Според дел

[30] Историја на македонскиот народ, Скопје 1988,стр. 339
[31] Љупчо Арсов, Сведоштва, Скопје 1984, стр.354

членовите на АНОК овој документ имал недостаток поради тоа што никаде во него не се споменува борба која би се залагала за целосно обединување на Македонија. Дел од членовите на АНОК се согласувале а еден дел сметале дека сега е моментот да се постави прашањето за целосно обединување на Македонија. Ваквите идеи нема да им се допаднат на раководството на КПЈ особено на делегатот кој бил испратен во Македонија Светозар Вукмановиќ-Темпо.[32] Бидејќи дел од членовите не се согласувале со дел од содржината на Манифестот решиле да напишат приговор. Приговорот се пишувал со цел да се истакне дека постои историска шанса за реализирање на тие идеи. Задачата да напише приговор ќе му припадне на Киро Глигоров заедно со Благој Хаџи Панзов. Приговорот бил пишуван во месец декември 1943 година во Вардар-банка а целата постапка траела 2 дена.

Забелешките во Приговорот на Манифестот имаат две суштински работи. Првата работа се однесува на тоа дека ГШ на НОВ и ПОМ има превземено преголеми ингенеции бидејќи според нив еден ваков документ кој претставува продолжение на Крушевскиот Манифест треба да биде донесен од едно општо антифашистичко собрание каде делегати би имало на целата територија на Македонија. Во приговорот стои:*Народното Собрание е единствено компетентно да си каже думата по кој впрос неможе да се изјаснува Штабот преди да е свикано Собранието.*[33] Втора суштинска белешка е тоа што во Манифестот се зборува за Вардарскиот дел на Македонија а а според нив тоа е само една третина од територијата н а Македонија, подеднакво била тешка состојбата во и во другите два дела од Македонија. Членовите на АНОК сметале дека тие можеби имаат историска шанса која несмее да се испушти како и историската одговорност која престои пред нив а тоа е обединување на Македонија бидејќи сега има многу сојузници расположение затоа да се оствари.[34] Тие сметале дека политичките и воените прилики овозможуваат поставување на македонското прашање на таков начин бидејќи можеби во иднина таква прилика можеби и нема да се укаже. Според кажувањата на Киро Глигоров приговорот имал можност да го види и Кузман

[32] Михајло Миноски, Македонија и Србија(1878-1944), Скопје 2010, стр.409
[33] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том втори, Скопје 1981, стр.417
[34] Исто,стр.415

Јосифовски Питу кој всушност бил и врската помеѓу ГШ и АНОК. Глигоров во овој период имал можност почесто да се среќавава со Кузман Јосифовски Питу бидејки К.П Питу престојувал кај неговата баба односно мајката на неговата сопруга. За ова Глигоров ќе каже: *Долго заеднички дискутиравме околу целите на борбата, па и околу македонското прашање и морам да кажам дека тој не само што немаше приговор на основните наши заклучоци туку и се согласуваше со нив.*[35] И покрај чесните и искрени намери со кои е напишан Приговорот на Манифестот сепак ова ќе предизвика негативни реакции кај врвот на партијата. Со своите ставови ќе изненади токму К.Ј.Питу кој во еден извештај од 20 декември 1943 година приговорот ќе го оцени неизживеан национален автономизам.

На 14 март 1944 година првиот состав на Иницијативниот одбор во кој влегувале: Методија Андонов Ченто, Страхил Гигов, Цветко Узуновски - Абаз, Венко Марковски и Михајло Апостолски објавиле одговор на приговорот на АНОК. Интересен е одговорот на Иницијативниот Одбор особено делот каде што се критикува идејата за обединување. Во него се вели: *"ние сметаме да ќе можеме да го постигнеме и реализираме тој вековен идеал на нашиот народ во една Титова Југославија, од колкото во некоја друга политичка комбинација."*, како и дека *"Соединението на македонскиот народ и нам ни лежи на срце како и вам и ќе се бориме за неговото соединение до крај …Но треба да се знае, во времето на издавањето на манифестот меѓународното политичко положение не ни позволјаваше македонскиот проблем да го изнесеме на друг начин, освен како што е изнесен во самит Манифест. Титова Југославија денеска е стварност, призната меѓународна сила, со чија помошт ние ќе можеме да постигнеме соединението на нашиот народ".*[36] Мора да се истакне дека овој одговор делува интересно ако се земе во предвид составот на Иницијативниот одбор. Факт е дека дел од членовите на Иницијативниот Одбор како на пример: Методија Андонов Ченто, Венко Марковски и Михајло Апостолски ги делеле овие ставови. Веројатно заради некаков политички компромис ќе мора да се согласат со овој одговор на приговорот. Токму овие личности заедно со уште неколку интелектуалци баш

[35] Киро Глигоров, Македонија е се ..., стр 54

[36] Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, Архив на Македонија том 1, книга 1, Скопје 1984, стр. 51

поради овие ставови ќе бидат прогласени за промакедонска или антипартиска група. Дел од врвот на партијата овој приговор ќе го потенцираат и после војната.[37] Тука пред се, се мисли на првиот човек на КПМ секретарот Лазар Колишевски кој сметал дека ваквите ставови биле под влијание на бугарските. Факт е дека токму овој приговор во кој голема улога има Киро Глигоров ја дефинира партизанската борба во овој период како националноослободителна а не како идеолошка како што долго време беше именувана. Значењето на овој приговор меѓу другото е и тоа што ова е еден од фактите кои го потврдуваат континуитетот на македонската национално ослободителна борба која започнала кон крајот на XIX век а НОБ претставува само продолжение на оваа борба и тие овој Манифест го изедначуваат со Уставот на МРО и Крушевскиот Манифест.[38] И покрај негативните чувства кои ќе ги предизвика овој приговор тоа нема да биде пречка за искористување на македонскиот интелектуален потенцијал и капацитет. Знаејки дека интелектуалниот потенцијал и не е така голем раководството на НОВ и ПОМ ќе донесат мудра одлука со тоа што членовите на АНОК не се етикетирани туку им е дозволено да се вклучат и да помогнат во НОБ. Подоцна, по завршувањето на НОБ, голем дел од тие интелектуалци, меѓу кои и Глигоров ќе бидат отстранети од локален терен и испратени во Белград.

### 1.3 Учеството во Иницијативниот одбор и Првото заседание на АСНОМ

Неколкумина од членовите на АНОК биле поканети да земат учество во Иницијативниот Одбор за свикување на АСНОМ. Иницијативниот одбор имал навистина сериозна задача а тоа било да го организира Првото заседание на АСНОМ односно да се обезбеди безбедна локација, навремено да се информираат делегатите, да се подготват реферати за дотогашните активности на ГШ на НОВ и ПОМ и др. Свикувањето на АСНОМ било од големо значење бидејки АСНОМ требало да ги превземе ингеренциите на претставничко, законодавно и извршно тело.

[37] Тука се мисли на т.н пројугословенска струја предводена од: Лазар Колишевски, Страхил Гигов, Цветко Узуновски Абази др.

[38] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,...стр.416

Иницијативниот одбор беше формиран во месец ноември 1943 година во селото Црвена Вода во Дебарца. Претседател на овој одбор ќе биде Методија Андонов – Ченто, а во неговата работа учествувале 9 членови. Подоцна оваа бројка ќе порасне на 22 члена.[39] Поканата од Иницијативниот Одбор за учество во неговата работа ќе придонесе Киро Глигоров да замине во илегала и да се приклучи на партизаните. Првиот состанок на Иницијативниот Одбор се случил во с. Стајовце-Кумановско, на 30 април 1944 година.[40] На тој прв состанок се делеле задачи кои секој член требало да ги сработи. Киро Глигоров добил задача да напише политички реферат.[41] Во суштина рефератот се однесувал на функционирањето на народноослободителните одбории формирање на функционална власт после војната. Интересно да се спомене е тоа што за време на Првото заседание на АСНОМ не му е дозволено да го прочита рефератот што сам го напишал туку тоа го направил Емануел Чучков веројатно по наредба на Светозар Вукмановиќ- Темпо. Освен во Кумановско, одборот се движел и делот на Скопска Црна Гора а седиште ќе биде селото Рамне каде привремено биле сместени и службите на Главниот Штаб и Централниот Комитет. По неколку месечни подготовки биле обезбедени сите услови за свикување на АСНОМ. Со огромно нетрпение и радост бил очекуван тој свечен чин кој претставувал удирање на темелите на современата македонска држава.

Првото заседание на АСНОМ се одржал на 2 август 1944 година во манастирот с. Прохор Пчински. На заседанието учествувале 116 делегати од сите три делови на Македонија. Како што е познато бил избран Президиум на АСНОМ а за прв претседател бил избран Методија Андонов Ченто. На самото заседание Киро Глигоров заедно со Веселинка Малинска бил избран за записничар на заседанието. На заседанието тие седеле од страна и бележеле се што се случувало на заседанието. На заседанието ќе се донесат неколку важни историски одлуки како на пример: АСНОМ да биде избран за највисоко законодавно и извршно тело, била донесена Деклација, македонскиот јазик да биде кодифициран и Илинден да биде прогласен за државен празник.[42] На

[39] Историја на македонскиот народ, Скопје 1988, стр 359
[40] К. Глигоров, Македонија е се ..., стр.56
[41] Исто, стр.57
[42] Историја на македонскиот народ, том три, Скопје 1969, стр

заседанието биле прочитани два реферати, едниот Бане Андреев а другиот како што претходно споменавме бил подготвен од Киро Глигоров а го прочитал Емануел Чучков. Во вториот реферат кој бил изготвен од Глигоров се зборувало за задачите на народноослободителната власт но била истакната и паролата братство-единство каде се изразувале стремежите за соживот на сите народи во Југославија.

Киро Глигоров не бил избран во првиот Президиум на АСНОМ, и покрај тоа што ќе биде дел од Иницијативниот Одбор. Тој ќе биде избран како еден од четириесетте претставници кои Македонија требала да ги даде како членови на АВНОЈ.[43] За одлуките кои биле донесени требало да биде запознаена домашната и светската јавност. За таа цел АСНОМ ги донел можеби најзначајните документи а тоа биле Манифестот и Прогласот на АСНОМ. Токму во овие документи особено во Манифестот ќе се случи можеби најголема сатисфакција за Глигоров бидејќи таму практично ќе бидат вградени принципите од приговорот што АНОК го имал кон Манифестот на Главниот Штаб. Особено значајно е споменувањети на сите три делови на Македонија како и можноста за обединување.

По завршувањето на заседанието, членовите на Президиумот се повлекуваат во с. Рамне заедно со Главниот Штаб.[44] Замислата била делегатите на АСНОМ да добијат задачи како народна власт. Селото Рамне во тој период имал улога на главен оперативен центар бидејќи генералот Михајло Апостолски тука ги добивал сите информации но и давал наредби за конечното ослободување на Македонија. Улогата на оперативен центар Главниот Штаб ќе ја зголеми бидејќи од Врховниот Штаб добил пошироки ингеренции бидејќи тие не се однесувале само на Македонија туку и на делови од Јужна Србија. Во селото Рамне Киро Глигоров ќе остане десетина дена по што ќе добие задача да ја претставува Македонија во Претседателството на АВНОЈ на островот Вис каде бил Националниот комитет на народноослободување на Југославија.[45] Особено тешко ќе биде патешествието до островот Вис бидејќи добар дел од територијата сеуште била под контрола на бугарските фашисти но и под

[43] К. Глигоров, Македонија е се...,стр.64
[44] Исто, стр.66
[45] Љупчо Арсов, Сведоштва... стр. 398

контрола на српските четници на Дража Михајловиќ.[46] И покрај таквата состојба групата во која се наоѓал Киро Глигоров ќе биде транспортирана со авион до градот Бари. Во групата со Глигоров ќе бидат Ленче Арсова и Илија Џувалековски.[47] Во градот Бари Глигоров ќе остане неколку дена каде ќе успее да се одмори и да собере сили за следните предизвици. По неколку дена ќе биде префрлен на островот Вис. На островот Вис тој ќе биде сместен во зградата кај останатите членови на АВНОЈ а собата ќе ја дели со познатиот хрватски политичар Владимир Бакариќ. Тука Глигоров ќе добие задача да му помага на Иван Милутиновиќ кој се грижел за економскиот дел. Сепак тоа не биле некои економски проблеми од државен карактер туку економскиот дел најчесто се однесувал на снабдување на партизаните со неопходните средства за војување. Тука на Вис се наоѓал и Врховниот Командант на партизанското движење во Југославија, Јосип Броз Тито. Во оваа прилика Киро Глигоров ќе има можност за прв пат да се запознае со Јосип Броз Тито.[48]

Киро Глигоров ќе остане на островот Вис речиси два месеци односно се до ослободувањето на Југославија. По два месеци кога веќе се знаело за германското повлекување и се очекувало целосно ослободување на Југославија, членовите на Националниот Комитет меѓу кои бил и Киро Глигоров биле префрлени во Србија. Најпрво биле префрлени на некој воен аеродром во Краљево а од таму во Аранѓеловац. Ова било период кога Белград не бил ослободен но било само прашање на време кога партизаните ќе ја превземаат контролата таму. Еден дел од членовите на Националниот Комитет биле сместени во хотел а еден друг дел на кој припаѓал и Киро Глигоров биле сместени приватно кај одделни луѓе. После десетина дена од пристигнувањето во Аранѓеловац стигнала информација дека Белград бил ослобден. Повторно со авион од аеродромот во Крагуевац биле префрлени во Белград. Киро Глигоров ќе биде сместен во хотелот Казино кој се наоѓал во самиот центар на Белград. Тука во Белград Глигоров ќе има можност да го сретне и да поразговара со стариот македонски револуционер Димитар Влахов но и

[46] Дража Михајловиќ српски и југословенски генерал  кој бил противник на комунистите и Втората светска војна го развил четничкото движење а негова главна заложба била враќањена кралското семејство Караѓорѓевиќ во Југославија
[47] К. Глигоров, Македонија е се..., стр 69
[48] Исто, стр 71

неговиот син  Густав Влахов. И покрај договорот заедно да се вратат во Скопје, Глигоров ќе биде принуден самиот да се врати.[49]

Пристигнувањето на Глигоров во Скопје ќе се случи во момент на прослава каде се прославувале придобивките од војната. Тоа била централна прослава во центарот на Скопје каде присуствувало целото македонско воено и политичко раководство. На плоштадот во Скопје Глигоров ќе биде забележан од страна на Крсте Црвенковски кој ќе го покани на бина бидејки според досегашната ангажираност Глигоров ќе даде свој впечатлив дел во НОБ.Интересни се неговите констатации за општата состојба која владеела во Македонија во моментот на пристигнување. Било повеќе од очигледно дека во Македонија била воспоставена цврста централна власт, а тоа најмногу било изразена на таквите митинзи и јавни собири каде најчеста извикувана парола била Тито-Лазо.

По завршувањето на прославата К. Глигоров ќе стапи во констакт со главниот командант на НОБ и ПОМ  Михајло Апостолски кој бил венчан со Цвета инаку родена сестра на К. Глигоров. Тој сакал да ја види својата сестра но и од прва рака да слушне за состојбата во која се наоѓа неговото семејство. Од Скопје К. Глигоров се упатува кон Штип со надеж дека после долго време ќе го види своето семејство.[50] Враќањето во Штип ќе придонесе тој да сфати дека перспективите за личен и професионален развој се мали во споредба со потенцијалот кој што го нуделе Скопје и Белград. Желбата за личен и професионален напредок уште еднаш ќе придонесе К. Глигоров да го напушти родниот Штип и да се упати во Скопје. Неговата идеја била во Скопје да бара работа во неговата правна струка и така да напредува. Со такви идеи и замисли ке го дочека Второто заседание на АСНОМ кое се одржало од 28 до 30 декември 1944 година без притоа да знае дека токму ова заседание ќе го одреди политичкиот пат на К. Глигоров. Значајно да се спомене е дека на ова заседание на АСНОМ ќе биде формиран суд кој требало да има задача да ги осуди сите оние кои за време на војната работеле против интересите на НОБ но и сите оние шпекуланти кои успеале да се збогатат на сметка на обичното

[49] Исто, стр.73
[50] Исто, стр.74

население искористувајки ја лошата состојба која ја предизвикала војната.[51] На крајот на заседанието повторно бил избран Президиум а за негов претседател бил реизбран Методија Андонов Ченто.

На Второто заседание на АСНОМ Глигоров ќе биде избран во Президиумот на АСНОМ а начинот на кој тој е избран претставува уште една интересна епизода од неговиот живот која заслужува внимание. Вистинските информации за начинот на неговиот избор тој ќе ги добие од Димитар Влахов за време на една посета во Белград. Тој на К. Глигоров ќе му каже: *Знаеш ли Киро како стана член на Преидиумот?... Па рече Влахов " Лазо го предложи во Президиумот инжинерот Киро Георгиевски- Дејан- Дејан кој му бил другар, пријател... но оној што го читаше предлогот на говорницата наместо тоа прочита Киро Глигоров"* [52]Па така сплетот на околности ќе го одведе К. Глигоров кон едно друго искуство. Изборот во Президиумот на АСНОМ ќе му даде шанса во извршната власт која тогаш се формирала. Сите тие соништа кои Глигоров ги сонувал и за кои се борел заедно со многу генерации Македонци сега биле стварност. За прв пат во историјата на македонскиот народ Македонците имале своја извршна власт, а во која ќе биде вклучен и К. Глигоров.

Во тоа време Президиумот формирал 12 Поверенства кои играле улога на влада а повереници практично биле министри.[53] За повереници најчесто биле поставувани луѓе од Президиумот, па така на К. Глигоров му било дадено да го води поверенството за финансии. Иако тоа не му била главна професионална окупација туку правото тој ќе се впушти во предизвикот. Периодот со кој се соочувала Македонија, како и Југославија бил посебно тежок заради пустошот што го оставила војната а Југославија се соочила со разрушена инфраструктура, уништено стопанство и економија  и намалено население. Од овие причини особено ќе биде тешка работата во оваа област бидејки токму од поверенството за финансии се очекувало да даде најголем придонес во возбновувањето на економијата. Тоа бил период кога во Југославија сеуште се употребувале разни валути: албански, бугарски и други

[51] Историја на македонскиот народ, том три, Скопје 1969, стр. 451
[52] Киро Глигоров, Македонија е се... стр, 76
[53] Исто, стр.76

валути што создавал монетарен хаос во тој почетен пост воен период. Пост воениот период ќе биде тежок за сите републики и секоја од нив ќе бара начин како да бидат санирани штетите кои ги предизвикала војната.

Киро Глигоров преку весниците кои доаѓале во Скопје ја следел ситуацијата во цела Југославија. Ова ќе му помогне да дознае за нивните искуства, а некои од нив и да ги забележи за потоа да ги презентира пред Президиумот на АСНОМ. Тие искуства Глигоров најпрво му ги пренесувал на Ченто а потоа се раговарало пред Президиумот и голем дел биле прифаќани.

Во моментот кога К. Глигоров бил задоволен и исполнет од тоа што го работи ќе се случи настан кој ќе даде поинаква димензија на неговата кариера и ќе ја однесе во еден друг за него неочекуван правец. Еден ден секретарката му порачала дека Л. Колишевски го вика на средба кај него.[54] По доаѓањето од затвор односно по Превратот во Бугарија од 8 септември, Лазар Колишевски се враќа во Македонија и многу брзо ќе стане водечка личност во партијата благодарение на подршката на Светозар Вукмановиќ- Темпо. Темпо имал недоверба кон македонските комунисти, а Колишевски бил израснат во комунистичкото движење во Србија, така што го сметал за свој човек преку кого без отпор ќе ја спроведува сојузната политика.

Веднаш по доаѓањето од Бугарија Колишевски ќе почне да се пресметува со неистомислениците. Блиските до народот борци како Петре Пирузе – Мајски, Панко Брашнаров, Димитар Влахов итн. ќе гледа да ги отстрани од главниот фокус започнувајќи да гради култ на личноста паралелно со она на Јосип Броз Тито. За ваквата состојба бил свесен и самиот Глигоров кај кого се појавил сомнеж веднаш штом го повикале кај Л. Колишевски. На оваа средба која тој ја датира во месец март 1945 годин Колишевски ќе му даде задача да оди во Белград. Таму требало да му даде писмо на Едвард Кардељ и да му пренесе дека Македонија е подготвена своите вишоци на храна да ги дели со останатите републики.[55] Со тоа писмо Колишевски веројатно сакал да ја исправи "грешката" која ја направил за време на Второто Заседание на АСНОМ и К. Глигоров како неподобна личност да биде испратен

[54] Исто, 76
[55] Исто

подалеку од Македонија. Освен оваа причина друга посилна причина претставува појавата на т.н промакедонска струја (автономисти и сепаратисти) во која бил вклучен и Киро Глигоров.

Во т.н.промакедонска струја која се сметала штетна за интереситена Југославија спаѓале: Методија Андонов-Ченто, Михајло Апостолски, Димитар Влахов, Лазар Соколов, Венко Марковски, Петре Пирузе-Мајски, Емануел Чучков, Павел Шатев, Крсте Гермов и Киро Глигоров.[56] Таквото мислење за него веројатно е присутно уште од времето на Приговорот за Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ и тој е окаректеризиран како дел од структура која се залага за обединување на Македонија а со тоа според групата на Колишевски се рушат меѓународните позиции на Југославија во Европа. Ова ќе биде веројатно  главната причина за негово дистанцирање од македонската политика и праќање на служба во  Белград каде би дошло до негово идеолошко „освестување .и превоспитвање“.

Покрај Глигоров, во Белград биле испраќани повеќе македонски интелектуалци, во најголем број од приговарачите на манифестот, или поранешни дејци кои се залагале за обединување на Македонија. Размислувајќи околу “проблемот на интелектуалците” Црвенковски ќе запише:“Јас мислам дека во раководството на Партијата имаше мала антиинтелектуална струја и таа доведе до тоа добар дел од интелектуалците да биде испратен надвор од Македонија затоа што не го поддржуваше болшевичкиот принцип на демократскиот централизам. Тие што сакаа да изразат свое мислење беа испраќани на разни функции во Белград. Меѓу нив беше и Глигоров, затоа што по одделни прашања беше во судир со партиското раководство.”[57]

Пристигнувајќи во Белград, Глигоров не бил свесен за сценариото на Колишевски па затоа останувањето во Белград претставувало шок не само за него  туку за целото негово семејство. Неговата сопруга Нада и неговата ќерка Лилјана се наоѓале во Скопје и не ни замислувале дека приновата која ја

---

[56] В. Ачкоска, Никола Жежов, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Скопје 2005, стр. 171

[57]Крсте Црвенковски, Мирче Томовски, Заробена вистина, Скопје 2003,стр. 70 - 71

очекувало семејството Глигорови ќе се роди во Белград.[58] Така само неколку месеци по пристигнувањето во Белград семејството Глигорови ќе се зголеми за уште еден член - нивниот син Владимир кој ќе се роди во Белград.[59] Пристигнувањето во Белград го означувал почетокот на негово ангажирање надвор од Македонија кое ќе трае 40 тина година. За ова време Глигоров ќе успее да достигне до највисоките позиции во државата како на пример: Министер за Финансии, Претседател на Собранието на СФРЈ, Потпретседател на Сојузен извршен совет итн.

**Глава 2**

## Политичка кариера во СФРЈ

### 2.1 Пристигнувањето во Белград и првите политички искуства во престолнината

Веднаш по средбата со Лазар Колишевски која како што погоре напоменавме се случува во месец март 1945 година со воз Киро Глигоров заминува за Белград. Откако пристигнал во југословенската престолнина, тој се упатува во зградата на Сојузното собрание со цел да оствари средба со Едвард Кардељ и да го предаде писмото кое го носи од Л. Колишевски. Средбата со Едвард Кардељ ќе помине сосема неочекувано бидејќи самиот Глигоров не бил свесен дека се работи за негово политичко остранување од Македонија. За време на средбата Глигоров ќе го реферира тоа што му било кажано, односно дека Македонија сака сите вишоци на производи да ги подели со останатите републики во Југославија но кај Едвард Кардељ непостоела заинтересираност за таа тема што предизикало зачуденост кај Глигоров. Во моментот кога тој завршува со реферирањето Едвард Кардељ го упатил на работни задачи кај Митар Бакиќ кој во тоа време е секретар на Владата но и шеф на кабинет на Јосип Броз Тито.  Иако ова ќе предизвика зачуденост сепак тој ги прифаќа работните задачи со што започнува неговата работа во Белград која ќе трае речиси колку и целиот негов работен век.

[58] К. Глигоров, Македонија е се..., стр. 80
[59] Исто, стр 686

Првото работно место на Глигоров во Белград ќе биде на некој начин недефинирано бидејки немал конкретни работни задачи. Но поради една случајност тој набрзо ќе стане помошник на Митар Бакиќ.[60] Се работи за пишување на телеграми на странски државници кои ќе ги напише К. Глигоров. Овие телеграми ќе покажат дел од неговиот потенцијал што ќе биде забележано од Бакиќ. По оваа случајност неговата професионална кариера повторно се нашла пред крстопат. Бакиќ му понудил дипломатска кариера со тоа што му било понудено местото советник во амбасадата на Југославија во Лондон. Сепак К. Глигоров сметал дека дипломатијата не е област каде тој би бил најпродуктивен и тој предлог ќе го одбие. После ова одбивање К. Глигоров ќе добие постојано место а тоа било записничар на Стопанскиот совет со кој раководел Борис Кидрич. Неговата задача била да ги следи сите седници на советот и да запишува се што е расправано како и сите забелешки а после сето тоа да биде доставувано до Јосип Броз Тито со цел да биде во тек со овие работи. К. Глигоров самиот ќе изјави дека бил задоволен од оваа работа: *сметав дека ми отвара добра перспектива.*[61] Овој совет практично претставувал мала влада бидејки во него биле сите позначајни министри а се решавале прашања како што биле: утврдување на буџетот, одлуки за плати и сл. Со оглед на составот кој бил вклучен во овој совет може да се каже дека тоа ќе биде драгоцено искуство кое што К. Глигоров ќе го добие работејки на оваа позиција. Така ќе добие можност своите вештини да ги развива покрај добро едуциран и организиран кадар  кој особено внимавал да се држи до социјалистичките принципи. На ова посебно внимавал Борис Кидрич како раководител на овој совет.

Во тоа време бидејки се работи за пост воен период почнало еднократно да се помага на населението што почнувало да станува сериозен товар за државата. Една од одлуките кои ќе бидат донесени од страна на Советот по сугестија на Глигоров токму во овој правец со цел заштитување на интересите на државата ќе биде регулирање на кредитниот однос.[62] Иако најпрво ќе има отпор од страна на Борис Кидрич оваа одлука ќе помине и ќе биде решено

---

[60] Митар Бакиќ бил учесник во НОВ а прогласен за Народен Херој. Бил еден од најблиските соработници на Ј.Б. Тито и прв Генерален Секретар на владата на ФНРЈ
[61] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.80
[62] Исто,стр. 81

овие односи да бидат регулирани на тој начин што секој кој користи државни пари да плати камата со што започнуваат класичните кредитни односи во Југославија. Ова ќе биде една од одлуките кои ќе станат пракса во југословенската економија а во која голема улога има К. Глигоров како носител на таа идеја.

Како пост воен период во време на незазадравена економија населението се соочувало со низа потешкотии кои го нарушувале нормалниот живот на граѓаните. Тоа било време кога имало недостаток на основните прехрамбени продукти и  на нафта па предизвикот на Стопанскиот совет бил голем. Борис Кидрич освен претседател на Стопанскиот совет ќе биде и координатор на стопанските ресори и решавањето на сите проблеми во државата биле под негов надзор.[63] Близината која ќе ја има К.Глигоров со Борис Кидрич а подоцна ќе стане и негов помошник ќе му овозможи од прва рака да се запозне со проблемите и со начинот на нивното решавање. Освен реалниот пристап кон проблемите важно ќе биде и запознавањето со функционирањето на цел не само економски туку и политички и државен систем на Југославија.

Во 1946/47 година Југославија почнала да се поврзува со меѓународната економија преку членството во двете најзначајни економски институции во светот: Меѓународниот монетарен фонд и Светската Банка. Бидејки Југославија се наоѓала во процес на обнова на земјата неопходно и било да дојде до финансиски средства кои ќе помогнат во обнова на земјата. Се појавила идејата Југославија да земе заем под поволни услови кој потоа би и го вратила на Светска Банка. За таа цел од страна на Светска Банка била испратена делегација која требала да се запознае со економските потенцијали на земјата. Делегација била примена  од страна на Борис Кидрич но набрзо ќе биде предадена на К.Глигоров кој бил задолжен да ја придружува истата. Овој настан бил само уште едно богато искуство од школата на Б. Кидрич и Глигоров ќе има прилика да го стекне своето прво искуство од областа на дипломатијата.

[63] Исто

Работливоста и дисциплината како одлики кои го опишувале К. Глигоров биле доволни Борис Кидрич да стекне доверба во него. Во текот на 1947 година поради ваквата доверба К. Глигоров ќе добие нова задача и ново работно место а тоа било во Министерството за Финансии каде требало да биде помошник на тогашниот министер Сретен Жујовиќ.[64] Тоа било период кога во Југославија требало да се изведе првиот Петгодишен план а сето тоа требало да оди во координација со министерството за финансии. Министерството за финансии во тоа време било составено од економисти кои за кои планскиот систем непретставувал позитивни работа но се работело за интелектуалци кои своето образование го стекнале на запад па таквите размислување се нормални имајки го во предвид фактот дека општествата во кои тие студирале биле капиталистички и социјалистичките идеи за нив биле туѓи. Па така ова промена тешко ја прифатиле но сепак задачите кои ќе ги добијат ќе ги сработуваат и ќе придонесат за создавање на првиот Петгодишен план. Во целиот овој процес активна улога ќе има К. Глигоров како помошник на министерот за финансии С. Жујовиќ. Овој прв план претставувал првата покомплексна задача бидејки се работи за план кој треба да го опфати планирањето од претпријатија се до федерација.[65] Власта инсистирала на таквиот начин на работа на финансиски планови и тоа по претпријатија, здруженија, републики, федерација но К. Глигоров уште веднаш после неговото проектирање изразил сомнеж за негово можно реализирање бидејки реалноста во секојдневниот живот особено предизвикана од поствоениот период не била секогаш таква каква што била напишана на тие парчиња хартија. Планот, строго централистички проектиран, бил всушност копија на советските петтолетки и бил базиран врз форсирање на тешката индустрија, за сметка на земјоделството. И покрај сомнежите на Глигоров и на бројни други кадри од Македонија (Лазар Соколов, Петре Пирузе, Кирил Петрушев, Васил Калајџиски итн.) во реалноста на планот, сепак задачата која им била дадена на Министерството за финансии и на Глигоров во тие рамки, ќе биде успешно завршена.

---

[64] Исто, стр. 86
[65] Исто

Крајот на 1947 и почетокот на 1948 година К. Глигоров ќе ја дочека како вработен во Министерството за финансии. Тоа бил период кога Југославија се нашла пред огромен предизвик поради судирот кој Јосип Броз Тито ќе го има со СССР и Јосиф Васарионовиќ Сталин. Причина за ваквиот конфликт може да се бара во идејата за формирање на Балканска Федерација и блиските релации кои ги имале лидерите на Југославија и Бугарија, Јосип Броз Тито и Георги Димитров. Ваквата идеја за Балканска Федерација значело загрозување на руските интереси на Балканот и нереализирање на договорот Сталин-Черчил од 9 октомври 1944 во кој било предвидено СССР да има 75% влијание во Бугарија. Информбирото кое било формирано како организација за подобра соработка на комунистичките партии ќе претставува алатка за контролирање на партиите членки од страна на СССР.[66] Во таа насока ќе биде и одлуката која ќе биде донесена на состанокот на Информбирото одржан во Букурешт во периодот од 20 до 28 јуни 1948 година и е позната како Резолуцијата на Информбирото каде Југославија била обвинета дека води непријателска политика кон СССР и дека ги застапува империјалистичките интереси. Ваквата политичка ситуација ќе го натера југословенското раководство уште подоследно да ги почитува социјалистичките принципи особено национализацијата[67] и колективизацијата[68] кои се спроведувале во овој период.

Во целата хаотична политичка ситуација биле формирани комисии кои оделе од место во место со цел да видат како се спроведуваат овие процеси. К. Глигоров ќе биде член на една од многуте комисии кои биле формирани за таа намена. Тоа бил период и кога раководството на КПЈ остро постапил кон секој оној кој ја подржувал политиката на СССР а самиот К. Глигоров ќе го дефинира како време-невреме. Сомневајќи се во верноста на секој поединец раководството на чело со Ј.Б. Тито ќе издаде наредба на безбедносните служби сите да бидат следени со цел навремено да се спречат внатрешни влијанија кои би ја загрозиле положбата на раководството и би застатанале во

[66] Свет после другог светског рата, Слобода Београд 1975, стр.360

[67] Во социјалистичка Југославија биле спроведени три национализации – 1946, 1948 и 1958 година, со што целокупната индустрија и крупната трговија преминале во државни раце.

[68] Колективизација, односно создавањето на Селски работни задруги започнало веднаш по војната врз доброволна основа. По судирот Тито-Сталин, на Вториот пленум на ЦК на КПЈ од јануари 1949 година започнало форсирање на СРЗ кое најчесто се спроведувало со примена на репресија врз селанството.

одбрана на руските национални интереси... а многу често се давало нивна поврзаност со странство.[69]

Во Југославија, за време на судирот на КПЈ со Информбирото имало премногу случаи кои биле следени од безбедносните служби а еден од нив ќе биде и К. Глигоров. Безбедносните служби особено внимавале на јавните истапувања и ставовите кои биле искажани за време на тие настапи. Безбедносните служби примениле и друга тактика а тоа е собирање на изјави од најблиски соработници и пријатели на личностите кои биле избрани како мета за следање[70]. Така К. Глигоров во своите спомени истакнува дека некои пријатели од кои најмалку очекувал такво нешто зборувале против него а вистината се дознала кога ситуацијата со СССР се смирила и голем дел од нив ги добиле нивните досиеја. За ова тој ќе каже: *Меѓу нив имаше и една изјава од Ленче Арсова а најмалку би се надевал дека таа би можела такво нешто да каже за мене... Киро е паметен и интелегентен и знае многу работи ама треба да се внимава на него зошто тој има разбирања што не се баш марксистички.*[71] Ваквите размислувања веројатно се темелеле на багажот што позади себе го носел К. Глигоров посебно поради идеите за обединување на Македонија. Ова било прилика и за лични одмазди па така добар дел на луѓе биле затворани врз основа на овие извештаи а биле и грубо третирани, омаловажувани итн. Голем дел од македонските интелектуалци ќе настрадаат баш во овој период, како на пример: Панко Брашнаров Павел Шатев, Петре Пирузе Мајски итн[72]. Имајки во предвид дека идеите за кои овие дејци се бореле се идентични со тие на К. Глигоров самиот тој прашува: *не бев ли и јас на тој список на "децата на Револуцијата" што си ги изеде сама.*[73] А дека негови непријатели постоеле најдобро говори следниот настан кој претставува само еден од низата настани кои се сервирани во Македонија а му оневозможуваат да напредува во својата кариера во Белград. Бидејки дошло

[69] Петре Пируза-Мајски, Време,Живот, Дело(1907-1980), Тодор Чепреганов, Сепаратизмот и антисепаратизмот на Петре Пируза-Мајски, Скопје 1997, стр. 165

[70] Во полициските досијеа на Васил Калјџиски, Петре Пирузе –Мајски, Кирил Петрушев и други се наоѓаат повеќе белешки и искази на Глигоров кој бил повикуван од страна на УДБА, како и сите наведени личности (Податоци од истражувањата на проф. д-р Виолета Ачкоска).

[71] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 91

[72] Голем дел од интелектуалците биле обвинувани за загрозување на државата и биле затворани и носени на островот Голи Оток

[73] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 92

до отстранување на Сретен Жујовиќ од функцијата министер за финансии, министерското место останало испразнето. По мислење на Едвард Кардељ и Борис Кидрич за нов министер требало да биде назначен Киро Глигоров. Но К. Глигоров бил свесен за евентуални реакции од Скопје затоа ќе му предложи на Е. Кардељ најпрво да се консултира со раководството во Скопје. Како и што очекувал раководството од Скопје се спротиставило на таквата одлука.Раководството на партијата во Македонија сеуште неможело да ги заборави ставовите на К.Глигоров пред и по војната особено оние за обединување на Македонија кои се сметале за штетни а К. Глигоров бил сметан за националист. Конечниот одговор бил дека сеуште е млад за таква одговорна функција. Секако дека ова образложение не ја дава вистинската причина имајки го во предвид фактот што после ослободувањето и одржувањето на Второто заседание на АСНОМ  како уште помлад добива задача да го води ресоорот за финансии во Македонија. И покрај тоа што одговорноста на раководење на сојузничко ниво е поголема сепак овој податок зборува дека македонското раководство во Глигоров сеуште гледале како недоверлива личност. По овие настани за нов министер за финансии ќе биде поставен Милентие Поповиќ а Киро Глигоров ќе биде поставен како помошник.

Во време на министерувањето на М. Поповиќ, К. Глигоров ќе биде еден од главните раководители во Министерството за финансии и практично ќе ги има најголемите обврски во министерството. За време на М. Поповиќ главните работи околу изготвување на буџетот оделе преку К. Глигоров кој изработениот план го носел кај Поповиќ а овој само потпишувал. Во истиот  период во Белград почнал да излегува и весникот „Економска политика'. Овој весник требало да послужи како средство за информирање на граѓаните од областа на економскиот развој. Идејата за формирање на еден таков весник дошла од Борис Кидрич кој го формирал тимот што требало да работи на весникот.[74] За главен уредник бил поставен Јаша Давичо а во редакцијата влегле и К. Глигоров, Влајко Беговиќ и Добривое Боби Радосавлевиќ.

Соработка на Глигоров со М. Поповиќ нема да трае долго бидејки во 1953 година доаѓа до промена на министерското место и на местото на М.

[74] Исто, стр 94

Поповиќ дошол Добривое Боби Радосавлевиќ.[75] Како што веќе споменавме соработка помеѓу К. Глигоров постоела уште за време на весникот „Економска политика" но тие се познавале уште од време на војната кога Боби Радосавлевиќ дошол во Македонија како инструктор на ЦК на КПЈ. Меѓутоа и оваа соработка не траела долго заради сообраќајна несреќа која ја доживеал Боби Радосавлевиќ. Се поставило прашањето што понатаму со Министерството за финансии а Борис Кидрич како најголем авторитет од областа за финансиите во Југославија дал идеја министерството за финансии да се преименува во Министерство за буџет а Народната Банка на Југославија да се оддели од Министерството за финансии. К. Глигоров ќе остане да работи во овој сектор а нов министер во новоформираното министерство за буџет ќе биде народен херој Радосавлевиќ кој носел презиме како и неговиот претходник. Новиот министер ќе ја има судбината на неговите претходници и нема долго да се задржи во министерството за буџет. Тогаш завршил и ангажманот на К. Глигоров кој повторно ќе биде вратен во Сојузниот Извршен Совет.

Заради промената на различни работни места во сојузните органи, самиот Глигоров кажува дека станало традиција тој да добива задачи на места каде се испробувале нови идеи и се спроведувале нови реформи. Во овој период Едвард Кардељ наметнал идеа да биде формирано тело т.н чиновничка влада која би била составена од седум/ осум лица кои би работеле независно од постојните министерства.Главната замисла на ова ново тело била да се занимава со стопанските работи но независно од постојните министерства а независно дури и од самата влада. Се создала потреба од добра координација на ново формираното тело но и со постојната влада на Сојузниот извршен совет. На предлог на Едвард Кардељ за координатор на ова тело бил поставен Киро Глигоров кој ја добил титулата секретар за стопанство. Работата на ова тело била специфична заради функционирањето како втора влада. Според надлежностите како координатор на новоформираното тело К. Глигоров бил принуден да учествува на сите седници.[76] Но ова ноформирано тело наишло на негодување кај владата бидејки ниту еден предлог и ниту едно

[75] Исто

[76] Исто,стр. 96

мислење на чиновничката влада неможело да помине на Сојузниот извршен совет. Така се создало впечаток дека всушност функционираат две влади. Но оваа работа нема да трае за долго бидејки многу набрзо во наредната 1953 година К. Глигоров ќе добие нова задача а тоа било во Сојузниот совет за планирање. Во оваа институција тој ќе биде еден помошниците на директорот Заводот за планирање Сергеј Крајгер. Оваа институција била една од позначајните во државата бидејки претставува една од базите на социјализмот и т.н планска економија. Освен секторот планирање овој завод ќе се занимава и со следењето на новите економски промени и движења а подготвувал и извештаи за економски периоди кои биле тримесечни а потоа се подготвувале и месечни. Во оваа институција К. Глигоров ќе работи во периодот од 1953 до 1955 година.

## 2.2 Учеството во Југословенските реформи

Како што веќе споменавме уште со самото формирање на Југославија беа прифатени социјалистичките принципи кои на економски план значеа т.н планска економија или донесување на петгодишен план(петтолетка). Првиот план во Југославија беше донесен во 1947 и требаше да заврши до 1951 година.[77] Во првиот петгодишен план акцент беше ставен на индустријализацијата и електрификацијата. Реализацијата на планот беше одложена заради судирот со Информбирото и откажувањето на помошта од СССР и другите социјалистички земји. За време на судирот, како што кажавме се спроведуваше колективизација на селото и национализација на приватната сопственост. Процесот на колективизација особено беше тежок за селаните во Југославија бидејки требаше да се откажат од својата земја за која беа традиционално врзани во корист на ново формираните селски задруги а во Македонија.[78] Работничките права исто така не беа на некое високо ниво имајки го во предвид фактот дека индустријата во Југославија почнуваше да се развива во овој период и имал за цел да изврши урбанизација (деаграризација)

[77]Branko Petranovic, Istorija Jugoslavije, treca knjiga, Socijalisticka Jugoslavija(1945-1988), Nolit Beograd, стр. 117

[78] Види поопширно: Виолета Ачкоска, Задругарството и аграрната политика 1945-1955 година, Скопје 1994; Виолета Ачкоска, Егзодусот на македонското селанство во социјализмот, Скопје 2007.

на селата[79]. Така ќе се појават повеќе идеи за воведување на економски реформи во Југославија со кои државата би добила свое автентично уредување но да не отстапува од комунистичките принципи.

Југословенското раководство, директно соочено со нападот на Сталин почна да бара патишта за напуштање на сталинистичкиот модел во стопанството. Така ќе се појават идеите за формирање на работнички совети и работничко самоуправување на претпријатијата со кои ќе започне процесот на појавување на т.н мек социјализам кој ќе биде различен од оној во СССР и неговите сателити држави. Во поглед на планирањето следувала т.н децентрализација бидејки изготвувањето на плановите се спуштило до општинско ниво односно до општините. Сите овие општествено-економски промени започнале во 1952 година, зацртани во резолуциите на Шестиот конгрес на партијата, која тогаш ќе се преименува во Сојуз на комунисти, а биле уставно инаугурирани со Уставниот закон од 1951 година. Така во југословенската општествена практика започнува период кога се намалува советското влијание на политички.[80]

Во истиот период заради блокадата од Исток и слабите врски со Запад, Југославија трпи големи економски штети.[81] Единствен излез за државата во овој поглед било земањето на странски кредити бидејки воведување на реформи по западен тек би ја нарушило идеолошката основа на Југославија како комунистичка земја. Како позитивен момент се појавува моментот на склучување на договори со странски фирми и влади кои подразбирале правење на делови во Југославија за нивните модели пред се на автомобили за нивните фабрики кои потоа би го патентирале моделот врз основа на тие делови.[82]

Во овој турболенетен период К. Глигоров се наоѓа во епицентарот на настаните бидејки од 1956 година добива нова функција во СИС а тоа било секретар за општостопански работи. Како секретар на Секретаријатот на СИС за општостопански работи К. Глигоров имал задача да учествува на седниците

[79]Branko Petranovic, Istorija Jugoslavije…, стр.120
[80] Исто
[81] Исто, стр. 219
[82] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр 98

на СИС и да изготвува економски анализи по потреба на владата. Како секретар К. Глигоров во тој период ќе има можност да соработува за едни од највлијателните политички имиња во Југославија во тој период. Тој ќе биде дел од кабинетот на претседателот на СИС Петар Стамболиќ а тесно ќе соработува и со потпретседателот Борис Кајгер. На оваа функција К. Глигоров ќе се задржи 7 години се до 1962 година кога ќе добие можност на раководи со Министерството за финансии.

Неговиот престој во Белград веќе навлегувал во 18тата година и за тој временски период со својата работа и лојалност успеал да стекне авторитет во политичките кругови. Заради променетите услови во Македонија (во 1963 година Колишевски ја напушта водечката партиска позиција) одлуката за тој да застане на чело на Министерството за финансии овој пат не добила непријателски контекст во Скопје и на оваа функција тој ќе остане се до 1967 година. Слободно може да се каже дека тоа е уште еден турболентен период и дека во неговиот мандат како министер за финансии се случиле неколку важни настани како на пример: скопскиот земјотрес, Стопанската реформа од 1965 година, смени на позицијата претседател на СИС итн.

Во шеесеттите години економската состојба во Југославија почнала да се влошува. Се чуствувало назадување во стопанството и видлива била неконкурентноста на југословенските производи на европскиот пазар. Дополнително влошување имало и заради нереалната проекција на буџетот кој бил поголем од колку што реално требало да биде. Состојбата со Народната Банка на Југославија била таква да нејзина главна цел не била стабилноста на денарот туку надополнување на буџетската дупка. Оваа дупка не се пополнувала на реална економска основа базирана на приходи туку врз основа на печатење на пари онолку колку што е потребно да се пополни таа буџетска дупка. За таа цел под нејзина управа беше печатницата за пари во Топчидер која работеше во три смени.[83] Оваа пополнување на буџетската дупка само ја потикнало инфлацијата која довела до работничкото незадоволство. Се јавиле притисоци на синдикатите кои барале платите да ја следат инфлацијата. Ова значело удар врз обичниот работник кој најмногу ја чуствувал инфлацијата.

[83] Исто, стр. 100

Поради ваквата состојба незадоволството кај работниците растело а воопшто не непомогнала пропагандата со која се креирала лажна економска слика. Оваа состојба ќе кулминира со појава на штрајкови (прекин на работа) кои всушност ќе покажат дека во Југославија се неопходни реформи за подобрување на економската состојба.

Политичка елита на Југославија станала свесна дека постојниот економски систем е тешко одржлив и дека ќе биде неопходна промена. За ова се разговарало на највисоко ниво односно на седниците на СИС и се одлучило да биде формирана комисија која ќе го даде првичниот концепт на промени. Оваа комисија била составена од 7-8 члена а на нејзино чело стоел Борис Крајгер.[84] Во оваа комисија по службена должност како министер за финансии учествувал и К. Глигоров. Треба да се напомене дека во комисијата биле вклучени и стручни лица и професори со цел да помогнат за изнаоѓање подобар концепт. Првите анализи на комисијата покажале дека производствената технологија е прилично застарена во споредба со европските трендови и дека заостанува 5 до 10 година споредбено со нив. Ова значело дека фабриките во Југославија не се конкурентни на европскиот пазар и дека треба модернизирање на фабриките. За да има извоз на југословенските производи вклучително и земјоделските прозиводи неопходно било тоа да биде стимулирано од државата а тоа значело дополнително оптоварување на буџетот на федерацијата. Посебно оптоварување за буџетот на Југославија претставувал и воениот буџет кој секоја година енормно растел. Треба да се каже дека што се однесува до воениот буџет факт е дека таму имало реални трошоци но и дека имало изградба на објекти кои никогаш не биле искористени а чинеле многу пари.

Во тоа време БиХ била определена како стратешки регион и таму се граделе подземни аеродроми и бункери во кое би се засолнило југословенското раководство за време при евентуален напад врз Југославија. Сите овие предизвици биле големи а комисијата требала да предложи реформи за подобрување на состојбата. К. Глигоров сметал дека овие реформи не треба Југославија да ги прави сама туку треба да ги види

[84] Борис Крајгер бил учесник во НОВ и народен херој, од 1953 до 1962 ја извршувал функцијата Претседател на Сојузен извршен совет. Загинал во сообраќајна несреќа во јануари 1967 година

светските искуства од оваа проблематика и да ги имплементира врз основа на потребите на Југославија и дека според западните искуства државата треба да има своја конвертабилна валута. Овие размислувања тој ќе ги даде до комисијата и ќе бидат прифатени а ќе биде одлучено помош да се побара од Меѓународниот монетарен фонд.

Соработката помеѓу Југославија и Меѓународниот монетарен фонд ќе започне веднаш и во Југославија ќе пристигне првата делегација. На првите средби комисијата на Југославија ги презентирала анализита до кои дошла и ги истакнувала своите предлози за започнување на реформата. На крај било дискутирано дали таквите предлози би можело да бидат реализирани. Посебно горчлив проблем претставувал надворешниот долг што го имала федерацијата. Во врска со ова прашање Претседателството на СФРЈ донело многу непопуларно решение а тоа е државата да не ги враќа долговите туку тој што ги направил. Во овој случај тоа биле републиките и нивните претпријатија што претставувал уште еден удар врз буџетот на републиките. За таа цел била подготвена и извршена нова реформа во средината на 1965.[85]

### 2.2.1. Стопанските реформи во 1965

По одржувањето на Осмиот конгрес на СКЈ во 1964 година каде дошле до израз разликите во СКЈ на национален план, а за кои јавноста не била информирана, сепак на дневен ред се поставило прашањето за задравување на стопанското назадување. Првата седница на новиот Извршен комитет избран на Осмиот конгрес се одржала на 28 јануари 1965 година во новата зграда на ЦК на СКЈ, на нов Белград. Главната дискусија на седницата се водела околу промените и односите на цените и курсот на динарот односно околу подготовките на “Стопанската реформа”. Прв за збор се јавил Крсте Црвенковски кој безрезервно го поддржал курсот на Владата. Всушност на седницата, според Глигоров неколкумина говореле мошне слободно. „Тие истакнуваа дека било крајно време нешто да се направи. Дека ние мораме да одиме кон слободна трговија, кон либерализација, дека курсот на динарот

[85] Стојан Андов, На мој начин, Скопје 2003, стр 62

треба да се насочи така што, за некоја перспектива од две-три години, да имаме конвертибилна валута исл.“[86]

Бидејќи на економски план ситуацијата во Југославија станувала загрижувачка, работата на Комисијата за спроведување на реформи била една од клучните работи поврзани со иднината на југословенското стопанство. Комисијата својата задача си ја сфатила максимално сериозно и набрзо покажала конкретни резултати. Според комисијата овие реформи треба да ги регулираат на нов начин финансиските односи помеѓу општествено-политичките заедници и облици на финансирање на работните организации во различни области на општестовените служби.[87] Првиот почетен концепт кој го направила комисијата бил опишан на 120 страни со што се покажала потреба да биде поедноставена па така било направено резиме кое опфаќало околу 35 страни.[88] За ова реформа К. Глигоров ќе каже: *Практично се напушти административното регулирање на квоти за извоз, за уво, се воведе можност девизите да ги користи тој што ги заработил, но и да си ги плаќа долговите од друга страна. Тоа беа моменти кои говореа дека наскоро ќе се промени ситуацијатано прашање беше како ќе се снајдат сите оние кадри што немаа абер за тоа.*[89]Овие зборови на К.Глигоров покажуваат дека со оваа реформа се менува еден цел концепт кој дотогаш бил практикуван и дека новите  реформи укажуваат на тоа дека претпријатијата треба да се грижат и да работат на својата ликвидност, бидејки со новите реформи не се дозволени дотации на загубарите или пак оние што не успеале да ги соберат своите приходи.

СИС го прифатил предлогот на комисијата но како и сите други суштествени одлуки кои требало да се донесат во државата така и овие реформи требало да поминат со политичка одлука. Оваа одлука нормално требало да ја донесе ЦК на СКЈ како највисок политички орган во државата. Задачата реформите да бидат презентирани пред ЦК на СКЈ му припаднала на К. Глигоров. За негова жал ова ќе се поклопи со еден трагичен настан во неговото семејство а тоа е смртта на неговиот татко. Но и покрај лошиот

---

[86] Киро Глигоров, Македонија е..., стр. 105-106.
[87] Киро Глигоров, Сите југословенски(стопански)реформи, Скопје 2006, стр. 94
[88] Исто
[89] Киро Глигоров, Македонија е се... стр. 104

момент тој ќе собере сила и ќе ги презентира новите реформи. Овие реформи предвидувале и промена на работата на Народната Банка на Југославија. Дотогаш главна задача на Народната банка била печатењето и ковањето на пари.

Со реформата било предвидено печатењето на пари да биде несвоеволно и во согласност со владата како и да го брани курсот на динарот а сето ова треба да овозможи регулирање на односите со банките. Тоа регулирање на односи предвидувал банките да имаат задолжителни резерви, па ако се види дека имаат акумиларно поголем ликвиден капитал да овозможат кредитирања кои би значеле нови инвестиции но и нови работни места. Дискусијата во ЦК на СКЈ поминала без некоја поголема дебата па така наредно било оваа реформа да помине во Сојузното Собрание. Во Собранието состојбата била поразлична за разлика од ЦК на СКЈ. Кај дел од пратениците се изразил сомнеж дали реформите одат во вистински правец односно дали тоа може да доведе до капитализам, приватизација и дали можеби овие реформи би го загрозиле социјализмот во Југославија.[90] Оваа работа се завршила во 1965 година со тоа што била изгласана во Собранието. Оваа реформа практично значела општествено самоуправување врз принципот на наградување според трудот и се истакнувала улогата на прозиводителите и на работните организации.

Резултатите од реформата во првата година биле задоволителни особено во делот на извозот и работењето со странство. Во 1965 година зголемувањето на девизните резерви изнесувало 238 милиони долари додека расходите биле зголемени за само 7 милиони долари. Тоа овозможи дефицитот на платниот биланс кој во 1964 година изнесувал 233 милиони долари да се елиминира во 1965 година, односно да се оствари вишок од милиони долари.[91] Со оваа реформа се предвидело 100 динари да станат 1 динар а се утврдил и нов курс спрема доларот. Во Нацртот на среднорочниот план... внесена е обврска до 1970 година да се формираат резерви во конвертабилни девизи и во злато во износ од 500 милиони долари. Тоа би била солидна основа за обезбедување на вредноста на динарот во меѓународните

[90] Стојан Андов, На мој наин...,стр 64
[91] Киро Глигоров, Сите југословенски(стопански)реформи.. стр. 118

плаќања.[92] За да се постигне ваквата проекција било неопходно да се подобри моменталната состојба на банката која изнесувала 127 милиони долари како и 45 милиони долари како побарувања кои биле стекнати во размена со другите социјалистички земји. Со оваа проекција било предвидено до 1970 година да се видат првите видливи резултати кои би значеле подобрување на југословенската економија. После гласањето во Сојузното собрание К. Глигоров ќе добие повисока функција каде главна задача била да се грижи за споведувањето на зацртаните реформи. На оваа функција К. Глигоров ќе остане се до 1967 година кога станува потпретседател на СИС.

### 2.2.2. Скопскиот земјотрес од 1963 годинаи улогата на Киро Глигоров во обновувањето на Скопје

Додека Југославија имала потреба од реформи и подобрување на економијатакога состојбата во државата барала подобрување во Скопје ќе се случи настан кој длабоко ја потресува целата Југославија. На 26 јули 1963 година во 5 часот и 17 минути во Скопје се случил катастрофален земјотрес кој практично го уништува градот. Ударот кој го нанесува природата е страшен со 6.1 степен од рихтеровата скала. Сликата во Скопје била катастрофална: разурнати згради и куќи, уништени улици, голем број на жртви итн. Последиците за градот биле страшни каде над 200000 луѓе ќе останат без покрив над главата а 1070 граѓани ќе го загубат својот живот. Во една таква ситуација секоја помош била добредојдена но прва која се очекувала да помогне и која помогнала била државата. Најпрво помошта ќе пристигне од војската(ЈНА)како и од граѓаните од другите републики кои дошле да учествуваат во расчистување на урнатините. Многу набрзо почнале да пристигнуваат спасувачки екипи од целиот свет. Интересен е податокот што тоа било за прв пат за време на студената војна на едно место да се најдат американски и советски војски. Целиот државен врв несебично се солидаризирал и на чело со Јосип Броз Тито веднаш, другиот ден се упатил за Скопје. Веста за катастрофалниот земјотрес К. Глигоров ќе ја дочека во Белград. Заедно со Ј.Б. Тито во Скопје пристигнал и Киро Глигоров кој бил задолжен од СИС да изработи програма за обнова на градот. Во Скопје во

[92] Исто, стр. 119

вилата на Водно биле пречекани од туку што наименуваниот генерален секретар на Сојузот на Комунистите на Македонија Крсте Црвенковски..како и градското раководство со Благој Попов, Митко Мицајков и други.[93] Државното раководство одлучило да биде направена програма за обнова на градот. Програмата за обнова требало да ја изработат К.Глигоров заедно со Александар Грличков и Асен Симитчиев.[94] Било предвидено програмата најпрво да се изработи во Скопје каде би биле пресметани сите потреби на градот а после изработката на програмата К. Глигоров требало истата да ја однесе во Белград на одобрување од страна на СИС. Конечната пресметка на програмата за обнова опфаќала многу пари со оглед на катастрофата што се случила. Затоа македонската страна гледала со резерва околу прашањето колку средства ќе бидат одобрени. Ова прашање ќе биде потикнато поради неизвезноста од тоа како оваа сума ќе ја прифатат другите земји во федерацијата.

Според зборовите на К. Глигоров со помош на Претседателот на СИС Петар Стамболиќ како и со помош на потпретседателот Борис Кајгер овој план ќе биде прифатен особено поради страотните слики кои ги виделе во Скопје. За ова К. Глигоров ќе каже: *Потпретседателот Борис Кајгер зеде збор и кажа дека и самиот го посетил Скопје, дека сите може да се убедат оти катастрофата е огромна, дека ние сега треба да покажеме оти сме солидарни...*[95] Останува впечатокот дека комисисјата за пресметка добро си ја сработила програмата а дека удел во сето тоа има К. Глигоров кој несебично се вложил во целата таа работа. Но тука треба да се истакне и волјата на целиот државен врв кој изразил спремност да помогне во целата оваа работа.

Во овој период Скопје добива помош од целиот свет кој се соеднил со една помисла да се обнови разурнатиот град а вкупно 87 држави испратиле помош во градот. Поради сета помош која Скопје ја добило од сите страни во светот со право се нарекува град на солидарноста. Иако разурнатиот град добил голема меѓународна помош, сепак без учество на државата обновата не би била целосна. Сликите кои биле затекнати биле ужасни и несомнено

[93] Киро Глигоров, Македонија е се...,стр.107
[94] Исто
[95] Исто, стр.108

придонеле помошта на државата кон градот да биде голема но добро изработениот план ќе придонесе средствата кои биле одобрени да бидат прифатени од сите републики во Југославија а тука улогата на К. Глигоров ќе биде навистина значајна. Овој настан дефинитивно ќе биде  симбол на братството и единството кое се применувала како идеологија бидејки целиот настан ги поврзал сите земји од Југославија. Тоа е присутно и во зборовите на Јосип Броз Тито кој ќе изјави: *Скопје доживеа невидена катастрофа, но Скопје повторно ќе го изградиме. Тоа ќе стане гордост и симбол на братството и единството, на југословенската и светската солидарност*.[96]

## 2.3 Во врвот на југословенската држава

Првата седница на новиот Извршен комитет избран на Осмиот конгрес се одржала на 28 јануари 1965 година во новата зграда на ЦК на СКЈ, на нов Белград.

Во периодот од 1965 до 1967 година во Југославија почнале да се спроведуваат реформите а К. Глигоров како  дел од сојузната администрација добива одговорна  задача да надгледува како се одвива спроведувањето на Стопанската реформа. Во 1967 година еден случаен настан ќе му донесе нова функција која ќе биде највисока што дотогаш ја има извршено К. Глигоров а тоа е потпретседател на СИС. За време на новогодишните празници на почетокот од 1967 година се случила сообраќајна несреќа во која загинува потпретседателот на СИС Борис Крајгер.[97] Оваа несреќа го потресува политичкиот врв во Југославија бидејки се работело за политичар од највисокиот врв на државата и една од поистакнатаите личности во политичкиот живот во Југославија. Се поставило прашањето кој би го заменил Борис Кајгер и кој би бил нов потпретседател. На предлог на Петар Стамболиќ бил именуван К. Глигоров. Петар Стамболиќ сметал дека поради тоа што веќе имаат работено заедно со Борис Крајгер и е упатен во работата особено во делот на спроведување на реформите дека логична замена би бил К. Глигоров.[98]

---

[96] Исто, стр. 107
[97] Исто, стр. 111
[98] Исто

За време на неговиот мандат како потпретседател на СИС но и за време на другите високи позиции во федерацијата ќе се случат повеќе интересни политички случувања но она што е обележје на државата во овој период е развојната политика која предвидувала развој на неразвиените подрачја. Самиот термин неразвиени подрачја предизвикал големи дебати во политичкиот врв на СФРЈ бидејќи се поставило прашањето кои подрачја би влегле во т.н неразвиени. Општ заклучок бил дека нај алармантна била состојбата со Косово и дека таму треба да се работи многу на нејзино подобрување. Што се однесува до Македонија исто така не било спорно дека треба да се најде на таа листа а тука била и Црна Гора. Најголема дебата настанало за тоа дали БиХ треба да се најде на таа листа бидејки државата дотогаш доста вложувала таму. БиХ била сметана за централно стратешко воено подрачје па поради тоа биле изградени воени фабрики но и индустрија за железо и челик и индустрија за јаглен. Но и покрај тоа имало големи делови во БиХ кои биле неразвиени па на крај се одлучило и БиХ да влезе во тие подрачја. За релизација на политиката за побрз развој на деловите од Југославија кои заостанувале во стопански поглед бил формиран Фонд за неразвиени подрачја. Негова првенствена цел била да помогне да се намали разликата помеѓу т.н развиени и неразвиени.

Во ова време во Македонија ќе бидат изградени претпријатија кои ќе се развијат на ниво на гиганти во иднина. Во овој период се изградени трите големи фабрики: ФЕНИ-Кавадарци, МХК-Велес и рафинерија ОКТА-Скопје. Особено била интересна дебатата за формирање на комбинатот ФЕНИ-Кавадарци. Според тогашните проценки вкупната сума која требало да се вложи би била околу 400 милиони долари, што претставувало навистина голема сума која требало да се вложи во Македонија. Се развила дебата како најправилно да се вложат тие пари и дали сите пари треба да се вложат на едно место. За овие прашања се воделе дебати во државните органи но како претставник на државното и партиско раководство тој во неколку пати учествувал во овие дебати.

Глигоров учествувал во дебатата треба ли нетреба да се изгради ФЕНИ-Кавадарци и неговиот став бил поинаков и се однесувал на стратешките интереси на Македонија. Тој сметал дека парите треба да се искоритат на тој

начин што во кавадеречкиот регион би се изградиле две-три фабрики додека другите пари би се искористиле на тој начин што десетина фабрики би се изградиле во Западна Македонија. Во овој период во Западна Македонија имало голем наплив на Албанци. Неговите замисли биле да се развие Западна Македонија со цел да се мотивира македонското население да остане таму и да се запре бранот на иселувања од Западна Македонија. Треба да се спомене дека за проектот ФЕНИ противник бил Лазар Колишевски кој пак се грижел за можната еколошка катастрофа која би можела да му се случи на овој крај. На друга страна како поборници на овој проект биле Никола Минчев-претседател на собрание на СРМ и Ксенте Богоев- претседател на извршниот совет на СРМ. На крај победила структурата на Минчев-Богоев и ФЕНИ бил изграден. Она што најмногу привлекува внимание како податок во целата приказна околу ФЕНИ е визионерството кое го покажува К. Глигоров за населението во Западна Македонија.

Се поставува прашањето што би се случело доколку К. Глигоров успеал да го наметне своето мислење и своите идеи и парите за ФЕНИ да биле вложени во Западна Македонија. Дали навистина тоа би ги задржало Македонците да останат во Западна Македонија? Овие прашања го наметнуваат впечатокот дека Киро Глигоров имал визионерска способност однапред да предвиди одредени работи кои ќе се случуваат во иднина. К. Глигоров ќе учествува и во дебата за отворање на Металуршко-хемискиот комбинат кога се отворило прашањето каде да биде отворен односно каде е најпогодно да биде лоциран. Кандидати имало многу особено градовите од Источна Македонија и тоа: Кочани, Пробиштип, Штип, Велес, Свети Николе. Во врска со ова прашање К.Глигоров ја застапувал тезата дека тој комбинат треба да се отвори во Штип или во друг град во Источна Македонија со цел да има рамномерен развој во Македонија. Како најсериозни кандидати се издвоиле Штип и Велес, меѓутоа победило лобито предводено од Страхил Гигов и комбинатот бил изграден во Велес. Од ова може да се види декаи покрај тоа што по државна и партиска должност К. Глигоров можел да учествува во дебатите за значајни прашања кои се отварале во Македонија сепак влијанието на македонското партиско раководство било многу силно што се гледа од двата случаи поврзани со македонската економија во овој временски

период. На функцијата потпретседател на СИС, К.Глигоров ќе остане до 1969 година кога ќе добие нова овој пат партиска функција.

На планот на економијата во Југославија периодот од 1965-1971 година е обележан со обиди за интензификација на стопанскиот развој, а СРМ засилено се индустријализира со изградба на индустриски гиганти. Во индустријата на СФРЈ, како што споменавме се носат мерки за реконструкција и модернизација на стопанството, а во јули 1965 беше донесена Стопанската реформа, која со ставање акцент врз пазарното стопанисување требало да го подобри се поизразеното заостанување на југословенското стопанство. Спроведувањето на реформата било недоследно и практично запрено заради појавата на висока невработеност, но, пред се, заради неприфаќање на вистинска автономија на стопанството од страната на југословенското политичко раководство (СКЈ). Заради растот на невработеност, Југославија го отвора вентилот за извоз на работна сила во странство. Во секторот на аграрот се прават обиди за поголеми вложувања во аграрот, јакнат државните земјоделски стопанства, а државата го променува односот кон индивидуалниот земјоделец, дозволувајќи механизација и на индивидуалниот сектор[99].

На политички план, тоа е временски период кога во Југославија се развивал т.н либерализам како последица од заостанување на реформите во СКЈ. Имено, реорганизацијата на СКЈ иницирана по Брионскиот пленум од 1966 година[100] беше сопрена во расчекорот што се создаде заради радикализмот што во тие услови го покажа една поголема интелектуална група во партијата (кој одеше дури и до барања за партиски плурализам), од едната страна, и стравот на Јосип Броз, Едвард Кардељ и одредена група догматски комунисти кои се плашеа дека партијата ќе го изгуби монополот во власта и одлучувањето. Сепак, покренатата лавина за демократизација и идеите околу неа не можеа да бидат сопрени. Така во секоја од републиките тие најдоја специфична почва, барања и потреби кон кои се стремеа демократските, творечки сили во редовите на СК.

[99] Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата македонска држава, Скопје 2015, стр. 470.
[100] Брионскиот пленум беше свикан заради расчистување со „догматско-централизтичките сили“ кои наводно биле кочница на развојот на СФРЈ. Како главен носител на тие тенденции се сметаше Александар Ранковиќ кој беше симнат од политичката сцена. (Исто, стр 193)

Сите овие реформски барања кои веќе ја допираа недопирливоста на монополот на СК, беа означени со „либерализам". Со терминот "либерализам" се означуваат одредени појави во периодот помеѓу средината на шеесеттите и средината на седумдесеттите години, кога во рамките на единствената и владеачка партија, Сојузот на комунистите на Југославија, дојде до важни демократски промени (предизвикани пред се од прогресивни интелектуални кадри), кои се одразија и во општеството. Тие процеси беа насилно прекинати во првата половина на седумдесеттите години. Најсилни демократски движења имаше во Словенија, во Хрватска и во Србија, а до израз дојдоа и во Македонија. Дел од либералите барале и поголема самостојност на републиките во федерацијата. Од највискoто партиско раководство на СКЈ предводено од Ј.Б. Тито тоа било протолкувано како национализам и напад на идеологијата наречена *братство-единство.*

Од 11 до 15 март 1969 година во Белград се одржал деветиот конгрес на СКЈ. На овој конгрес бил нагласен демократскиот централизам како основна метода на функционирање на партијата. Според партиското раководство демократскиот централизам изразува суштина во сојузот на комунистите тоа се темели на принципи.[101] Борбата против либералните струи ќе трае до 1974 година но процесот започнува во овој период токму со нагласување на т.н демократски централизам. На овој конгрес место Централен Комитет е формирано Претседателство на СКЈ а извршен орган на Претседателството станал Извршниот Комитет. На овој девети конгрес К.Глигоров ќе биде избран како дел од Претседателството на СКЈ но и како дел од Извршниот Комитет на СКЈ. Извршниот Комитет всушност претставува замена за порнешното Политбиро на КПЈ и ја играл највисоката улога во партијата.

Со изборот за член на Извршниот Комитет К.Глигоров ќе стане професионален партиски кадар. Во тој период правило било партијата да делегира по двајца претставници од секоја република па така било одлучено по директна наредба на Ј.Б. Тито претставници од Македонија во највискoто тело да бидат К. Глигоров и Крсте Црвенковски. Како што претходно споменавме овој период е период на либерализмот а Крсте Црвенковски со своите

[101] Branko Petranović, Momčilo Zečević, *Jugoslavija 1918-1988: Tematska zbirka dokumenata*: Deveti kongres SKJ - elementi federalizacije partije, стр.1138

размислувања создал негативна слика па така неговото присуство во Македонија веројатно било третирано како проблем па затоа ќе добие партиска задача во Белград каде ќе биде далеку од Македонија а со тоа би се направил клучниот потег за елиминација на либерализмот во Македонија.

И покрај новата партиска функција К. Глигоров во договор со Едвард Кардељ одлучил одреден временски период да ги извршува двете функции.[102] Одлуката била таква пред се заради реформата која се спроведувала во Југославија каде тој бил особено ангажиран во делот за надзор за тоа како се спроведува реформата во државата. Неколку месеци траел ваквиот негов ангажман и некадево јуни 1969 година и официјално завршува неговата улога како потпретседател на СИС.[103] Треба да се спомене дека Македонија имала прилично високо политичко лоби во Југославија(КироГлигоров-Претседател на Собрание, Лазар Мојсов-министер за надворешни работи, Крсте Црвенковски-Потпретседател на Претседателството на СФРЈ, Лазар Колишевски-Претседател на Претседателството на СФРЈ) односно луѓе кои успеале да се искачат на највисоките скали во политичкиот живот во Југославија. И покрај ваквиот податок Македонија била единствена која не дала Претседател на СИС иако било правило сите републики да ротираат на т.н премиерска функција. Треба да се спомене дека во еден наврат и името на Киро Глигоров било во комбинација за премиерската позиција. Тоа било во 1971 година кога му завршувал мандатот на Митја Рибичич па претседател на СИС требало да се избере од БиХ, Црна Гора и Македонија. Во овој случај интересно е да се спомене дека словенецот Франц Попит за време на една од седниците на претседателството на СКЈ го отворил прашањето: *Ние немаме ништо против да биде Киро Глигоров но треба да се изјасни дали е за самоуправување*[104]. Ова наметнува друго прашање а тоа е дали раковоството на партијата и во Скопје и во Белград сеуште не му ги простиле ставовите поради кои беше пратен во Белград а тоа беа поголема пред се економска слобода на Македонија во рамките на федерацијата. А дека тоа било така укажува и податокот дека македонското раководство и не било баш заинтересирано за лобирање за К. Глигоров да застане на чело на премиерската позиција. На ова

[102] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.127
[103] Исто, стр. 128
[104] Киро Глигоров, Македонија е се... стр. 121

исто така укажуваат и зборовите на К. Црвенковски кој ќе му каже: *Можеби е најдобро да се откажеш, гледаш овие јасно кажуваат дека немаат доверба*.[105] И покрај тоа што овие  зборови се однесуваат на зборовите на Франц Попит сепак очигледна е неангажираноста и на македонското раководство што укажува дека и нивните ставови веројатно биле блиски со тие на државното раководство.

Дека македонското партиско раководство сеуште не гледа со доверба кон К.Глигоров покажува уште еден настан. Тој настан се случил после една средба на К.Глигоров со бугарскиот претседател Тодор Живков во Будимпешта. Во Будимпешта тој бил пратен на конгрес заедно со секретарот на Сојузот на комунистите на Хрватска Перо Пиркер. Средбата се одржала на барање на Тодор Живков а К. Глигоров постапил мошне мудро со тоа што на средбата со себе го зел и Перо Пиркер со цел после да не му лепат некакви етикети кога ќе се вратат во Југославија. Средбата поминала на тој начин што Тодор Живков сакал да го истакне наводното српско влијание во Македонија на што К.Глигоров му одговорил дека Македонците сега имаат своја држава и зборуваат на македонски јазик. Токму овие работи К. Глигоров ги изнел како отчет пред Претседателството а единствен кој се јавил за збор бил Лазар Колишевски кој замерил дека К. Глигоров не го споменал македонското малцинство во Бугарија. Оваа дискусија укажува на тоа дека разликите помеѓу македонското раководство и К. Глигоров сеуште не биле испеглани иако наближувала третата деценија како тој е на служба во Белград. Од тука може да се види зошто македонското раководство не го подржува К. Глигоров во два наврати, еднаш кога требало да застане на чело на министерството за финансии а друг пат кога требало да застане на чело на СИС.

Како што споменавме од  1969 К.Глигоров ја извршувал функцијата член на Извршниот комитет на партијата а од 1971 добил уште една функција овој пат државна а тоа е член на Претседателството на СФРЈ. На оваа функција тој се задржал нешто повеќе од година кога почнале да се појавуваат првите форми на отпор во Македонија зошто некој функционер да има повеќе од две функции. Првите негодување дошле од Собранието во Македонија односно од

[105] Исто

неговиот претседател Никола Минчев кој приговарал околу тоа прашање. Во иста ваква ситуација се наоѓал и Крсте Црвенковски кој пак непокажувал многу загриженост околу таквите негодувања. Имајки ги во предвид негодувањата Киро Глигоров сепак решил да даде оставка од член на Претседателството на СФРЈ и решил да ја задржи партиската функција. Се појавиле амбиции околу испразнетото место на К. Глигоров а како најзаинтересирани страни се истакнале Лазар Колишевски и Александар Грличков. Александар Грличков веќе бил дел од Извршниот Комитет на партијата па доколку станел член на Претседателството практично ќе се повторела истата ситуација како и со К. Глигоров. Тогаш на предлог од сојузот на борците за нов член на Претседателството бил избран Лазар Колишевски а К. Глигоров останал да ја извршува својата партиска функција, член на Извршниот Комитет на партијата. Оваа функција тој ќе ја извршува до 1974 година кога ќе добие уште еден голем предизвик во неговата кариера. Најпрво од 27 до 30 мај 1974 се одржал десеттиот конгрес на СКЈ на кој повторно се реизбирале стари или се избирале нови членови. Тоа бил период кога во полн ек била борбата против либарилистичките струи и кога сакајки да ја зацврсти својата моќ Ј.Б.Тито е избран за доживотен претседател. На овој конгрес бил избран нов Централен Комитет со 166 члена, ново Претседателство со 36 члена и нов Извршен Комитет со 12 члена.

На Десеттиот конгрес на СКЈ Киро Глигоров бил избран во Претседателството на ЦК на СКЈ. Истата година завшувал мандатот на Претседателот на Собранието на СФРЈ Мијалко Тодоровиќ-Плави. Во тој период Македонија немала дадено функционер на највисоките позиции во државата па тоа прашање се поставило со изминување на мандатот на Мијалко Тодоровиќ. Така според мемоарите на К.Глигоров на предлог на македонското раководство на чело со Ангел Чемерски тој бил предложен за претседател. За тоа тој ќе каже: *И тогаш незнам кој го има тоа предложено, но е соопштено преку Ангел Чемерски, дека Македонија предлага јас да бидам претседател на Сојузното собрание.*[106] Така во периодот од 1974 до 1978 година Киро Глигоров го извршува неговиот мандат како Претседател на Сојузното собрание. Периодот кога тој доаѓа на функцијата Претседател на

[106] Исто, стр. 138

Сојузното собрание е период кога веќе бил донесен новиот устав на СФРЈ со кој на покраините Косово и Војводина им се дава поголеми овластувања. Овој Устав е донесен во февруари месец неколку месеци пред К. Глигоров да стапи на функција.

Во подоцнежниот период се појавија шпекулации дека позади Уставот од 1974 година стои Киро Глигоров заедно со Мика Шпиљак а ваквите информации беа пренесени на интернет медиуми а беа пласирани од Јошка Броз, внук на Јосип Броз Тито. За жал ваквите вести беа пренеси и од сериозни меиуми особено на веб сајтови. Сепак Службен Весник бр. 26 издаден од 18 мај 1974 година го тврди спротивното. Според овој службен весник стои дека Киро Глигоров за претседател е избран на 15 мај 1974 год. Таму јасно пишува: За претседател на Собранието на Социјалистичка Република Југославија се избира Киро Глигоров делегат во Сојузното собрание. АС бр.10, 15 мај 1974 год. – Белград.[107] Од тука може да се заклучи дека тврдењата дека Киро Глигоров го потпишува уставот се сосема неосновани бидејки во тој временски период сеуште функцијата Претседател на Сојузното собрание ја извршува Мијалко Тодоровиќ-Плави. Во неговите спомени за ова К.Глигоров ќе каже: *Инаку сакам да кажам забележам дека не е точно(дури имаше и во нашиот печат) оти јас сум бил Претседател на Сојузното собрание кога е донесен Уставот од 1974 година. Тоа не е точно. Тоа беше завршено порано, и за тоа реферат во Собранието имаше Мијалко Тодоровиќ.* Кога ќе се земат во предвид податоците кои се наоѓаат во службениот весник може да се каже дека овие тврдења на К. Глигоров се точни и дека Уставот не е донесен за време на неговиот мандат како Претседател на Сојузното собрание на СФРЈ.

Во негово време ќе се донесе закон кој тогаш се сметал дека претставува еден од темелите на Југославија а тоа е Законот за здружен труд ЗЗТ). Всушност овој закон, донесен на 25 ноември 1976 година, бил проект на Едвард Кардељ и направил долгорочна штета на југословенското стопанство. ЗЗТ предизвикал значајни промени во државата бидејки концептот на законот предвидувал самоуправувањето во Југославија да добие една поширока

---

[107] www.slvesnik.com.mk, Службен Весник број 26, 18 мај 1974, Београд

димензија и да излезе од сферата на стопанството и да стане основен метод на функционирање на општетсвото, да влезе во секоја сфера од човековото живеење, односно да бидат опфатени: здравството, образованието, културата итн. Во целокупното стопанство во СФРЈ биле создадени организации наречени ООЗТ(основни организации на здружен труд) од најниско ниво односно да бидат поблиску до тие што работат. Креаторот и идеологот на овој закон, Едвард Кардељ, сметал дека со него се заокружува т.н трет пат кој е различен од советскиот социјалистички систем но и од западниот капитализам. Овој закон претставува логична последица на настаните што се случиле претходно во СФРЈ како што биле студентските протести во 1968, демонстрациите на Косово 1968, појавата на либералистички идеи итн. По овие настани државното раководство на чело со Јосип Броз Тито и идеологот на новиот самоуправен систем Едвард Кардељ сметале дека треба да се превземе нешто а главна цел за смирување на целокупната политичка состојба била јакнењето на самоуправувањето во државата. Според Едвард Кардељ ЗЗТ претставува крупен чекор кон внатрешната стаблизација и внатрешните односи во системот на самуправното здружување на трудот.[108] Законот, всиушност, наметнал едно функционирање на стопанството каде било доведено во прашање рутинското функционирање на поголемите комбинати. И самиот Едвард Кардељ како негов идеолог бил свесен за неговите недостатоци и дека ќе има потешкотии во неговата применан па за тоа ќе каже: Законот за здружен труд претставува така да кажеме,само основен правец на изградба на систем на самоуправување на здружениот труд.

Во пракса општеството ќе се сретне со низа отворени проблеми за кои ќе мора да побара како демократски така и научни и стручни определувања.[109] Овој закон донел и поделба во државата бидејки со неговото доследно имплементирање требало за сите материјални средтсва да решаваат организациите. Според организациите тоа пак значело дека девизите што би се спечалиле би биле нивни како резултат на нивниот труд. Тоа пак значело со дека би се загрозил централизмот а со тоа и функционирањето на војската, полицијата итн а државата не би имала моќ. Овој закон кој претставувал темел

---

[108]Edvard Kardelj, Udruzeni rad I samoupravnoplaniranje, Saraevo 1982, стр.11
[109] Исто, стр. 13

на опстојувањето на Југославија а донесен во време на Глигоров ќе опстојува се до распаѓањето на Југославија во 1990/1 година.

За време на својот мандат како претседател на Сојузното собрание К. Глигоров имал и голема надворешна активност а особено бил активен кај земјите од т.н блок на неврзаните предводен од Југославија. На оваа функција тој ќе се задржи се до крајот на неговиот мандат во 1978 година. После крајот на неговиот мандат се поставило прашањето што понатаму со неговата кариера бидејки било очигледно дека тешко ќе биде дозволен негов втор мандат а за нареден мандат за Претседател на Сојузното собрание требало да бидат задоволени и српските интереси што се покажало и од одлуката Дража Марковиќ да биде избран за претседател. После завршувањето на мандатот и раководството во Македонија било свесно дека поранешен претседател на Собрание треба да добие некаква функција па така државното раководство во Македонија ќе одлучи К.Глигоров да биде предложен за член на Советот на Федерацијата. Ова тело практично имало формален каректер и речиси не учествувал со носење на некакви одлуки во државата. Иако се наоѓал на една таква позиција К. Глигоров имал можност активно да учествува во политичкиот живот во СФРЈ преку ЦК на СКЈ каде бил избран на сугестија на Ј.Б. Тито.[110] На функцијата член на ЦК на СКЈ ќе остане до 1982 година кога практично ќе се повлече од политичкиот живот и ќе нема никаква политички улога.[111]

Како член на Советот на Федерацијата, Глигоров ќе биде до 1987 година, но фактички престанало негово учество во јавниот политички живот. Истата година со веќе наполнети 70 години решава да ја заврши својата политичка кариера и да се пензионира.Меѓутоа ова негово пензионирање практично траело краток период па така набрзо ќе започне политички ангажман кој веројатно и самиот не го очекувал кога донел одлука за пензионирање. Тој негов нов политички ангажман ќе трае повеќе од дваесетина години односно се до завршувањето на вториот претседателски мандат во независна Република Македонија во 1999 година.

---

[110] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 146

[111] Исто

Неговото пензионирање кое што веќе го споменавме се случило во еден специфичен период кога отворено се зборувало за новите идеи кои предвидувале создавање на нов конфедеративен систем каде републиките би имале самостојни функции и права. Носители на овие идеи биле Словенија и Хрватска а на тоа се спротиставило српското партиско раководство на чело со Слободан Милошевиќ кој сметал дека Југославија треба да остане цврста федерација. Паралелно со специфичната политичка состојба Југославија се наоѓала во тешка економска криза која предизвикала сериозна состојба на инфлација во државата.

На 16 март 1989 година во СФРЈ се случиле политички промени па така на местото на Бранко Микулиќ кој бил Претседател на СИС дошол Анте Марковиќ[112] кој сметал дека политичката состојба во Југославија треба да се надмине преку подобрување на економската положба а СФРЈ треба да биде уредена врз основа на федеративен принцип. За да се постигне таа цел тој сметал дека неопходно е да се спроведат реформи во државата. Заради побрзо изготвување и спроведување на реформата бил направен тим во кој бил вклучен и К.Глигоров, како човек кој веќе имал искуство со такви реформи во 1965 година. Во неговите спомени тој вели: *Во тој тим бев вклучен и јас лично од премиерот Марковиќ. Бев член на екипата што работеше врз целината на реформата додека пак имаше луѓе што работеа во одделни сектори.*Оваа реформа опфаќала повеќе области па така најзначајни промени биле направени во банкарскиот сектор, била стабилизирана валутата динар, бил намален воениот буџет кој дотогаш изнесувал 60% од вкупниот на државата на 35% а биле намалени трошоците во администрацијата.[113]Реформата била изработена и веднаш после нејзиното имплементирање почнала да дава резултати. Динарот бил стабилизиран, животниот стандард почнал да расте а девизните државни резерви исто така пораснале.Овие реформи имале свои приврзаници кои тврделе дека доколку

---

[112]Како премиер, А. Марковиќ ја извлекува СФРЈ од економската криза, ја соборил инфлацијата и започнал коренити реформи со кои настојувал да ја воведе Југославија во Европската заедница. Меѓутоа, заради тогашните политички прилики, неговите планови биле осуетени. Кон средината на 1990 година го формира Сојузот на реформски сили на Југославија, непосредно пред тогашнитеповеќепартиски избори. На изборите во повеќето републики реформските сили беа поразени. Кон крајот на 1991 година Марковиќ бил речиси сосема маргинализиран, така што поднесува оставка. (Виолета Ачкоска, Лекции..., стр.470)

[113] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 152

не се случел распадот на СФРЈ, југословенската економија ќе била целосно санирана, додека имало и негови противници особено од националистичките кругови го обвинувале дека има константен пад на БДП и индустриското производство и дека позитивните резултати се само со краткотраен ефект. Прашањето каков ќе биде крајниот резултат на овие реформи ќе биде прашање кое ќе го поставува историјата, бидејки тогашната политичка состојба била таква што придонела да дојде до распад на СФРЈ а долгорочниот ефект никогаш неможел да биде почуствуван. Што се однесува за влијанието на овие реформи врз кариерата на Киро Глигоров слободно може да се каже дека политички повторно го активирале и му овозможиле да учествува во политичките процеси, и тоа да биде политички актуелен не само во Белград туку и во Скопје. Со овие реформи завршува и целото политичко патешествие кое траело 45 години а всушност започнало како политички прогон од Македонија. Во време на нови политички прилики не само во Југославија туку и во Европа кога веќе и практично се спроведувал падот на комунизмот а било се повеќе очигледно дека СФРЈ нема да може да опстои К. Глигоров решава дека треба да се врати во Скопје и да учествува во новите политички процеси кои наметнувале една нова политичка плуралистичка клима многу поразлична од претходниот социјалистички систем кој бил присутен речиси пола век. Тие нови политички процеси кои биле наметнати од новосоздадените состојби го трасирале патот на Македонија кон создавање на независна држава за прв пат во современата историјата на македонскиот народ. Овие новосоздадени состојби ја истакнале потребата од тоа сите расположливи политички капацитети со кои располагала Македонија да бидат вклучени во новите процеси бидејки се работело со судбоносен период од историјата на македонскиот народ.Во тој период К.Глигоров со своите умерени ставови и своето искуство го наметнал својот авторитет на новата македонска политичка сцена и набрзо ќе стане една од главнителичности во процесот на етаблирање на суверена Република Македонија. И покрај тоа што целиот свој работен век го посветува на СФРЈ тој како вистински државник ќе успее да ги согледа новите политички услови и целиот политички капацитет и искуство ќе ги вложи во осамостојувањето на Македонија.

**Глава III**

# Враќањето во Македонија и избор на К. Глигоров за прв Претседател на Република Македонија

## 3.1 Општествено-политичките прилики и враќањето во Македонија

Реформите на Анте Марковиќ кои веќе ги споменавме само го одложиле распаѓањето на СФРЈ. Во Југославија процесот на слабеењето на државата започнува со смртта на Јосип Броз Тито во 1980 година но и со почетокот на косовските демонстрации во 1981 година кои го разгореле национализмот во Југославија. По овие демонстрации национализмот (кој најчесто во Југославија се сфаќал во негативна конотација) се разгорува и во Србија каде ќе достигне загрижувачки размери. Во таквата ситуација ќе се вклучат и српски институции како што била САНУ (Српска Академија на Науки и Уметности). Национализмот во Југославија уште повеќе се разгорел со Меморандумот кој во 1986 година бил објавен од страна на САНУ.[114] Во тој Меморандум било споменато дека Албанците вршат геноцид врз српското население на Косово а дека Хрватска и Словенија ја превзеле економијата во државата која е создадена благодарение на народот кој дал најмногу жртви за време на Втората светска војна а тоа е српскиот народ.[115]

Ситуацијата на меѓуетничките односи продолжува да се влошува со косовските настани во 1987 година кога Србите на Косово протестирале незадоволни од нивната положба. Ваквата состојба на јакнење на национализмот во Србија не им се допаднала на старите комунистички кадри во Србија на чело со Иван Стамболиќ. Националистичката реторика на Слободан Милошевиќ била осудена од страна на Иван Стамболиќ но набрзо С.Милошевиќ ќе го зацврсти своето влијание во Сојузот на Комунисти на Србија а Иван Стамболиќ ќе биде принуден да си даде оставка иако претходно Стамболиќ практично ќе биде заштитник на Милошевиќ.[116] Оваа оставка на Иван Стамболиќ не само што му го отворила патот на С.Милошевиќ за

---

[114] За прв пат во јавноста делови од овој Нацрт-документ билеобјавени во белградскиот весник „Вечерње новости“ во 1986 година

[115] Во вториот дел на Меморандумот се тврди дека по Втората светска војна Ј.Б. Тито намерно ја ослабнал Србија.

[116] Стојан Андов, Драматична 1991, Скопје 2015, стр. 19

непречено политичко делување туку слободно може да се каже дека со тоа бил отворен патот на засилување на национализмот (поточно националниот егоизам) во Југославија.

Во периодот од 1988 до 1989 година национализмот и меѓусебните препукувања помеѓу републиките и одделни народи се повеќе доаѓал до израз. Иако насекаде биле присутни ваквите појави, сепак многумина почеток на националистичката пропаганда во Југославија го сметале говорот на Газиместан на Слободан Милошевиќ по повод 600 години од Косовската Битка, одржан на 28 јуни 1989 година на Косово Поле. На овој митинг С. Милошевиќ користел тврда националистичка реторика каде било потенцирано дека е време да се исправат неправдите после 600 години. На овој митинг учествувало целокупното партиско и државно раководство на Југославијакако на пример: Јанез Дрновшек (претседател на Претседателството на СФРЈ), Милан Панчевски (Претседател на Претседателството на ЦК на СКЈ), Анте Марковиќ (Претседател на СИС) итн.

Националистичките идеи на големо биле пласирани пред се во Хрватска и Словенија иако во периодот од 1989 до 1990 тие се залагаат за конфедеративен систем. Сепак тврдата националистичка политика на С. Милошевиќ може да се каже дека претставува катализатор на национализмот во Југославија.С.Милошевиќ со право бил обвинуван дека со реториката што ја води сака да наметне српско влијание во Југославија со што само го зголемил национализмот во Хрватска и Словенија.

Сакајќи да ја одржат социјалистичката федерација по секоја цена и со цел да се реши прашањето за нејзината иднина, српските раководители барале одржување на 14 вондреден конгрес на СКЈ. Нивните барања ги прифатил тогашниот претседател на ЦК СКЈ, Милан Панчевски. Така, конгресот бил одржан од 20 до 22 јануари 1990 година во Белград. Во тоа време Југославија сеуште била еднопартиска држава. И покрај кризата и неефикасниот политички систем, владеачките српски политичари одбивале секаков разговор за промени. На конгресот сите српски предлози биле прифатени со убедливо поголем број гласови, додека словенечките предлози за реорганизација на југословенската партија и политичкиот систем на СФРЈ

биле одбиени со гласање.Српското раководство набрзо го одбило словенечкиот предлог за создавање на асиметрична федерација. Покасно бил одбиен и заедничкиот предлог на Хрватска и Словенија за создавање на конфедерација. По два дена вербална војна, словенечката делегација го напуштила конгресот, а малку подоцна истото на направиле и делегациите од Хрватска, Македонија и Босна и Херцеговина. Конгресот веќе никогаш не беше завршен, а единствената партија со општојугословенски карактер практично беше дезинтегрирана. Започна создавање на други политички субјекти, односно појава на политички плурализам.[117]

Настаните што се случувале на конгресот претставувале логична последица на целокупната политичка клима во Југославија. На овој конгрес се судриле две концепции: словенечка и српска. Словенците се залагале за воведување на политички плурализам кој во пракса и веќе постоел во Словенија и Хрватска како и воведување на конфедеративно уредување, додека Србите се залагале за унитарен систем во кој би се практикувал стариот систем на делегирање на делегати а би се раководеле според принципот еден човек, еден глас. Со помош на делегатите од Србија, БиХ и Црна Гора, С.Милошевиќ всушност бил политичар со најголемо влијание во Југославија и затоа бил обвинет дека сака од Југославија да направи Србославија.[118] Овој конгрес практично означува почеток на крајот на Југославија. Самите републики биле свесни дека во Европа започнува процес кој го означува крајот на социјализмот а тој процес започнал со рушење на Берлинскиот ѕид а продолжил со претседателските избори во Полска.[119]

Речиси во сите социјалистички држави започнал процесот на плурализам под влијание на настаните во Источна Европа а со тоа завршува периодот на еднопартиски систем во социјалистичките земји и почнува периодот на повеќе партиски систем.Ваквата состојба не ја одминала и Југославија бидејки во сите републики во 1990 година се одржуваат повеќе партиски избори кои означиле крај на една социјалистичка ера и почеток на

[117] Виолета Ачкоска, Лекции..., стр. 230-231.

[118] За ваквите идеи Милошевиќ бил обвинет од Хрватите и Словенците дека сака да оствари српска доминација

[119] Првите демократски Претседателски избори во земјите од источниот блок се случиле во Полска каде победил кандидатот Лех Валенса, познатиот водач на синдикатот „Солидарност“.

еден нови плуралистички систем кој ќе заврши со крвав распад на државата. Во една таква состојба К. Глигоров сфатил дека шансите за опстанок на СФРЈ се минимални и започнал подготвки за заминување од Белград. Овој процес бил забрзан и од новите политички случувања во Македонија каде доаѓа до промена на партиското раководство на ЦК на СКМ и на местото на претседателот Михаил Данев дошол младиот Петар Гошев. Доаѓањето на Петар Гошев на чело на ЦК на СКМ ја означува победата на млади и прогресивни политичари кои го завземале местото на старите комунистички кадри кои тешко ги прифаќале новите политички промени во светот а со тоа и новите политички промени во Македонија.

Со доаѓањето на Петар Гошев на чело на партијата во Македонија започнала промена на политиката на СКМ. Негова замисла била спроведување на реформи кои требало да ја променат политичката и економската слика во Македонија односно.. да се изгради демократско, граѓанско општество, како да се пристапи кон приватизација и  воведување на пазарни односи во стопанството.[120] За спроведување на таа цел било потребно ангажирање и стари искусни кадри кои требало да помогнат во тоа. Искуството посебно во делот на спроведување на реформи веројатно ќе го поттикне Петар Гошев да го покани Киро Глигоров да учествува во изготвувањето на тие реформи а со тоа и да се врати во Македонија. Имајки предвид дека неговата улога во спроведувањето на реформите на Анте Марковиќ е завршена и дека во моментот нема никаков ангажман тој прифаќа да учествува во таа работа а со тоа и го продолжува неговиот работен век иако како што споменавме од 1987 година бил пензионер. По прифаќањето на оваа понуда, по 45 години политичко патешествие во Белград, Глигоров се враќа во Скопје.

Заминувањето на Глигоров од Белград се случува постепено бидејки во периодот од 1988 до 1989 година неговото семејство сеуште се наоѓало во таму, а тој патувал на релација Скопје-Белград. Со цел спроведување на замислените политики на новото раководство била формирана комисија која била позната како "гошева комисија".[121] Оваа комисија била формирана како дел од ЦК на СКМ но во неа активно учествувал и К. Глигоров. Сепак

[120] Киро Глигоров, Македонија е се...,стр.154
[121] Исто,155

политичката состојба, односно одржувањето на првите повеќе партиски избори во Македонија придонесла комисијата да не си ја заврши својата работа. Паралелно со неговите настапи поврзани со економските искуства во Комисијата К. Глигоров делувал и политички пред се во рамките на новоформираниот Македонски Форум. Тој форум бил формиран од група на македонски интелектуалци во кој имало пред се академици и професори кои сметале дека треба да дадат свој придонес во новите политички текови.[122] Форумот размислувал навистина државнички а тоа се гледа од неговите главни цели: изработка на стратегија за национална програма и да се определат политичките патишта како Македонија од југословенската криза да излезе како независна држава. И покрај тоа што конкретна акција од страна на форумот немало сепак тоа претставува прв обид за создавање на една национална програма врз основа на која би се остварувале македонските национални интереси.

Во периодот од април до септември 1990 година во Македонското Собрание се случувала промена во Законот за општествени организации со што се дозволило формирање на партии и здруженија а со тоа биле отворени вратите на повеќе партиски систем во Македонија.[123]

На 21 септември 1990 година во Собранието на тогашна СР Македонија се случиле крупни политички промени кои го означиле дефинитивниот крај на социјализмот во Македонија. Во атмосфера на бурни и брзи промени беше донесувањето на Амадманите од Уставот на СР Македонија година со кои се извршија радикални промени во политичкиот систем. Според LVI амандман, СР Македонија е дефинирана како „национална држава на македонскиот народ” и како „заедница на работните луѓе и граѓаните, на македонскиот народ и на рамноправните со него припадници на другите народи и народности кои живеат во неа”.[124]

Со новите уставни измени Извршниот совет станал Влада на Македонија, колективното претседателство било заменето сонова функција Претседател на републиката а делегатскиот систем бил заменет со граѓанска

[122] Членови на форумот биле значајни македонски интелектуалци како на пр: Блаже Ристовски, Цветан Грозданов, Љубиша Георгиевски, Кирил Темков, Ксенте Богоев и др.
[123] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.161
[124] Виолета Ачкоска, исто, стр. 236.

демократија односно граѓаните да избираат и да имаат право на глас. Во овој период претседателот на СИС Анте Марковиќ имал идеја да формира реформска партија која според него требала да има југословенски карактер и би била обединувачка во цела СФРЈ а новата партија да си има свои подружници низ целата држава. Уште додека се наоѓал во Белград Киро Глигоров имал контакти со Анте Марковиќ кој му предложил во Македонија на чело на новоформираната партија да застане токму тој. Овој предлог ќе биде одбиен од страна на К. Глигоров по што на чело на оваа партија ќе застане тогашниот амбасадор на СФРЈ во Ирак Стојан Андов. Претходно во Македонија веќе биле формирани првите партии а прва македонска партија била МААК на чело со академик Гане Тодоровски, потоа ВМРО-ДПМНЕ, Лига за демократија на чело со Ѓорге Марјановиќ, Социјалдемократската партија на чело со Славко Милосавлевски, а тука била и старата СКМ преименувана во СКМ-ПДП (Партија за демократска преобразба) на чело со Петар Гошев.[125] Секоја од овие ново формирани партии си имала своја платформа на делување.

Во Македонија во тој период се издвоиле три главни идеи за тоа како се замислувала иднината на Македонија: Македонија да се изгради како самостојна и суверена држава, Македонија да остане составен дел од југословенската федерација и третата била да биде рамноправен субјект во конфедерална заедница на самостојни и суверени републики. Во сите програмски платформи на партиите се критикуваа дотогашните односи базирани врз социјалистичко самоуправување како и договорна економија. Се бараше радикално ослободување од сите хипотеки на комунистичкото минато. Особено блиски ставови партиите имаа во економската сфера. Се залагаа за пазарни односи, за конкуренција на сите форми на сопственост, прифатија ориентација за приватизација, за претприемништво, за реформи во даночниот систем, за аграрот и за технолошкиот развој.[126]

Од ново формираните партии во своите програми единствени кои што се залагала за слободна и суверена држава биле ВМРО-ДПМНЕ и МААК. Што се однесува до другите партии треба да се спомене дека кај нив сеуште

[125] Киро Глигоров, исто.
[126] Виолета Ачкоска, Лекции..., стр. 237.

преовладувало југословенското чувство и неможеле така лесно да се откажат од југословенското минато. Дека југословенското чувството сеуште било присутно кај голем дел од партиите најдобро може да се види од сведоштвото на тогашниот претседател на СКМ-ПДП Петар Гошев за време на конституирањето на првата собраниска седница после иборите во ноември 1990 година.[127] Во Собранието во салата за пленарни седници сеуште стоела слика на Јосип Броз Тито на што се спротиставиле пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Со отстранувањето на сликата на Ј.Б. Тито не се согласувале поголем број на партии кои сметале дека неговата слика сеуште треба да стои на ѕидот од собранието. За целата оваа ситуација Петар Гошев ќе изјави: *Сојузот на комунистите, Реформските сили, Социјалистичката партија неможеа така лесно да се откажат од тоа од тие слики.*[128] Во целата ситуација К. Глигоров завзема неутрален став и може да се каже дека кај него провладуваат идеите за конфедерација и идејата за независност. Во периодот од 1990 година и формално се вклучува во политичка активност за време на изборите и близок е со партијата СКМ-ПДП што е нормално со оглед на околностите дека во таа партија има луѓе со кои тој соработувал низ текот на неговата дотогашна професионална кариеара а и до моментот на распишување на изборите тој се наоѓал на работни задачи во кабинетот на Петар Гошев. Тогаш доаѓа и до почести контакти на Киро Глигоров со Бранко Црвенковски кој бил избран за шеф на изборниот штаб на СКМ-ПДП и често доаѓал во просториите на ЦК на СКМ-ПДП каде и се наоѓала канцеларијата на К. Глигоров Оваа блискост е потврдена и во неговите изјави дека имал понуда да биде дел од листата на пратеници на СКМ-ПДП. За ова тој ќе каже: *Инаку во еден момент имаше идеја и јас да бидам кандидиран како пратеник на листата СКМ-ПДП, и тоа во мојот роден град Штип. Јас се заблагодарив, реков дека ќе помогнам колку што можам во изборната кампања, меѓутоа препорачав дека е подобро да се кандидираат нови имиња, нови луѓе.*[129]Овие негови зборови практично ја претставуваат неговата определба и неговата блискост со СКМ-ПДП а подоцна преименувана во СДСМ. Оваа определба и блискост ќе бидат потврдени со

---

[127] За време на оваа седница имало бурна расправа помеѓу пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и СКМ-ПДП која химна да се интонира(македонската или југословенската). На крај се одлучиле за двете химни
[128] Оваа изјава Петар Гошев ја дава во документарниот серијал посветен на 20 години Македонска Независност , во епизодата посветена на 1991 година
[129] Киро Глигоров, Македонија е се... стр.166

неговата кандидатура за избор за Претседател на државата. Од горенаведените политички услови може да се заклучи дека Баканот се наоѓал пред сериозен предизвик а приликите во кои се наоѓал не биле само сложени туку и биле историски крстопат за државите членки на СФРЈ. Ваквите сложени услови ќе го поттикнат К.Глигоров активно да се вклучи во политичките процеси во Македонија а многу набрзо не само што ќе биде вклучен туку ќе биде и еден тие кои ги диктираат темпото и настаните во политиката

### 3.2 Киро Глигоров избран за претседател на Р. Македонија и избирање на експертска влада на Р. Македонија

Како што веќе споменавме во периодот од април до септември 1990 год. завршил процесот со кој бил променет системот на владеење и бил воведен плурализам. За прв пат во својата сопствена историја, македонскиот народ добил можност да избира своја влада. Изборите биле закажани во ноември 1990 година. Во Македонија биле формирани поголем број на партии од кои секоја си имала сопствена идеологија. И покрај споменатите три идеологии, сепак во текот на кампањата се издвоиле две од кои едната била предводена од ВМРО-ДПМНЕ и се залагала за самостојна, суверена и независна Македонија додека на другата страна се наоѓала СКМ-ПДП како и Сојузот на Реформски сили кои се залагала за суверена Македонија како дел од една конфедерација.

Првите повеќе партиски избори во Македонија биле распишани на 24 септември 1990 година од страна на тогашниот претседател на Собранието Вуленет Старова кој бил и последниот претседател на Собрание за време на еднопартискиот систем. Изборите се одржале во ноември и биле проследени со два круга. Првиот круг се одржал на 11 ноември 1990 година а Македонија била поделена на 120 изборни единици. Првиот круг навестувал дека изборите ќе бидат неизесни бидејќи дотогаш единствената партија во Македонија СКМ-ПДП освоила вкупно 4 мандати а ВМРО-ДПМНЕ освоила 1 мандат но сите индиции покажувале дека СКМ-ПДП треба да биде главна сила во парламентот.[130] Вториот круг од изборите се одржал на 25 ноември 1990 и ја дефинирал сликата на првиот повеќе партиски еднодомен парламент. После

[130] Стојан Андов, Драматична 1991..., стр.27

вториот круг победата на изборите ја извојувала ВМРО-ДПМНЕ со освоени 38 пратеннички мандати додека СКМ-ПДП освоиле 31 мандат. Значаен број на мандати освоиле и Сојузот на Реформски сили кои освоиле 11 мандати додека Социјалистичката Партија на Македонија освоила 4 мандати.[131] На изборите масовно ќе излезат и Албанците кои ќе имаат можност да гласаат за двете регистрирани албански политички партии ПДП(Партија за демократски просперитет) и НДП(Национална Демократска Партија). На изборите после двата круга Албанците ќе освојат вкупно 23 пратеници од кои 17 пратеници ќе освои ПДП и ќе се афирмира како главна политичка сила кај Албанците во Македонија.

Во новонастанатата ситуација која донесе темелни промени во целокупното функционирање на системот, Претседателството на Републиката како колективен орган со функции на шеф на државата не можеше повеќе да опстојува и тоа беше заменето со индивидуален орган - Претседател на Републиката. Претседателот на Републиката, според новите одредби е шеф на државата и тој ја претставува Републиката во земјата и во странство. Тој е врховен командант на вооружените сили на Македонија и претседател на Советот за безбедност на РМ. Покрај другите должности, претседателот на републиката го определува мандаторот за состав на Владата на РМ.[132]

Првата конститутивна седница на плуралистичкото Собрание се одржала за време на божиќните празници односно на 8 јануари 1991 година а со седницата заседавал најстариот пратеник Никола Стојановски од Велес.[133] Односот на силите во парламентот покажале дека тешко некој ќе обезбеди парламентарно мнозинство и дека ќе формира влада. Мнозинство било обезбедено за избирање на претседател на Собрание, а за прв претседател на Собранието на Република Македонија бил избран Стојан Андов. Какво било расположението кај партиите СКМ-ПДП како и Сојузот на реформски сили најдобро зборува атмосферата на првата конститутивна седница која се одржала на 8 јануари 1990 година. На таа седница доаѓа до жестока дебата поврзана со прашањето која химна треба да се испее во Собранието. Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ биле за тоа да се изведе само македонската

[131] Службен Весник на СР Македонија бр.3, 18 јануари 1991, Скопје, стр. 25,26 и 27
[132] Виолета Ачкоска, исто, стр. 239.
[133] Стојан Андов, исто, стр.64

химна додека пратениците на СКМ-ПДП и Сојузот на Реформските сили биле за тоа да се испеат и југословенската и македонската химна. Водењето на политика на надеж за опстанок на Југославија во некаква конфедерација сеуште била присутна и покрај одржувањето на првите парламентарни избори.

Во новоформираното собрание од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде истакната идејата да биде донесен документ со кој ќе биде утврден идниот политички пат на Македонија. Така на 25 јануари била усвоена Декларација за сувереност со кој се предвидувало суверена национална определба на Македонија која би била подготвена да учествува во договорите за заедница на современи држави врз основа на своите но и врз заедничките интереси со останатите републики.[134] Темелот на оваа декларација сепак е определбата за сувереност што всушност покажува дека Македонија била подготвена да води сопствена политика. Но и покрај донесување на ваквиот документ на таа седница претседателот на Собранието Стојан Андов ќе изјави:*Посебно истакнуваме дека изразувањето на суверенитетот на Македонија не е сведено против ничии интереси ине е акт на разбивање на Југославија. Тоа е само израз на нашата желба и потреба југословенската заедница да се постави врз автентичните конкретни интереси на Република Македонија*.[135] Ова покажува дека овие две партии сеуште не можеле да се ослободат од југословенските чувства и покрај тоа што бил донесен документ кој практично значел раздружување на Македонија од Југославија а сите процеси што се случувале покажувале дека опстанок на СФРЈ во форма каква што била дотогаш бил невозможен.

Како што претходно споменавме со новите амандмани од Уставот било предвидено СР Македонија да добие Претседател на републиката. Според тогашните уставни одредби Претседателот на републиката требало да се избере со двотретинско мнозинство во собранието. Силите во собранието покажувале дека за таквата работа да се заврши требаат политички компромиси и дипломатски вештини зошто ниту една од партиите не би можела тоа да го оствари без подршка од другите партии. Во јавноста почнале

---

[134] Исто, стр. 75

[135] Оваа изјава на Стојан Андов е употребена од документарниот серијал посветен на 20 години Македонска Независност , во епизодата посветена на 1991 година.

да се шпекулираат имиња а како најсериозни кандидати за иден шеф на државата се издвоиле тогашниот архепископ на МПЦ г.г. Михаил кој би бил предложен од ВМРО-ДПМНЕ  и К. Глигоров кој би бил предложен од СКМ ПДП.[136] Овие две кандидатури наметнале можност за политички договор помеѓу двете најголеми партии во собранието дотогаш. И едната и другата тоа го гледале како можност за компромис со цел да добијат една од двете водечки функции во државата претседател или премиер. Раководството на ВМРО-ДПМНЕ на чело со Љубчо Ѓоргиевски сметале дека е добра идејата архепископ да застане на чело на државата и дека г.г. Михаил достоинствено би се борел за македонските национални интереси. Од другата страна било раководството на СКМ-ПДП на чело со Петар Гошев кои сметале дека за претседател на републиката би требало да се избере мудар и искусен политичар како што тоа бил К. Глигоров. На 16 јануари раководството на СКМ-ПДП ја доставило кандидатурата на К. Глигоров а набрзо кандидатура  за г.г. Михаил била доставена и од ВМРО-ДПМНЕ.[137] Овој избор не се сведувал само на тоа да биде избран Претседател на републиката туку политичките партии го гледале како можност да ја  матрејализираат нивната позиција во парламентот. Кандидатурата на г.г. Михаил уште на почетокот била пречекана со доза на резерва бидејки ако се случело да биде избран за претседател тогаш ќе мора да се откаже од верската функција бидејки уставот го декларирал македонското општество како секуларно и не дозволувал мешање на верска со политичка функција. Поради ваквите околности кандидатурата на г.г. Михаил ќе биде повлечена бидејки тој не бил подготвен да ја соблече својата мантија и да се впушти во политичките води но и поради отпорот од страна на СКМ-ПДП во врска со неговата кандидатура. Така кандидатурата на К. Глигоров ќе биде единствена а тој ќе биде единствен кандидат за претседател. Постоеле две варијанти на договор помеѓу двете партии а тие биле доколку СКМ-ПДП би добил Претседател на републиката, премиерската функција да припадне на ВМРО-ДПМНЕ и обратно.

Гласањето за избор на претседател ќе се одржи на 19 јануари 1991 година на кое гласање К.Глигоров нема да ја добие потребната доверба од 80

---

[136] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.67

[137] Исто, стр. 68

пратеници и нема да биде избран за претседател.[138] За неговата кандидатура гласале 60 од вкупно 120 пратеници што не било доволно да го добие потребниот број.[139] За неговата кандидатура нема да гласаат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ но и пратениците на ПДП. Неможноста за политички договор помеѓу партиите ќе придонесе ова гласање да заврши неуспешно а за тоа сведочат и изјавите на Љубчо Ѓоргиевски тогашен пратеник и претседател на ВМРО-ДПМНЕ кој за неуспешниот избор на К.Глигоров ќе каже: *тогаш договорот беше К.Глигоров да биде претседател ама ние да дадеме премиер*.[140] После само три дена од неуспешното гласање во собранието односно на 22 јануари бил постигнат договор со кој било договорено К.Глигоров да биде избран за претседател а ВМРО-ДПМНЕ да даде потпретседател на државата но и премиер. Со таквиот договор бил постигнат консензус помеѓу сите партија па така изборот за прв претседател на Македонија бил договорен помеѓу сите партии. Било договорено наредната седница да се одржи на 27 јануари 1991 на чиј дневен ред повторно би била ставена точка за избор на претседател на републиката. На повтореното ново гласање со вкупно 114 гласови за К.Глигоров бил избран за претседател.[141] Со ова гласање не само што била продолжена политичката кариера на К.Глигоров туку му дала можност активно да учествува и да биде носител на политичките процеси не само во Македонија туку и на Балканот.

По гласањето и изборот следувало давање на свечена заклетва на која присуствувале лица и од јавниот, културниот и политичкиот живот. Оваа свечена заклетва на К.Глигоров претставувала една несекојдневна состојба бидејки за прв пат во својата сопствена историја Македонија избира сопствен претседател. И пред изборот и по самиот избор кај јавноста се поставувало прашањето во кој правец К.Глигоров ќе ја води политиката и какви одлуки ќе бидат донесени во врска со раздружувањето на Југославија. Тие сомнежи пред се, се должат на неговиот ангажман во Белград за време на комунизмот во кој како што веќе наведовме тој завзема високи позиции. Од тука сите со внимание го слушале неговиот прв говор кој претставува и официјално претставување на

[138] Стојан Андов, Драматична 1991...стр 120
[139] Киро Глигоров,Македонија е се..., стр. 68
[140] Исто
[141] Исто

неговите политики како претседател на Македонија и затоа е значајно да се анализира. Во овој говор тој практично го одредува правецот по кој ќе се движи Македонија а тој правец бил самостојна, суверена и независна држава. Тоа тој ќе го истане на неколку места од говорот каде ќе рече... *дека е присутно чувството за осговорност и зрее свеста дека конституирањето на* ***суверена Македонија****... можеме да изградиме* ***суверена и модерна правнадржава****, способна да донесува најсудбоносни одлуки за иднината на македонскиот народ...ќе ги вложам сите сопствени умни и психофизички и човечки напори за да и го вратиме достоинството на Македонија.* ***Да бидемесвои на своето.Да бидеме*** *широко отворени кон светот како* ***целосно независен, рамноправен и творечки субјект****.*[142] Ваквите негови ставови несомнено ќе бидат потикнати и од расположението на македонските граѓани кои биле свесни дека зачувувањето на СФРЈ во форма каква што била претходно е невозможно и својата иднина ја гледале во самостојна и независна држава. Таквото расположение ќе биде потврдено и на рефендумот на 8 септември што подоцна ќе се случува. Она што исто така е интересно да се анализира во овој негов прв претседателски говор е високо манифестираната национална свест каде тој ќе изјави: *Живееме во време кога македонскиот народ повторно треба да донесе судбоносни одлуки.Тие не се помалку важни од оние што ги донесе 1941 и 1945. Повторно се работи за нашата судбина: да сочуваме се што е спечалено со неброени жртв, изградено со огромен труд пред се слободата на македонскиот народ и неговата по Самуил и Крушевската Република, прва држава... Затоа кога ги критикува и оценуваме одделни периоди на нашата историја да не заборавиме дека без првиот Илинден немаше да дојде третиот... Овој историски миг сите неподелено го означуваме како трет Илинден.*[143]

Во говорот на Глигорв се истакнати тезите кои кажуваат дека овие процеси на создавање на држава се само плод на тоа што се случувало низ историјата и дека овие процеси се резултат на еден историски континуитет кој започнува со илинденскиот период а не како резултат на некакви моментални политики и процеси. Овие негови тези само ја потврдуваат неговата определба

[142] Киро Глигоров, Виорни времиња, Република Македонија-Реалност на Балканот, Скопје 2004, стр13-18
[143] Исто

дека Македонија треба да се движи на патот кон независноста и им дава одговор на оние кои се сомневале во неговите политики дека како човек кој целата своја професионална кариера ја поминува во Белград дека може да води политика на останување на Македонија во СФРЈ. Изборот на К.Глигоров само ја отворил пандорината кутија во сложената политичка ситуација која била наметната од односот на силите. Може да се заклучи дека изборот на К.Глигоров претставува добро осмислен политички потег бидејки се поставува прашањето дали би било подобра опција за ВМРО-ДПМНЕ најпрво да се избере влада со нивни мандатар, а дури потоа тие да гласаат за Претседателна републиката? Потегот да прифатат функција потпретседател и да гласаат за Претседател пред да биде избрана влада ќе се покаже како лош потег на ВМРО-ДПМНЕ бидејки разликите помеѓу нив и К.Глигоров ќе избијат веднаш кога требало да се даде мандатот и да се формира влада.

Во врска со изборот за формирање на прва влада има две верзии. Една верзија ја дава К. Глигоров кој кажува дека го дава мандатот за формирање на прва влада на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Ѓоргиевски и дека Љ. Ѓоргиевски му дава четири кандидати за иден премиер. Во своите мемоари тој вели: *Како претседател на државата како што е редот, првин му го дадов мандатот за состав на нова влада на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ. По неколку дни Љубчо Ѓоргиевски ми предложи четворица како мандатари на владата*.[144] Другата верзија која ја дава Љубчо Ѓоргиевски, К.Глигоров несака да прифати мандатар од ВМРО-ДПМНЕ и дека тој побарал четири кандидати. За ова Љубчо Ѓоргиевски ќе изјави: *Киро Глигоров несакаше да прифати премиер долго време од ВМРО-ДПМНЕ. Ајде потоа рече дајте ми четири кандидати*. [145] Овие верзии упатуваат на неколку заклучоци:1. Киро Глигоров станува главна политичка фигура во Македонија 2. Идеолошките разлики помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СКМ-ПДП биле големи особено после нивната зачестена „националистичка“ и антикомунистичка реторика 3. Блискоста помеѓу К.Глигоров и СКМ-ПДП (чиј член ќе биде и самиот) била голема и дека можеби таа блискост придонесува за тој да почне да влече такви политички потези. Од целата ситуација она што е сигурно е тоа дека Љ.Георѓиевски му дава четири

[144] Киро Глигоров, Македонија е се... стр. 181

[145] Оваа изјава на Љубчо Геогиевски е употребена од документарниот серијал посветен на 20 години Македонска Независност , во епизодата посветена на 1991 година

кандидати за мандатар на првата влада но К.Глигоров ги одбива. Кандидати за премиери предложени од ВМРО-ДПМНЕ биле Александар Лепавцов, Тодор Богданов, Милан Ставрев и Пандил Костурски.[146] Тогашното раководство на ВМРО-ДПМНЕ најмногу се залагало за Александар Лепавцов но поради неговото минато односно поради тоа што целото свое образование го стекнува во Бугарија изгледал како непогоден кандидат за К. Глигоров.[147] Меѓутоа не само А. Лепавцов и другите кандидати според К.Глигоров биле непогодни за функцијата премиер и според тогашните уставни можности тој ги одбива кандидатите иако тоа требало да биде политичко право на партијата која освоила најмногу гласови. Бидејки демократијата и плурализмот во тој период биле во својот зачеток ова може да се протолкува како уставна слабост, која К.Глигоров ја искористува и ги одбива кандидатите за мандати од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Ова упатува на фактот дека ВМРО-ДПМНЕ сеуште не биле доволно политички зрели да склучат еден политички договор со кој би го материјализирале гласањето за К.Глигоров и да го исполнат договорот со кој се предвидуваше ако СКМ-ПДП даде претседател, премиерот да дојде од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Нивната проценка најпрво да се подржи К.Глигоров за претседател а после да се избере премиер од нивните редови очигледно се покажала како лоша и изнела на површина дека во редовите ВМРО-ДПМНЕ сепак недостасува политичко искуство кој во такви тешки моменти и тоа како било потребно. После одбивањето на мандатарите се поставило прашањето кој ќе формира нова влада и до кога ќе раководи последната социјалистичка влада на чело со Глигорие Гоговски. Било неопходно да дојде до политички договор помеѓу највисокиот политички врв особено заради усложнувањето на состојбите во СФРЈ а Македонија без избрана влада би изгледала несериозно во политичките процеси кои што следувале. Поради ваквите специфични состојби на предлог на претседателот К.Глигоров се состанале: Љубчо Георѓиевски – потпреседател, Стојан Андов, претседател на собрание како и лидерите на другите партии во Собранието. На тој состанок на предлог на Стојан Андов била прифатена идејата да биде избрана експертска влада.[148] После прифаќањето на идејата К.Глигоров

[146] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 182
[147] Исто, стр. 183
[148] Стојан Андов, Драматична 1991..., стр.141

мандатот по понудил на Никола Узунов-професор на Економски Факултат. Оваа понуда била одбиена од страна Никола Узунов со образложение дека се работи за човек од науката и дека не е заинтересиран за политички ангажман. После одбивањето на мандатот К.Глигоров се одлучува мандатот и довербата за состов на новата владада му ги даде на Никола Кљусев.

Официјално на 7 март 1991 година К.Глигоров за мандатар на новата влада го определува академик Никола Кљусев а во нејзиниот состав главно влегле експерти од одредени области. Официјалното избирање на нова т.н експертска влада се случило на 20 март 1991.[149] Ова исто така претставувало еден свечен чин бидејки за прв пат во историјата македонскиот народ имал своја сопствена влада која можела за сите прашања вклучително и одбраната и надворешните работи да ги одлучува сама. Првата влада на тогашна СР Македонија на чело со премиерот Никола Кљусев имала 22 министри од кои тројца потпретседатели на влада.[150] Имајки предвид дека ситуацијата како на економски така и на политички план била повеќе од сложена, пред владата се исправиле сериозни предизвици кои требало побрзо да се решат.

Тоа бил период кога речиси целата територија на СФРЈ се наоѓала во тешка економска криза па така и состојбата во Македонија била на тоа ниво како во останатите републики. Пред воената состојба си го направила своето на економски план односно била попречувана нормалната трговска размена помеѓу републиките. За Македонија било негативно што најголем дел од својот надворешно-трговски промет го остварувала на дотогаш единствениот југословенски пазар. На полето на енергетиката Македонија исто така била поврзана со елетроенергетскиот систем на Југословија кој бил единствен. Голем проблем се појавил и со недостаток на нафтата со што било оневозможено нормалното функционирање на Македонија во секоја сфера од општественото живеење. За разлика од минатото кога во СФРЈ се градела една и единствена монетарна политика, сега Македонија била пред предизвикот да создаде своја самостојна монетарна политика. Тоа било особено тешко поради тоа што Македонија немала сеуште своја сопствена валута туку македонската економија била врзана за југословенскиот динар кој

[149] Виолета Ачкоска, исто, стр. 242-243.
[150] Стојан Андов, исто, стр.147-148

сеуште доминирал на просторите на СФРЈ. Освен проблемите кои го отежнувале секојдневното живеење и функционирање на луѓето суштински проблем кој имал прво степено значење за негово решавање е изградбата на институциите. Во тој период Македонија немала своја армија, своја полиција и други органи за безбедност, сопствена народна банка итн. Сите овие проблеми ја ставиле пред сериозен предизвик владата која за добар дел од својата работа требала да се координира со претседателот особено за прашањата од надврешната и безбедносната политика бидејки без добра координација сите овие прашања тешко би се решиле ако се земе во предвид каква била целокупната состојба во СФРЈ во тој момент. Исто така може да се заклучи дека во тој момент владата имала и политичка подршка бидејки била подржувана од сите политички партии и била ослободена од политичко – партиски притисоци со што можела без притисок да се насочи кон решавање на а тековните проблеми во Македонија. И покрај тоа К. Глигоров сметал дека оваа влада е блиска до ВМРО-ДПМНЕ бидејки според него поголемиот дел од владата се или членови или симпатизери. Тој за тоа ќе каже: *Инаку во составот на Владата како што подоцна се потврди иако таа беше конституирана како експертска, сепак повеќето беа членови или симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ...*[151]Од другата страна и покрај тоа што во владата имало и членови на раководството на ВМРО-ДПМНЕ како на пример Александар Лепавцов кој бил министер за урбанизам и градежништво но и претходен кандидат за мандатар на владата сепак тогашното раководство оваа партија Првата влада не ја доживувала како влада од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Тогашниот лидер на партијата Љубчо Георгиевски ќе изјави: *Тоа не беше влада на ВМРО-ДПМНЕ, тоа беше влада на Киро Глигоров.*[152]Ваквите препукувања околу начинот на избор на владата ќе бидат чести во 90тите години но како што веќе споменавме тоа се должи пред се на политичкото неискуство на раководството на ВМРО-ДПМНЕ но и на политичкото искуство на К. Глигоров кој во такви тешки моменти успеал да го наметне својот авторитет и да биде водечка политичка фигура во Македонија.

---

[151] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 182-183

[152] Оваа изјава на Љубчо Геоѓиевски е употребена од документарниот серијал посветен на 20 години Македонска Независност , во епизодата посветена на 1991 година

### 3.3 Првите чекори кон независноста(Преговори, Разговори, Референдум, Прв Устав)

Додека траеле процесите во Македонија за формирање на новото Собранието на 10 јануари 1991 во Белград се одржала седница на Претседателството на СФРЈ кое практично означува почеток на серијата состаноци на Претседателите на републиките со цел да се спречи ескалирање на кризата во Југославија.[153] После изборот на К. Глигоров за претседател на Македонија тој активно ќе учествува на тие состаноци како претставник на Македонија и со неговите идеи ќе се обиде да помогне во зачувувањето на мирот во СФРЈ.

Набрзо Глигоров ќе стане речиси најголемиот авторитет во Македонија а неговиот кабинет ќе биде центар на случувањата во републиката.[154] Самиот К.Глигоров како искусен политичар проценил дека Хрватска и Словенија нема да отстапат од нивните ставови и дека нивниот правец се движи кон независност. Во една таква состојба тој сметал дека мирот би се зачувал единствено со формирање на заедница на суверени држави а доколку тоа не се реализира Македонија исто така би тргнала по својот пат на независност и дека Македонија не би можела да прифати скратена федерација во која таа би влегла. Веднаш после стапувањето на функцијата сметал дека е неопходно да оствари средби со раководствата на другите републики со цел да се усогласат ставовите околу иднината на Југославија. Прво такво патување на кое се упатил К. Глигоров е посетата на Сараево која се случила на 29 јануари 1991 година каде остварил средба со босанското раководство на чело со Алија Изетбеговиќ.[155] Него го придружувале претседателот на собрание Стојан Андов како и дотогашниот претседател на владата Глигорије Гоговоски.[156] На средбата во Сараево практично биле усогласени ставовите околу идното уредување на Југославија. Но знаејки дека клучно ќе биде однесувањето на Словенија и Хрватска тој сметал дека е неопходно да се разговара со раководството на тие републики со цел да се приближат ставовите на сите републики.

---

[153] Стојан Андов,Драматична 1991...,стр.25
[154] Денко Малески, Македонија во меѓународните односи,Бебто од катран, Скопје 2012,стр. 73
[155] Киро Глигоров,Македонија е се..., стр 258
[156] Исто

На 6 февруари 1991 година К.Глигоров гостува во Љубљана кај претседателот Милан Кучан.[157] На оваа средба и словенечкото и македонското раководство заклучиле дека новиот договор за иднината на Југославија треба да се гледа исклучиво по мирен пат. Набрзо на 19. Февруари во Скопје допатувала хрватска делегација предводена од Фрањо Туџман и Стипе Месиќ. На оваа средба двете раководства заклучиле дека иднината на Југославија може да се бара само како заедница на суверени држави. Овие три средби се исклучително важни за да се согледа правецот на македонската политика диктиран од К. Глигоров. Може да се заклучи дека правецот по кој тогаш се движела македонската политика е **или создавање на заедница на суверени држави или раздружување по мирен пат.** Очигледно оваа позиција значително се разликувала од позициите на Србија и Црна Гора кои биле предводени од Слободан Милошевиќ и Момир Булатовиќ кои се залагале за цврста федерација и зачувување на СФРЈ во тогашната форма. До месец март во СФРЈ сеуште функционирале Сојузното претседателство во некаква форма со што заедно со претседателите на републиките учествувале во разговорите за Југославија. На 22 февруари 1991 година во Сараево се одржала таква средба на кое присуствувале членовите на Сојузното Претседателство и претседателите на републиките. На оваа средба К. Глигоров ги потврдил ставовите за создавање на заедница на суверени држави наспроти создавањето на скратена југословенска федерација која во иднина би продуцирала исти проблеми. На оваа средба уште еднаш се потврдило дека четири држави(Словенија, Хрватска, БиХ и Македонија) прифаќаат сојуз на суверени држави додека две(Србија и Црна Горна) неприфаќаат таков сојуз и се залагаат за цврста федерација.[158] Овие средби кои што дотогаш се случиле претставувале само вовед за тоа што следувало понатаму.

Во периодот од 28 март до 18 април следеле серија на средби помеѓу претседателите наречени претседателски самити.[159] Овие средби биле специфични бидејки од една страна републиките се залагале за унапредување на институциите на СФРЈ кои веќе биле надживеани додека од друга страна

[157] Исто, стр 257-258
[158] Исто
[159] Овие самити од страна на медиумите уште биле наречени патувачки циркуси,поради интензитетот на средби кои се случувале во тој период

држави како Словенија и Хрватска веќе имале изградено став за сувереност. Сепак овие средби биле замислени да ги надминат економските и политичките разлики и да придонесат заеднички да биде креиран патот на републиките. Средбите се одржале на неколку локации и тоа: Сплит, Белград, Крањска Гора, Цетиње и Охрид.[160] На секој од овие самити секоја од републиките ги застапувала своите интереси посебно без разлика што Југославија сеуште формално постоела. Словенечката делегација на чело со Милан Кучан на овие средни се залагала за сувереност но без да се прекинуваат сите врски што дотогаш ги имала со другите држави во Југославија. Политиката за сувереност била потврдена и од словенечките граѓани на одржаниот референдум од декември 1990 година. Но, и покрај одржаниот референдум, останува впечатокот дека Словенците би прифатиле држава која би била заедница на суверени држави. Хрватската делегација на чело со Фрањо Туѓман се залагала за конфедрација односно заедница на суверени држави но тука останува впечатокот дека можеби со своите ставови тој ја минира ваквата идеја особено поради тоа што барал поголеми повластувања од другите републики. За таквите барања К. Глигоров ќе каже: *Тој беше познат како цврст поборник на идејата барем во тој период за создавање на конфедерација на суверени држави, при тоа за својата Република Хрватска бараше максимално, дури и повластени права и овластувања.*[161]

За разлика од Словенците и Хрватите, српската делегација на чело со Слободан Милошевиќ се залагала за цврста модерна федерација во која сите Срби би живееле во една држава. Делегацијата од Црна Гора предводена од Момир Булатовиќ практично ги делела истите ставови со Србите и речиси во ништо не се разликувале па така и тие барале цврста и модерна федерација. За разлики од другите држави БиХ исто така се залагала за решение за заедничка држава но со изразен суверенитет. За босанската делегација особено и било важно да се најде мирно решение соглед на структурата на населението со која располагала, но за жал после целосниот распад на СФРЈ таму ќе се случат најлошите работи за време на војните кои ќе беснеат низ просторите на поранешна Југославија. Тргнувајќи од ваквите позиции

[160] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр 260
[161] Исто ..., стр. 264

решението на проблемот  изгледало тешко но сепак сите се надевале дека ќе се најде некакво компромисно решение но и дека во исто време секоја од републиките ќе ги оствари своите интереси.

На првиот состанок кој се одржал во Сплит на 28 март 1991 година биле наметнати позитивните заеднички работи кои ги поврзуваат републиките но сепак останал впечатокот дека разликите се големи и суштински и дека треба уште многу да се работи на нивно решавање.[162] Втората средба од т.н самити се одржала на 4 април 1991 година во Белград каде на видели на излегла српско-хрватската нетрпеливост и каде се разговарало за обликот на уредување на Југославија но без позначајни промени во односите. Третиот самит се одржал на 11 април 1991 година во Брдо кај Крањ. Тука К. Глигоров и македонската страна ја застапува тезата дека републиките само како суверени држави можат да расправаат за решавањето на југословенската криза и дека, доколку една од републиките се отцепи од СФРЈ, Македонија нема да сака да остане во остатокот од Југославија.Набрзо ќе се создаде впечаток дека позитивна разрешница без употреба на сила е возможна посебно кога ќе биде истакната идејата за одржување на референдуми. Прашањето поврзано со референдумите централно место ќе земе на средбата во Охрид која се одржала на 18 април 1991 година. На таа средба, Македонија како домакин, а К. Глигоров како Претседател,во вилата „Билјана“-Горица, ќе бидат угостени претседателите на другите републики. Беа разгледувани важни прашања за заедничките интереси на републиките, како и за влијанието на меѓународниот фактор врз решавањето на југословенската криза.[163] Исто така, ќе се разговара за карактерот на идната југословенска федерација како и за нејзините заеднички функции, но сепак централно место ќе завземе прашањето за референдумите. На  оваа средба повторно се појавиле разлики бидејки Слободан Милошевиќ сметал дека Србија не треба да се изјаснува бидејки несака да се отцепе, а рефендум треба да организираат тие што сакаат да се отцепат. Неговиот став вообичаено бил подржуван од црногорскиот претседател Момир Булатовиќ. Сепак мнозинството на држави биле за одржување на референдум и на оваа средба ќе биде одлучено, до крајот на

---

[162] Исто

[163] Ахил Тунтев, Република Македонија, прва декада (1990-1999), Скопје 2005, стр. 13

мај на сите собранија од републиките да им се предложи да распишат рферендум на кој граѓаните преку најдемократската алатка ќе се изјаснат за иднината на Југославија. На состанокот во Цетиње кој се одржал на 29 април 1991 година повторно доминирало референдумското прашање а оваа задача била доверена на група експерти кои требало да изготват план за спроведување на референдумите.[164]

По самитот во Охрид се намалува интензитетот на средби помеѓу претседателите кој дотогаш се одржувале речиси секоја недела. Во меѓувреме почнале немирите во Југославија кои наговестувале граѓанска војна. На 2 мај на денот кој со децении во СФРЈ се славел како ден на трудот во Борово Село во Хрватска започнале првите немири. Тука дошло до вооружана престрелка поомеѓу полицијата составена од Хрвати и единици на ЈНА составена од српски војници. Во оваа престрелка имало 15 загинати од кои тројца биле цивили. Веќе било очигледно дека состојбата е повеќе од вжештена а дека СФРЈ се наоѓа пред граѓанска војна.

На 6 мај 1991 година во Сплит се случиле големи протести кои ескалирале и дошло до употреба на насилство. Главно обележје на протестите биле хрватски националистички пароли и употреба на хрватското знаме со шаховница со што била пратена порака дека Хрватите својата иднина ја гледаат надвор од границите на Југославија. За време на овие протести во Сплит од страна на цивилното население бил напднат тенк а бил нападнат и тенкистот кој се наоѓал внатре а тоа бил Тони Стојчев од Македонска Каменица.[165] Истиот тој ден во Сплит ќе се случи настан кој за жал ќе ја завие во црно Македонија, а тоа е убиството на војникот Сашко Гешовски од Кавадарци.[166] Сашко Гешовски ќе биде првата жртва која Македонија ја дала за време на распадот на Југославија бидејки сеуште непостоела можност македонските војници да бидат повлечени од редовите на ЈНА. Овие настани покажале дека пандорината кутија е веќе отворена и дека мора да се реагира побрзо со цел наоѓање на политичко решение за да се спречат насилните дејства. По смртта на Сашо Гешовски, бројот на загинати војници во јавноста

[164] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 264.
[165] Прилози од документарецот 20 години Независност, епиода 1991
[166] Исто

надмина 30, така што Глигоров ќе покаже особена грижа за дислокација на ЈНА од РМ и за враќање на македонските војници од боиштата и покрај грубото напаѓање од страна на политичките партии. Во едно посебно писмо испратено до генералот Кадиевиќ од август 1991 година Глигоров императивно побарал неколку работи: 1. македонските војници што се на отслужување на воениот рок, а дошле во Македонија од воените единици во Словенија и Хрватска, својата воена обврска да ја завршат во Македонија; 2. на војниците што се во Словенија да им се даде отсуство да си дојдат во Македонија каде што ќе го доотслужат воениот рок; 3. сите на кои им завршува воениот рок независно од каде доаѓаат да се отпуштат од ЈНА, без негово продолжуување. Без оглед на негативниот одговор од Белград, во Македонија продолжи да се спроведува идлуката за зачувување на нашите војници од нови мобилизации. После разговорот со командантот на Третата армија Кукањац, Глигоров свикал седница на Советот за одбрана на кој се донела одлука да не се праќаат војници од Македонија во ЈНА. Отежнатите преговори што биле водени со генералот Аџиќ на крај со повлекување на целокупното оружје била донесена фамозната одлука за повлекување на ЈНА. Со овој договор Република Македонија ја презела контролата врз целата своја територија со сопствен војска. Дислокацијата на ЈА од Македонија завршила заклучно со 15 април 1992 година. Последниот војник во униформа на Југословенската народна армија си заминал од Македонија на 27 Март 1992 година.[167]

Додека Македонија била во траума и шок по убиството на Сашко Гешовски македонското раководство морало да работи на донесување на Устав.[168] Според тогашниот Деловник за работа на Собранието предлог за донесување на Устав можеле да поднесат: Претседателот на државата, Владата или 30 пратеници од актуелниот пратенички состав на собранието.[169] Во координација со Владата и тогашниот претседател на Собранието, Стојан Андов било решено предлог за нов Устав да достави Претседателот К.Глигоров. Заинтересираност за тоа имало и во редовите на ВМРО-ДПМНЕ па се создала една трка со времето кој прв ќе го достави предлогот. Според службите на Собранието на 7 мај 1991 година прв кој доставува предлог за нов

[167] Киро Глигоров, Македонија ..., стр.195-209.
[168] Стојан Андов, Драматична 1991..., стр. 208-209
[169] Исто

Устав е Претседателот К.Глигоров и со тоа неговиот предлог станува официјален.[170] Поради ова се појавило незадоволство кај пратениците на ВМРО-ДПМНЕ но било решено тие да учествуваат со свои предлози кога ќе се случува самата расправа.

Во овј период веќе се јавуваат засилени отпори од страна на соседна Грција која изјавува дека нема да го признае едностраното прогласување на независност на било која југословенска република, отворајќи го повторно македонското прашање. Свесен за сите овие состојби, на 24 мај 1991, на собирот на просветните работници во Охрид, како и на свеченоста во делечво, по повод „Гоцевите денови" (1 јуни), Киро Глигорв како претседател на Република Македонија посебно ќе говори за политиката кон соседните земји, за отвореноста за најширока соработка и се изјаснува за дијалог по сите прашања. Истовремено тој зборува за грижата на Република македонија за македонското национално малцинство во соседните земји.[171]

Последниот, шести самит помеѓу претседателите на републиките се случил, по три одложувања, на 6 јуни 1991 година во Стојчевац, кај Сараево.[172] Овој претседателски самит може да се окаректеризира како посебно важен поради тоа што биле направени последните обиди пред официјално да почнат крвавите немири кој ќе предизвикаат војни кои ќе беснеат уште неколку години на престорот чиј симбол беше братството и единството. К.Глигоров и А. Изатбеговиќ се потрудиле да бидат гласот на разумот со тоа што изготвиле платформа која требала да биде основа за создавање на една идна југословенска заедница. Двајцата освен интересите на своите републики се раководеле и од помислата да бидат избегнати воените дејства а во исто време на компромисен начин да бидат задоволени интересите на републиките. Оваа платформа во историјата е позната како платформа Глигоров-Изетбеговиќ и инаку доби подршка од македонското Собрание[173]. Пред да биде напишана ова Платформа постоела комуникација помеѓу двајцата претседатели и нивните тимови разменувале идеи како би требало да изгледа идната заедница. Со цел да бидат задоволени повеќе интереси Платформата

[170] Исто
[171] Ахил Тунтев, исто, стр. 17
[172] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 262
[173] Ахил Тунтев, исто, стр. 14

се базирала врз неколку принципи: 1. иднината на Југославија да се темели врз основа на суверенитетот на републиките со цел да се оневозможи доминација на некоја од републиките 2.постигнување на договор за заеднички органи за остварување на заеднички функции со цел формирање на заедничка алка за одржување на една заедница 3. неоспорност на човековите права како и тоа еконоските интереси да бидат засновани врз основа на заеднички пазар заснован врз практиките на ЕЕЗ.[174] На овие принципи може да се додаде и идејата за регулирање на надворешните односи каде се предвидувало еден дел од тоа да превземат републиките така што секоја од нив посебно би била членка на Обединетите Нации. Интересите на републиките не дозволувале да направат компромис околу вториот принцип кој предвидувал создавање на заеднички органи. Тука се предвидувало: дека војската останува под надлежност на федерацијата, други делови од областа надлежноста исто така да бидат под надлежност на федерацијата, дел од девизните резерви да одат во централната Народна Банка-Белград. Овие работи значеле дека мора да постојат органи кои ќе ги поврзуваат републиките, но токму дел од овие барање биле неприфатливи и се покажало дека дел од републиките не се спремни на компромис по тие прашања. Оваа Платформа, и покрај тоа што не претставувала краен начин на решавање на кризата, туку претставува една основна рамка која би можела да се надградува, покажала дека сепак разликите се тешко надминливи и дека пронаѓање компромисно решение кое би значело создавање на заедница на суверени држави е тешко остварливо. Од друга страна оваа Платформа покажува дека авторитетот на К.Глигоров е неспорен и дека може активно да учествува во настаните и да претставува регионален играч кој ќе помогне југословенската криза да се реши на мирен начин. Новиот премиер на Република Словенија Алоиз Петерле кој на функцијата дошол после одржувањето на првите повеќе партиски избори во Словенија сметал дека овој предлог е прифатлив, додека С.Милошевиќ го отфрлува предлогот и ги застапува позивиите сите Срби да живеат во една држава. Со ова платформата Глигоров-Изетбеговиќ ќе доживее неуспех а нејзиното отфрлање само го забрзало процесот на распаѓање на СФРЈ и ја уништило можноста кризата да се реши по мирен пат.

[174] Киро Глигоров, исто, стр. 269-270

Раководството на српската комунистичка партија на чело со С. Милошевиќ имало стратегија каде главна намера била да ги задржи т.н српски територии надвор од границите на Србија каде Србите биле мнозинство со цел сите Срби да живеат во една држава. Без разлика што во тој момент тие се залагале за цврста федерација биле свесни дека распадот на Југославија е неизбеженно Македонија би била употребена за остварување на тие интереси. Тоа може да се види и од посетата на последниот министер за одбрана на Југославија генерал Велјко Кадиевиќ која се случила на 12 јуни 1991 година во Скопје.[175] На оваа средба практично ќе биде поставено прашањето за македонските војници и за македонските регрути кои требало да бидат искористени во идните борби на ЈНА во Хрватска и Словенија. На оваа средба македонското раководство имало задача да го постави прашањето за повлекување на македонските војници од ЈНА но за жал средбата ќе заврши неуспешно поради судирот помеѓу Кадиевиќ и Кљусев, каде од страна на Кљусев било потенцирано дека буџетот на војската е прилично голем и дека тие пари би требало да се вложат во развој на Југославија.[176] Токму овие ставови ќе бидат повод за недоразбирање и военатa делегација од Белград го напуштила состанок.[177] Но овој состанок покажува дека и раководсвото на ЈНА било свесно дека Македонците не се расположени повеќе да учествуваат во составот на ЈНА, всушност затоа и е побаран состанок со цел да се види расположението во Македонија поврзано со ова прашање. За таквото расположение придонесло тоа што се позачестено се појавувале случаеви на загинати војници на просторот на Југославија.Во меѓувреме се позасилени биле провокациите во Словенија и Хрватска а било очигледно дека војната е на повидок.

И покрај бројните средби кои ги оствариле претседателите на републиките било очигледно дека Србија, Хрватска и Словенија не се спремни на компромис а Југославија забрзано се движела кон распад. На 25 јуни 1991 година парламентите на Хрватска и Словенија донеле одлука со која двете држави прогласуваат независност. Со овие одлуки бил ставен крај на СФРЈ како политичка творба, која опстојувала 46 години на политичката карта во

---

[175]Никола Кљусев, Предизвици, Скопје 1998, стр.147

[176] Исто

[177] Исто, стр. 151

Европа. Овие настани кои се случувале во парламентите на Хрватска и Словенија биле повод да започнат серијата на војни кои на Балканот ќе траат речиси една деценија. ЈНА најпрво официјално ќе започне војна со Словенија а потоа и со Хрватска. Војната помеѓу ЈНА и Словенија ќе трае околу еден месец додека војната помеѓу ЈНА и Хрватска ќе трае долго односно се до 1995 година и потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор. Во една ваква сложена состојба голем предизвик на македонското политичко раководство претставувало прашањето како Македонија да излезе од оваа криза без војна. Ситуацијата во Македонија дополнително станала покомплицирана поради немање заеднички став помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и СКМ-ПДП.

Веднаш по прогласувањето на независноста на Хрватскка и Словенија, на 25 јуни 1991 година пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе Предлог-резолуција за независност на Македонија.[178] Оваа Предлог-резолуција од страна на ВМРО-ДПМНЕ била бранета со фактот што Хрватска и Словенија се осамостоиле и дека она што останува од Југославија всушност станува Србославија и во една таква состојба Македонците би биле убедливо малцинство во таа држава.[179] Оваа Резолуција предизвикала поделеност во македонскиот парламент бидејки мнозинството на пратеници биле против ваквиот начин на прогласување на независност. Мнозинството пратеници предводено од СКМ-ПДП, успеало да го наметне својот став за неприфаќање на оваа резолуција, па пратениците на ВМРО-ДПМНЕ биле принудени на повлекување на резолуцијата.[180] Во овој период македонскиот политички врв на чело со К.Глигоров, Стојан Андов и Никола Кљусев бил пред крстопат по кој пат и на кој начин да биде извојувана незавосноста. Ова прашање веќе било на дневен ред во Собранието а за него била задолжена комисијата за уставни прашања. Во тој период како позитивен пример се издвоил примерот со Словенија каде во месец декември бил одржан референдум за иднината на Словенија. На овој референдум граѓаните на Словенија јасно ја изразиле својата волја а тоа било создавање на независна словенска држава. После три неделни воени дејства била потпишана т.н. “брионска декларација” врз чија основа подоцна бил потпишан документ со кој се предвидувало прекин на

[178] Стојан Андов, Драматична 1991..., стр.244
[179] Исто.
[180] Исто, стр.245

воените дејства и разместување на единиците на ЈНА од Словенија во БиХ, Хрватска и Србија.[181] Она што е значајно за овој документ е тоа што е потпишан врз основа на спроведениот референдум во Словенија.

За разлика од Словенија во Хрватска таков референдум не се одржал а независноста ја прогласил хрватскиот сабор. Прогласувањето на независност без спроведување на рефендум ќе биде еден од главните аргументи на ЈНА за превземање на воени дејства во Хрватска. Токму овие настани ќе го дадат правецот на  македонскиот политички врв патот кон независноста да го оди по правецот на Словенија и одржувањето на референдум. Овој правец на решавање на прашањето делумно ќе биде нарушен од страна на владата на чело со Никола Кљусев. Во периодот од јули до почетокот на август владата ја пласирала идејата за предложување на  донесување на собраниски акти со кој Македонија би се раздружила од СФРЈ и би прогласила независност.[182] Оваа идеја не наишла на одобрување од страна на военото раководство на ЈНА и предизвикало раздвижување на генералите на ЈНА во Македонија и се повеќе бил присутен ставот дека донесување на едни такви собраниски акти може да значи напад на ЈНА кон Македонија. Поради ова една група на генерали отишле на средба кај К.Глигоров и му ги образложиле нивните ставови. Податоци за оваа средба дава Стојан Андов кој ќе каже: ... *од службите на собранието бев информиран дека Претседателот на Републикава ме замолува за извесно време да ја прекинам седницата и да појдам во вилата на Водно на состанок каде и тој учествува. Појдов во вилата на Водно и таму видов како во една мала сала Глигоров држи состанок со дваесетина воени лица, Македонци сите во униформи на ЈНА. Ги препознав генералите: Дане Петковски, Тихо Шаревски, Методија Стефановски, Александар Спирковски, Миле Ружиновски и уште неколку други... Секој од нив во кусо излагање прецизно го изнесуваше своето мислење. Според она што го разбрав,суштината на нивните мислења беше нивната сигурност дека-ако Собранието ги усвои предлозите на Владата, што тие старешини ги нарекуваа предлози на ВМРО тие се сигурни оти војската ќе интервенира а тие лично неможат со ништо да спречат. Рекоа дека и лично сметаат дека*

[181] Исто, стр.246
[182] Исто, стр. 256

*Собранието нема право самото да решава.*[183]Ваквите размислувања и предлози несомнено биле потикнати од ВМРО-ДПМНЕ бидејки како што споменавме вакви акти во Собранието прва ќе поднесе пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, затоа овие акти уште се нарекувани предлози на ВМРО. Прашањето кое се поставува која е причината на едно вакво делување? Од она што се располага како податоци постојат три причини кои довеле до тоа да се влечат такви политички потези. Првата причини е поради тоа што ВМРО-ДПМНЕ сметал и сакал да се наметне како носител на процесот за стекнување на независност и веројатно раководството сметало дека сега историските прилики се такви што мора да се искористат и поради ова се обвинети од тогашното раководство на чело со К.Глигоров и Стојан Андов дека ја присвоиле таа идеја и дека таа идеја е многу стара. За ова К.Глигоров ќе каже: *идејата за држава на Македонците, која денес најчесто си ја присвојуава ВМРО-ДПМНЕ, секако, е многу постара...*[184]Втората причини е недовербата кон политиката која ја водела СКМ-ПДП која сеуште зборувала за опстанок на СФРЈ како и одложување на референдумот кој требало да се одржи во мај. Третата причина може да се бара во надворешните влијание кои биле присутни во ВМРО-ДПМНЕ односно хрватското влијание на партијата ХДЗ кое било присутно во партијата.[185] Во тој временски период постоеле контакти помеѓу двете партии а и идеолошки биле блиски помеѓу себе. Дека контакти постоеле покажува и посетата на потпретседателот на хрватскиот Сабор, Владимир Шекс. Веднаш по убиството на Сашко Гешовски на 7 мај 1991 тој допатувал во Скопје како гостин на ВМРО-ДПМНЕ.

Стојан Андов во своите спомени кажува дека Фрањо Туѓман се залагал да влијае врз процесите во Македонија и ВМРО-ДПМНЕ да дојде на власт. Ова се случило на средба во Белград на 10 јануари 1991 година за која ќе каже... *Туѓман ми кажа дека неговите од партијата ХДЗ сметале дека треба да влијаат на условите во Македонија, така што ќе помогнат ВМРО-ДПМНЕ, Сојузот на реформски сили и ПДП да формираат влада, а во опозиција да биде СКМ-ПДП.*[186] Интересите на ХДЗ во тој момент биле во Македонија на

---

[183] Исто
[184] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 201
[185] Стојан Андов,, Драматична 1991, стр252-253
[186] Исто

власт да дојде партија која ќе ги помогне процесите на распаѓање на Југославија а со тоа би ослабнала и позицијата на С.Милошевиќ бидејки општо е познато дека после промената на Петар Гошев од челото на СКМ-ПДП и доаѓањето на Бранко Црвенковски на чело на партијата, тие сеуште настапувале со ставовите дека Југославија нема да се распадне. Втора причини претставувала тоа што доколку на власт би дошла ВМРО-ДПМНЕ и би донела акти за раздружување тоа би можело да предизвика воена интервенција на ЈНА врз Македонија а на тој начин доколку би имало судир помеѓу Хрватска и ЈНА, немало сите војски да бидат распоредени околу Хрватска и Словенија туку еден дел ќе мораше да бидат распоредени и во Македонија со што би се олеснала положбата на хрватските сили. Сепак, имајки ги предвид силите во Собранието две највлијателни политички фигури во тој момент биле К.Глигоров и С.Андовкои контролирале или имале авторитет над педеситина пратеници а тука биле и ПДП кои имале заладени односи со ВМРО-ДПМНЕ, па поради тоа обидите на ВМРО-ДПМНЕ било невозможно да се реализираат.

Во овој период комуникацијата помеѓу Претседателот К.Глигоров и раководството на ВМРО-ДПМНЕ не било на високо ниво, а тие односи биле нарушени уште во февруари кога К.Глигоров не го дава мандатот на ВМРО-ДПМНЕ иако тие биле партија со најмногу пратеници во Собранието. Кулминација во заладување на овие односи се случува кога треба да се донесе одлука за одржување на референдум во Македонија. Како што веќе споменавме генералите на ЈНА во Македонија упатуваат јасна порака дека прогласување на независност врз основа на собраниски акти војската нема да прифати.[187] Токму оваа средба ќе ја забрза потребата од донесување на одлука за одржување на референдум. Поради ова Претседателот К.Глигоров, ќе свика средба на која требало да присуствуваат претставниците на политичките партии и нивните лидери. На оваа средба освен К. Глигоров присуствувале: Бранко Црвенковски и Никола Поповски од СДСМ, Стојан Андов- Претседател на Собрание, Зоран Крстевски-координатор на пратеничката група на Сојузот на Реформски сили и Киро Поповски-претседател на СПМ. На овој состанок било решено Никола Попоски и Зоран

[187] Исто

Крстевски да поднесат предлог-одлука за свикување на референдум, по што претседателот на собранието Стојан Андов би свикал седница.[188] Како што може да се види, на оваа средба не бил викнат претставник на ВМРО-ДПМНЕ и ПДП што ќе предизвика оправдан револт кај овие партии и ќе покаже дека ВМРО-ДПМНЕ како најголема партија во тој период е маргинализирана и исклучена од главните политички процеси во Македонија.Овој револт ќе предизвикаоправдана реакција, но и сомнеж околу одлуката за референдум,особено заради податокот дека раководството на СКМ-ПДП, ги застапувало тезите за опстанок на Југославија. Референдумот кој претходно бил планиран во месец мај бил откажан, па така раководството на ВМРО-ДПМНЕ сметало дека со оваа одлука може да се направат манипулации за време на референдумот. На овие сомнежи е додено и тоа дека македонските делегати сеуште учествувале во работата на Претседателството на СФРЈ. Ваквите ставови биле истакнувани во Собранието на Република Македонија а во еден свој говор Доста Димовска тогашен потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ ќе изјави:*иако во Сојузниот сабор ги нема делегатите од Хрватска и Словенија и натаму учествуваат во работата на Саборот делегатите од Македонија... Натаму, два пати најавуваниот референдум во текот на мај без објаснување не се одржа. Доколку се одржеше референдумот сега Македонија ќе беше во многу поповолна позиција и немаше ние да водиме тука бесконечни расправи.*[189]

Како што било договорено, пратениците Никола Поповски и Зоран Крстевски поднеле предлог-одлука за референдум а во исто време била и извршена координација со Владата и таа да изготви предлог-одлука со цел оваа одлука да биде проследена со консензус помеѓу Собранието и Владата и да се покаже дека сепак постои единство во државниот врв и покрај тоа што претходно Владата имала обид за донесување државни акти во Собранието. Стојан Андов запишал дека предлогот за тоа како ќе изгледа референдумското прашање бил на К.Глигоров. Според неговите зборови Претседателот К.Глигоров на еден од нивните состаноци го формулира прашањето и му дава да го прочита. Прашањето гласело: "Дали сте за самостојна и суверена држава

[188] Исто, стр.259
[189] Доста Димовска, Македонија највисока убавина, Макавеј-Скопје, стр.21-22

Република Македонија со право да стапи во иден Сојуз на суверени држави на Југославија".[190] Вака поставеното прашање предизвикало нов револт во Собранието, посебно помеѓу редовите на ВМРО-ДПМНЕ и ПДП а кулминацијата се случила на самата седница. Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и од ПДП енергично и упорно повторуваа дека за нив е неприфатливо прашањето така како што е поставено во предлог-одлуката.[191] За двете партии неприфатлив бил вториот дел од прашањето бидејки тоа било заложба на Македонија за опстанок на Југославија. Ставовите на ВМРО-ДПМНЕ веќе подолго време биле јасни а тоа била целосна независност и самостојност, додека ставовите на Албанците биле дека тие во никој случај нема да се заложат за опстанок на СФРЈ бидејки во таа држава биле ускратени сите права на Албанците. Според двете партии вториот дел од прашањето бил само показател дека К.Глигоров е последен политичар кој се бори за опстанок на СФРЈ а главен доказ за тоа била платформата Глигоров-Изатбеговиќ. Ваквиот став К. Глигоров го бранел со тезата дека токму тој дел од прашањето спречува било каква воена интервенција на ЈНА. Овие стравувања на К.Глигоров не биле оправдани од причина што словенечкиот референдум се одржува на 25 декември 1990 година и истиот се одржал без поголеми проблеми, а ЈНА не си дозволила да влијае врз неговиот исход. Исто така и главен принцип на Брионската декларација со која се завршила војната во Словенија е одржувањето на референдумот на кој граѓаните слободно ја изразиле својата волја. И покрај ваквите негодувања референдумското прашање било поставено целосно со двата дела и подоцна како такво било ставено на гласачките ливчиња.

Како што веќе кажавме расправата на денот кога се одржала седницата, односно 6 август 1991 година, била жестока а на предлог на претседателот на собранието, гласањето било тајно.[192] На крајот од гласањето исходот бил позитивен и референдумското прашање било изгласено а со тоа била изгласана и одлука за референдум. Било одлучено референдумот да се одржи на 8 септември 1991 година.[193] По оваа седница, Комисијата за изведување на

[190] Стојан Андов, Драматична 1991..., 262
[191] Исто, стр. 266
[192] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.202
[193] Ахил Тунтев, исто, стр.17

референдум ги започнала своите активности а посебен акцент се ставило на медиумското претставување со цел граѓаните што е можно подобро да се информираат за престојниот референдум. Завладеала предреферендумска атмосфера и се објаснувало историското значење на референдумот. Истовремено, пред референдумот се забележува засилена антимакедонска пропганда во белградскиот печат, како и од грчките и бугарските политички кругови.[194]

Државата била пред голем предизвик а со тоа пред голем предизвик било целото македонско државно раководство. Треба да се спомене дека поради специфичноста на ситуацијата дел од раководството посебно од владата биле загрижени за својата безбедност.Според нив постоеле информации дека КОС планирала да киднапира некој од раководството. Поради вaквите состојби претседателот, К. Глигоров свикал состанок на кој освен него учествувале: Никола Кљусев, Блаже Ристовски, Јордан Мијалков и Љубчо Георгиевски. На овој состанок министерот за внатрешни работи Јордан Мијалков дал предлог целото државно раководство да спие во тајни станови кои биле сопственост на МВР. Ваквата идеја иако била прифатена од Никола Кљусев, Блаже Ристовски и Љубчо Георгиевски а била отфрлена од Стојан Андов, додека К. Глигоров останал воздржан. На крај идејата била целосно отфрлена додека сите останале да спијат во своите домови.[195] Ова покажува дека и покрај тоа што Македонија имала легално избрана власт, сепак влијанието на ЈНА и југословенските тајни служби сеуште било големо до тој степен за да може да предизвика страв кај македонското државно раководство.

Додека траеле подготовките и додека течела кампањата за референдум во владата се случила значајна промена, со тоа што бил сменет првиот министер за одбрана Ристо Дамјановски, по професија офицер со чин полковник а негово место бил поставен универзитетскиот професор Трајан Гоцевски.[196] Ова од страна на Премиерот Никола Кљусев било брането со фактот дека не покажал лојалност кон државата посебно кога била одземена документацијата за македонските регрути со цел да не бидат повикани на

---

[194] Исто, стр. 17-18
[195] Стојан Андов, Драматична 1991...,стр.271-272
[196] Исто, стр. 274

отслужување на воен рок во ЈНА. Поради ваквите настани, според Н. Кљусев тој протестирал на владина седница и се повикувал на сојузните југословенски закони. Исто така, за грев на Ристо Дамјановски му се препишувало и тоа што пред медиумите изјавил дека тој одбраната ја гледа интегративно на просторите на цела Југословија како што било и дотогаш.[197] Оваа изјава ја дава по прашање на новинар: што мисли за желбата на Македонците воениот рок да го служат во Македонија?[198] Во врска со овој случај треба да се спомене дека К. Глигоров како претседател не завзел страна иако за време на собраниската седница кога се случувало разрешувањето бил присутен. Тој ја почитувал одлуката на примерот Кљусев, а во исто време не се вмешал во работите владата. Ова е интересно да се истакне бидејки за време на неговиот мандат, Ристо Дамјановски ќе биде унапреден во чин генерал. Овој настан ќе биде искористен во врска со очекуваниот референдум за  да влијае позитивно врз него бидејки ова само претставувало продолжение на незадоволствотокон ЈНА кое за прв пат отворено се манифестирало со незадоволството на мајките на војниците кои биле во служба на ЈНА.[199]

Референдумот се одржал на 8 септември 1991 година,а во тој момент според избирачкиот список гласот можеле да го дадат вкупно 1.495.807 гласачи. Тоа била можност македонскиот народ и другите етнички заедници да се определат и да придонесат за создавање на независна, суверена и самостојна Македонија. Како што веќе напоменавме, дел од македонското државно раковоство меѓу кои и К.Глигоров се плашело да не дојде до некоја интервенција на ЈНА за време на референдумот. Денот на референдумот поминал мирно, но очигледно станало дека албанското малцинство го бојкотира референдумот бидејки излезноста во албанските средини била искулучително ниска. За текот и начинот на гласање како и за референдумскиот исход била задолжена Републичката Изборна Комисија. По завршување на референдумот РИК излегол со следните податоци:

---

[197] Исто

[198] Изјавата е на Ристо Дамјановски од серијалот 20 години Независност - 1991

[199] Ова незадоволство кулминирало со протест на мајките и жените на војниците кои биле во служба на ЈНА,  протестот  завршил со влегување на жените во салата за пленарни седници каде оствариле средба со раководството на државата

-од вкупното гласачко тело што го сочинуваат1.495.807 граѓани, на референдумот се изјасниле 1.132.981 граѓани или 75,74%

-со "за" се изјасниле 1.079308 граѓани или 72,16% од вкупното тело, со против сеизјасниле 39.639 граѓани или 3.5%, а неважечки беа 13.648 гласачки ливчиња или 1,2%. Во овие гласови се пресметани и гласовите на нашите граѓани на привремена работаво странство,а од нив вкупно гласале 58.126 од кои за гласале 57.327, со "против" гласале 653, неважечки гласачки ливчиња 146.[200] Според овие резултати, народот јасно се определил за независна, суверена и самостојна Македонија.

По објавените резултати следела еуфорична атмосфера во Македонија а во Скопје била оргнизирана централна прослава на која требало да се појави целото државно раководство. На централната прослава се појавиле претседателот Киро Глигоров, премиерот Никола Кљусев заедно со членови од владата додека не се појавил претседателот на Собранието Стојан Андов кој ќе биде обвинет дека неверувал дека референдумот ќе биде успешен и дека избегал во Солун.[201] Пред преполниот плоштад "Маршал Тито" на присутните граѓани ќе се обрати Претседателот К.Глигоров со зборовите: "*Граѓани и граѓански на Македонија, дозволете вечерва на вас и на сите граѓани и граѓанки на Македонија да ви ја честитам слободна, суверена и самостојна Македонија".*[202] Со ова ќе биде заокружен еден процес на можеби најдраматични и најсудбоносни настани во историјата на македонскиот народ. Во овие настани каде што постоела веројатност и од воена интервенција на ЈНА македонското политичко раководство сепак успева да ги надмине политичките разлики и да се обедини за прашање кое ја одредувало судбината на Македонија и на македонскиот народ.

Врз основа на резултатите од референдумот, Собранието на РМ на седницата од 17 септември 1991 година донесе декларација со која се констатира дека граѓаните на република македонија ја потврдија сувереноста и независноста, изразувајќи ја желбата таа да биде конституирана како

[200] Извештај за спроведување и резултат на референдумот испратен до Собранието,Скопје 1991
[201] За ова бил обвинет од владата и Премиерот Н. Кљусев
[202] Оваа е изјава е превземена од документарецот 20 години Независност, епизода 1991

самостојна, суверена и независна држава.[203]Во оваа Декларација биле зацртани и надворешнополитичките определби на РМ.

Несомнена голема историска улога во сите овие процеси на безболно осамостојување на Република Македонија одигрува К. Глигоров кој во време на сериозни политички поделби успева да наметне авторитет и да го менаџира и координира целиот процес. Тој успева да влијае врз Владата да ги повлече актите за  независност кои ги имала поднесено до собранието и со тоа да го овозможи патот кон одржување на референдум. Исто така со негова координација е поднесен Предлог-одлука за одржување на референдум со што референдумот бил распишан. Во неговите претходни настапи пред медиумите ја застапувал тезата, дека доколку само една од републиките излезе од федерацијата дека и Македонија ќе бара осамостојување  а со тоа влијаел врз јавното мислење во Македонија. Ова покажува дека К.Глигоров ја имал водечката улога во организирањето и постигнувањето на резултатите од овој референдум кој пак ќе биде основа за решавање на другите предизвици кои следувале. Доколку овој референдум не се случел патот кон меѓународните организации кој и така бил тежок сигурно ќе бил уште потежок а постоела голема веројатност и од интервенција на ЈНА со што воените дејства од Хрватска би се прошириле во Македонија. Со ваквиот исход Македонија успеала на најдемократски начин своите интереси да ги оствари без воени средства и да ги заштити своите граѓани од војна. Развојот на настаните сигурно немало да биде таков доколку К.Глигоров не го вложел целиот свој политички и интелектуален капацитет во овој процес.

Одржувањето на референдумот иако бил најважен елемент сепак претставувало само почеток во процесот на стекнување на независност. Следен чекор на државното раководство било донесување на нов демократски Устав, во кој ќе се зацврсти плуралистичкиот систем, ќе биде воведена пазарна економија и ќе бидат загарантирани човековите права но и ќе биде во чекор со уставите на најразвиените демократски држави. Во време пред да биде донесен првиот Устав во Собранието се случила собраниска криза која можела да ја сруши владата а тоа би значело пролонгирање на носење на Уставот.

[203] Новица Велјановски, Македонија 1945-1991, државност и независност,  Скопје 2002, стр. 365

Пратеничката група на СДСМ на крајот на септември 1991 година незадоволна од работата на министерот за внатрешни работи Јордан Мијалков решила да бара негово разрешување и за тоа поднела интерпелација.[204] Оваа интерпелација можела многу набрзо да се прошири и да се побара одговорност од цела влада особено ако се земе во предвид фактот дека Никола Кљусев и Јордан Мијалков биле најблиски соработници.Со договор помеѓу Стојан Андов и Киро Глигоров оваа криза била надмината. Експертската влада продолжила да функционира, а со тоа немало никакви  пречки за донесување на Првиот Устав на РМ. Оваа одлука била мудра одлука бидејки прогласување на независноста била невозможна без донесување на новиот Устав.

Како што претходно споменавме,на 6 мај 1991 година предлогот за новиот Устав го дал претседателот К. Глигоров иако обид за доставување на предлог имало и од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Оваа тешка историска задача била дадена на истакнати универзитетски професори: Владо Поповски, Љубомир Фрчковски, Лазар Китановски, Димитар Мирчев кои во голем дел биле предлагачи на текстот на Уставот.[205] Донесувањето на Уставот предизвикало нови поделби помеѓу пратениците во Собранието бидејки се појавиле дискусии како треба да изгледа првиот Устав, односно дали Уставот треба да биде граѓански или да биде национален. Според пратениците на ВМРО-ДПМНЕ Уставот требало да биде национален и да се истакне дека Македонија е држава македонскиот народ и како држава на граѓаните-на нејзините претставници,пред се заради правото на самоопределување. На ваквите тврдења реагирале пратениците Албанци кои сметале дека со ова се скратуваат правата на Албанците кои претходно ги добиле со Уставот во 1974 година во кој се велело дека Македонија е држава на македонскиот народ и албанското и турското малцинство.[206] Албанските пратеници биле жестоки со своите критики бидејки биле незадоволни и од начинот на употреба на албанскиот јазик дури и најавиле дека нема учествуваат во неговото донесување па така се создавала една напната атмосфера.  Од друга страна, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ сметале дека нормативниот дел на Уставот им дава многу права на другите етнички заедници и дека треба да има промени.

[204] Стојан Андов, Драматична 1991...,стр 289
[205] Киро Глигоров,Македонија е се..., стр.213
[206] Исто, стр.214

Процесот на донесување на Уставот започнал на 5 октомври 1991 година со работата на Уставната комисија на Собранието со која раководел Стојан Андов. Уставната комисија имала сериозна задача и требало да се поминат две читања на Уставот. Првото читање траело до 22 октомври1991 а второто читање на комисијата траело од 25 до 28 октомври 1991 година. За време на работата на уставната комисија не биле поправени односите помеѓу македонските пратеници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ и албанските пратеници од редовите на ПДП и сеуште имало нетрпеливост помеѓу нив.[207]

Седницата за донесување на првиот устав била закажана 9 ноември со следниот дневен ред: донесување на нов Устав, донесување на Одлука за прогласување на нов Устав и донесување на Уставен закон за спроведување на новиот Устав. Било предвидено свечената седница на која ќе се донесе Уставот да се одржи на 10 ноември 1991. На предвидениот датум на 10 ноември работата не напредувала според предвидениот интензитет а состојбата уште повеќе се искомпликувала кога пратениците на ПДП го напуштиле парламентот. Работата продолжила наредниот ден на 11 ноември но пратениците од редовите на ВМРО-ДПМНЕ побарале пауза од два дена. Наредната седница била закажана за 14 ноември 1991 година но тој ден се одржале протести кои дополнително ја отежнале состојбата за Уставот да биде донесен.[208] Тие протести биле поттикнати од наметнатото јавно мислење дека Уставот дозволува многу права на другите етнички заедници особено албанската, па според податоците кои ги дава Стојан Андов, според проценките на обезбедувањето на Собранието имало повеќе од 10000 протестнати, а според оценките на медиумите и на некои политички лидери во демонстрациите учествувале околу 15000 демонстранти.[209] За време на овие демонстрации Претседателот К. Глигоров се наоѓал во Сараево каде имал средба со претставникот на ЕЗ Питер Карингтон и неможел да помогне во подобрување на состојбата. За состојбата да биде уште покомплицирана во Македонија не се наоѓал ниту Премиерот Никола Кљусев кој заминал на патување за Австралија, а во Македонија не се наоѓал ниту претседателот на

[207] Дејан Маролов, Оливер Митев, Создавањето на независна Република Македонија, внатрешни состојби и надворешна политика, Штип 2016, стр. 96
[208] Стојан Андов, Драматичма 1991..., стр. 299
[209] Исто, стр.300

ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Георгиевски кој се наоѓал на патување во САД.[210] Овие факти укажуваат дека со отсуството на најважните функционери на државниот врв големиот товар во предвечерието на донесување на Уставот паднал на Претседателот на Собранието Стојан Андов.

Седницата која требало да се одржи на 14 ноември продолжила на 15 ноември и траела до 17 ноември 1991 година кога конечно бил изгласан Уставот. Според кажувањата на К.Глигоров тогаш преовладало чувство на заедништво бил обезбеден консензус и Уставот бил изгласан. Уставот бил изгласан со 92 гласа ЗА. За уставот воопшто не гласале пратениците Албанци од ПДП, додека ЗА одлуката за негово прогласување гласале 96 пратеници од кои еден бил пратеник на ПДП.[211] Ова покажува дека во најсудбоносните денови на Македонија и македонскиот народ Албанците не дале подршка во клучните моменти од прогласување на независноста. Како што споменавме за време на референдумот на 8 септември 1991 година Албанците го бојкотираа а за време на донесување на Уставот тие воопштоне гласаа.

На 19 ноември 1991 година била свикана свечена седница по повод прогласувањето и донесувањето на Уставот на која присуствувале највидните личности од политичкиот и општествениот живот во Македонија. На оваа седница единствен говорник бил претседателот К. Глигоров што укажува на неговиот авторитет во тој временски период. Со јасно изразената волја за време на референдумот на 8 септември и донесување на првиот Устав на 17 ноември 1991 година биле направени првите чекори за меѓународно признавање и целосно вклучување на Македонија во светот на независни, суверени држави и меѓународни асоцијации.

---

[210] Исто, стр.302
[211] Исто, стр. 303

## ГЛАВА 4

### Претседателски активности од 1991 до 1993 година (Борба за меѓународно признавање)

### 4.1 Дипломатските активности на Киро Глигоров во 1991 год. и периодот пред падот на експертската влада

По одржувањето на референдумот и донесувањето на новиот Устав, раководството на државата ја интензивира својата меѓународна активност за етаблирање и признавање на земјата од страна на меѓународната заедница. Во овие рамки мошне голема била улогата на претседателот на државата. Така освен внатрешните, К. Глигоров имал и значајни надворешни обврски. На прво место тука доаѓале обврските кои претставувале продолжение на средбите и разговорите кои ги имал со претседателите на другите републики. Овие обврски предвидувале средби со високи претставници на Европската Економска Заедница но и со политички претставници на други европски и светски земји. Бидејки ситуацијата била напната, СФРЈ била посетувана од претставници на повеќе европски земји. Тие средби започнале уште пролетта кога СФРЈ била посетена од т.н европска тројка Жак Пос, Џани де Микели и Ханс ван дер Брук односно од министрите за надворешни работи на Луксембур, Италија и Холандија. Оваа средба се случила на 9 април 1991 година и било дадено до знаење дека Југославија може да се интегрира во Европската Заедница ако опстане како една целина. Ова било само почеток во вмешувањето на ЕЗ во југословенската криза бидејки набрзо СФРЈ била посетена од највисоки претставници на ЕЗ.

Во периодот од 29 до 31 мај во Белград претстојувале Претседателот на ЕЗ, Жак Делор и Претседавачот со ЕЗ Жак Сантер.[212] За време на оваа посета високите европски претставници имале средби со секој од Претседателите на републиките поединечно. Така за време на ова нивно гостување во Белград тие оствариле средба со К.Глигоров на која разговарале за позициите на ЕЗ кои предвидувале интеграција на Југославијано и за позициите на секоја оддржавите посебно. На оваа средба, К.Глигоров, ги образложил идеите кои ги

[212] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.278

имале со босанскиот претседател Алија Изетбеговиќ за формирање на заедница  на суверени држави и дека со реализација на таа идеја би се зачувала целоста на СФРЈ а во исто време би се продолжило со интеграциите на СФРЈ. Може да се забележи дека идејата за пласирање на една таква платформа е во сферата на интереси и на ЕЗ, но ваквите идеи ќе бидат отфрлени од претседателите на Хрватска и Србија, ФрањоТуѓман и Слободан Милошевиќ, од кои првиот сметал дека сега е моментот Хрватска да стекне независност, додека вториот сметал дека тоа е мешање во внатрешните работи на Југославија. Дипломатската активност со претставници на ЕЗ продолжила а на 21 јуни К.Глигоров се сретнал со германскиот министер за надворешни работи Ханс Дитрих  Геншер кој според министерот за надворешни работи Денко Малески непокажал заинтересираност за Македонија и индиректно посочил дека сфера на интерес на Германија се Хрватска и Словенија.[213] Уште една ваква средба се случила на 18 септември период кога референдумот во Македонија веќе бил одржан и според К.Глигоров, Македонија добила подршка на нејзините политики. Во периодот пред референдумот се случила многу важна посета на К.Глигоров со претседателот на Р. Турција Тургут Озал. Оваа посета е од посебно значење бидејки и ако сеуште не била прогласена независноста оваа посета била организирана како посета на две независни држави а К. Глигоров бил пречекан со сите највисоки државни почести а остварил средба и со турскиот премиер Месуд Илмаз. На оваа средба биле потврдени добрите односи и поврзаноста на двата народи и подршката која ја давала Р.Турција на Македонија. Дипломатските активности на К.Глигоров не запрале туку продолжиле со несмален интензитет па така на 24 јули 1991 година остварил средба со министерот за надворешни работи на Франција, Роланд Дима.[214] Овие активности особено земале замав на почетокот на септември и траеле до крајот на октомври. Во овој период имаме директно вмешување ЕЗ за решавање на југословенската кризакаде ЕЗ се поставила како главен посредник(арбитар) во преговорите. Било одлучено за СФРЈ да биде свикана Конференција, каде би се воспоставила арбитражна процедура за состојбите во Југославија. Било одлучено ваквата средба да биде организирана во Хаг а

[213] Оваа изјава Денко Малески ја дава во Документарецот 20 Години Независност, епизода 1991

[214] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр 274

за главен преставник на ЕЗ бил определен британскиот диполомат лорд Питер Карингтон.

Хашката Конференција, започнала на 7 септември 1991 година и траела до 5 ноември а како претставници од Македонија најчесто учествувале: Киро Глигоров, Денко Малески и Васил Тупурковски како член на Претседателството на СФРЈ а учествувале и повеќе министри и експерти од Македонија.[215] На оваа конференција К.Глигоров ги застапувал ставовите пропишани во платформата Глигоров-Изетбеговиќ, што покажува дека тој сеуште верувал дека може да се најде решение за Југославија. Тој своите ставови ги искажал уште за време на првиот свој говор каде ќе каже: и покрај сите потешкотии и проблеми постојатшанси за изнаоѓање заеднички решенија...патот за тоа е афирмирање на сувереност на републиките, но со истовремено, утврдување и договарање на минимум заеднички функции на југословенската заедница.[216] Ваквите политики би можело да се реализираат доколку сите републики ги прифатиле последните заложби на лорд Питер Карингтон кој дал предлог да биде формирана заедница во која секоја држава од заедницата би се третирала суверена и би можела да бара прием во ОН. Проблемот во оваа идеја настанал кога се бил изнесен начинот на решавање на проблемот со малцинствата каде било предвидено да им се даде извесен степен на автономија или општините да функционираат како кантони.[217] За ваквите идеи поголемиот дел не биле спремни да направат компромис иако генералната оценка за ваквиот начин на решавање на криза бил позитивен. Овој предлог не бил прифатлив, Србија која сметала дека на тој начин би влијаело негативно врз нивните интереси на Косово и во Војводина, Хрватска сметала дека ова негативно ќе влијае врз односите на Хрватите и Србите имајки во предвид дека во Хрватска живееле 600000 Срби кои сигурно би се надевале на автономија, додека за Македонија такво прашање би било неприфатливо бидејки прашањето за автономија би се отворило во Западна Македонија. И покрај бројните пленарни седници кои се одржале конечниот епилог на конференцијата бил негативен а поради неможноста да се најде компромис на 5 ноември 1991 година Питер Карингтон ја суспендирал конференцијата.

[215] Киро Глигоров, Македонија е се.., стр.280
[216] Дејан Маролов, Оливер Митев, стр. 138-139
[217] Киро Глигоров, исто, стр. 281

Воените операции кои траеле дале до знаење дека зачувување на Југославија во била каква форма е невозможно, но сепак ова може да се оцени како последна можност не само за зачувување на СФРЈ туку и за елиминирањето на воените дејства кои веќе бил во полн ек. Прекинот на конференцијата ќе доведе до тоа ЕЗ да примени радикални мерки спрема Југославија кои во најголема мера се однесувале на Србија. На 8 ноември во Рим ЕЗ донела одлука за економска блокада на Југославија а биле суспендирани сите договори за соработка а било побарано и нафтено ембарго за Југославија. Покрај ова од страна на италијанскиот министер за надворешни работи Де Микелис било најавено дека ќе следи процес на признавање на Словенија и Хрватска а ќе следуваат санкции за Србија.[218] И покрај ваквата безнадежна состојба К. Глигоров и Алија Изетбеговиќ, се залагале за продолжување на конференцијата поради што се одржала средба помеѓу двајцата претседатели и лорд Питер Карингтон во Сараево на 14 ноември 1991 година.[219] На оваа средба било разговарано за можноста од воени дејства покрај БиХ да биде загрозена и Македонија и дека проблемот треба да се реши со мирни политички решенија за што се дава поддршка за продолжување на Хашката Конференција. Во ситуација кога ЕЗ почнувала да делува радикално ваквите заложби на К.Глигоров и Алија Изетбеговиќ се покажале како нереални. Овие нивни заложби вклучувајки ја и нивната Платформа Глигоров-Изетбеговиќ покажуваат дека зачувувањето на мирот но и економскиот опстанок на своите земји тие го гледале исклучиво во опстанок на СФРЈ форма на заедница од суверени држави. Сепак последните настани со ЕЗ било јасно дека тие најпрво треба да издејствуваат нивните држави да не бидат вклучени во санкциите на ЕЗ, со тоа ќе покажат дека не припаѓаат на блокот предводен од Србија а тоа би значело и барање на независност. За таа цел на 2 декември 1991 година К. Глигоров упатил писмо до сите шефови на влади и држави во светот во кое се барало признавање на независноста на Република Македонија. Истото го прави и министерот за односи со странство (Денко Малевски), испраќајќи писмо до своите колеги.[220]Во писмото на Глигоров, меѓу другото, се истакнува желбата Македонија да биде признаена како независна држава и се

[218] Исто, стр. 286
[219]Исто, стр. 287
[220] Дејан Маролов, Оливер Митев, исто, стр.139-140.

наведуваат сите акти и постапки со кои практично се дефинира независноста. Се бара официјално признавање со што ќе се овозможи  воспоставување на односи со другите држави со што Македонија ќе стане стабилизирачки фактор на Балканот.[221]Со ваквата заложба на К. Глигоров ќе започне процесот за меѓународно признавање на Македонија кој ќе продолжи со донесување на Декларација за меѓународно признавање а ќе кулминира со признавањето на Македонијаод страна на Бугарија и Турција. Неколку дена после тоа Советот на министри на ЕЗ ги укинал санкциите за Словенија, Хрватска, Македонија и БиХ.

На 7декември1991 годинаК. Глигоров заминал за Белград на средба со специјалниот претставник на ОН Сајрус Венс. Оваа средба е посебно важна бидејќи за прв пат К. Глигоров бара од страна на ОН да бидат пратени мировни сили на ОН со цел одбрана на границите. На 17 декември 1991 година ЕЗ донела документ познат како Бриселска Декларација со кој се констатирал распад (дисолуција)на Југославија но исто така се барало од државите да се изјаснат дали сакаат да бидат меѓународни признати.Наредниот денведнаш бил свикан состанок каде се дискутитало околу наследството на Југосавија а на овој состанок републиките имале неформален разговор со Питер Карингтон. Овој развој на настаните ќе придонесе на 19 декември 1991 година Македонското Собрание да донесе Декларацијаза меѓународно признавање.[222] Согласно предвиденото од Бриселската Декларацијана 23 декември1991 година Република Македонија поднела пријава до арбитражната комисија за стекнување на независност, со тоа биле исполнети сите меѓународно правни регулативи кои требало да овозможат меѓународно признавање на Македонија.

Со почетокот на распаѓањето на Југославија, Република Грција се противела на тоа Македонија да стане независна држава а најголем проблем претставувало името на земјата. Имајки предвид дека Грцијае членка на ЕЗ и дека како најстара држава наБалканот има развиено силна дипломатска мрежа, македонското политичко раководство на чело со К.Глигоров сметало дека е неопходно да се променат делови од Уставот, за Грција да нема аргументи да ги блокира процесите. За таа цел на 6 јануари 1992 година била свикана собраниска седницана која биле прогласени амандманите 3 и 49 од

---

[221] Исто, стр. 140
[222] Стојан Андов, Драматична 1991...стр.304

Уставот во кои се вели дека: Република Македонијанема територијални претензии кон соседните држави; границата може да се менувасамо во согласност со Уставот; Република Македонија нема да се меша во суверените права на другите држави[223].

На 9 јануари во Брисел била одржана нова средба на претседателите на републиките каде било предложено на просторите на Југославија да дојдат мировни сили т.н. сини шлемови со цел да се намалат тензиите. Исто така било договорено во наредниот период да се признаат помеѓу себе Словенија, Хрватска и Македонија. Оценката затоа дали се исполнети меѓународните норми за признавање требало да ги даде Арбитражната комисија на ЕЗ продводена од нејзиниот претседател Робер Бадентер а било одлучено оваа комисија свој извештај да поднесе на 11 јануари 1992 година.[224] Во извештајот кој бил поднесен од страна на комисијата било потенцирано дека сите услови за признавање ги исполнуваат Словенија и Македонија. За Македонија се однесувало мислењето бр. 6 во кое пишува: *Република Македонија ги задоволува условите предвидени со насоките усвоени од ЕЗ, особено се потцртува дека Република Македонија се откажува од какви и да било територијални претензии и дека ќе се воздржува од секаква непријателскапропагандонасочена против некоја друга држава и според тоа, употребата на името "Македонија" не би требало да подразбира никакви територијални претензии за сметка на некои други држави.*[225]За жал ова мислење на т.н Бадентерова комисија нема да биде доволно а со Лисабонската Декларација која ја донела ЕЗпод притисок на Грција,признавањето на Македонија ќе биде оневозможено.Овој извештај на Бадентеровата комисија само го забрзал процесот на осамостојување а голем придонес затоа има Р. Бугарија на чело со нејзиниот претседател Жељу Желев, бидејќи Желев најпрво позитивно одговара на писмото на Претседателот Киро Глигоров пратено на 2 декември до сите Претседатели и Влади во светот, а на 15 јануари 1992 година ја признава независноста на Р.

---

223 Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија, Устав на Република Македонија, 17 ноември 1991

224 Киро Глигоров, Македонија е се..., стр. 299

225 Дејан Маролов, Оливер Митев, исто, стр. 141

Македонија под нејзиното уставно име. Целосни дипломатски односи помеѓу двете држави се воспоставени на 20 декември 1993 година.[226]

И покрај ваквите позитивни настани, македонското раководство било свесно дека постои уште долг пат до признавањето од ЕЗ и другите останати земји во светот бидејки проблемот со името кое го наметнала Р. Грција е клучен во целиот тој процес. За таа цел претседателот К. Глигоров превзел дипломатска активност и за прв пат го посетил северно американскиот континент како претседател каде остварил средба соканадскиот премиер Брајан Малруниво Торонтоа во Њујорк се сретнал со генералниот секретар наООНБутрос Гали, со Претседателот за советот за безбедност Том Пикеринг а во Вашингтон се сретнал со Заменик државниот секретар Лоренс Иглбергер. Оваа турнеја траелаод 26 јануаридо 3 февруари 1992 година. На овие средби претседателот К.Глигоров ги запознал неговите домакини сомакедонскитезаложби за создавање на независна држава, со начинот како се одвиваат тие процеси но и со грчкатанедоверба околу создавање на македонската држава околу проблемот кој што сепојавил околу името. Ставовите на високите претставници од Канада, САД и ООН биле дека се работи за европски проблем и дека за тоа треба да решава ЕЗ. И покрај тоа што овие средби нема да придонесат за поместување на позициите, сепак се значајни поради приемот кој го добил Претседателот К. Глигоров, што укажувало дека создавањето на македонската држава ќе стане реалност.

Позитивните насоки на меѓународен план продолжиле само неколку дена по завршувањето на американската турнеја на Глигоров, кога на 6 февруари 1992 година Турција ја признала независноста на Македонија под уставното име а биле воспоставени и дипломатски односи. Грчката влада на чело со К. Мицотакис на ова гледала како провокација кон Грција но за Македонија ова претставувало многу значаен момент. На 12 февруари 1992 година Словенија, Хрватска, БиХ и Македонија извршиле меѓусебно признавање со што и официјално упатиле порака до светот дека на Балканот има нова реалност.[227] Силните дипломатски активности и борбата на

---

[226] Киро Глигоров, исто, стр.301

[227] Дејан Маролов, Оливер Митев, исто, стр. 142

Претседателот  Глигоров продолжиле во периодот пред да биде донесена “Лисабонската Декларација”.

На 1 април 1991 година во Брисел продолжила Конференцијата за Југославија под претседателство на Питер Карингтон. За разлика од периодот кога конференцијата се одржувала во Хаг каде постоеле желба и ентузијазам за надминување на недоразбирањата сега ситуацијата била обратна. Заврши периодот на идеализам. Почна периодот на реализам.[228] На оваа конференција К.Глигоров уште еднаш го известува Питер Карингтон за нашиот проблем со непризнавањето од страна на ЕЗ.  На оваа конференција уште повеќе се продлабочиле недоразбирањата помеѓу  помеѓу Србија и Хрватска, а претседателот на БиХ не бил присутен на конференцијата. Што се однесува за македонското прашање Ф. Туѓман изразил подршка за признавање на македонската независност но на К. Глигоров му било укажано од страна на П. Карингтон дека ова прашање ги надминува надлежностите на конференцијата и дека за тоа треба да решат сите 12 членки на ЕЗ. И покрај  истакнувањето на меѓународно-правните аргументи и заклучокот на Бадентеровата Комисија, сепак од страна на П. Карингтон било укажано дека во случајот се работи за политичко прашање за кој треба да се најде политички компромис.[229]

Во средината мај со помош на македонската дијаспора продолжиле дипломатските активности на К. Глигоров. Од 13 до 15 мај 1992 година Претседателот К. Глигоров во придружба на министерот за односи со странство Денко Малески отпатувале во САД. На ова патување К. Глигоров остварил средби во Вашигтон со заменик државниот секретар Лоренс Иглбергер како и со државниот секретар Џејмс Бејкер.[230] Оваа средба `била значајна за потврдување на добрите односи помеѓу Македонија и САД кои биле дефинирани како важен елемент за балканската стабилност со што била истакната заложбата на градење пријателски односи помеѓу двете земји. На средбата со високите претставници на САД е одлучено дека за името треба да одлучат Македонија и Грција што упатувало на тоа дека двете држави треба да направат компромис. Значајните дипломатски активност во мај завршиле со

[228] Денко Малески, Македонија во меѓународните односи,Бебето од катран, Скопје 2012, стр.279
[229] Исто, стр.282
[230] Оваа посета била овозможена од македонската лоби група во САД предводена од Џон Битов

посета на рускиот министер за надворешни работи Андреј Козирев кој на 27 мај 1992 допатувал во Охрид каде се сретнал со Претседателот К. Глигоров и министерот Денко Малески. По посетата на Охрид разговорите продолжиле во Скопје каде биле изнесени македонските напори за стекнување на независност. И покрај воздржаноста на Козирев на темата независност сепак на инсистирање на бугарскиот претседател Жељу Желев...[231] набрзо Русија ќе ја признае Република Македонија и тоа било значајно достигнување за државата во периодот што претстоел. За време на овие активности претседателот К. Глигоров но и државниот врв биле свесни дека македонската независност мора да го помине патот на ЕЗ но дека таму пречката наречена Грција има сериозно влијание и подршка. Тоа особено било заклучено после посетата на К.Глигоров во Париз одржана на 19 јуни 1992 година со францускиот министер Роланд Дима. На оваа средба уште еднаш биле потврдени ставовите дека ЕЗ мора да гради единство и дека мора да застане позади својата членка и покрај тоа што непостапува на рационален начин. Со ова практично била навестена одлуката која била донесена само десетина дена подоцна во Лисабон преточена како “Лисабонска Декларација”.[232] Во меѓу време војските на ЈНА сеуште биле присутни во Македонија, а во Македонија имало и смена на Третата Армија, каде на местото на Генералот Милан Кукањац бил поставен Генералот Никола Узелац.

На 21 јануари 1992 година Собранието го освоил Законот за одбрана со кој се предвидувало старешини што се наоѓаат во состав на ЈНА да можат да бидат прифатени во Македонија. Ова било јасен сигнал дека ЈНА треба што поскоро да ја напушти територијата на Македонија. Во овој период в.д Претседателот на Претседателството на СФРЈ Бранко Костиќ изјавил дека Југославија нема обврски кон границите на Македонија.[233] Оваа изјава ќе го поттикне К.Глигоров да му прати писмона Сојузниот секретар за одбрана генерал Аџиќ да дојде во Македонија. На оваа покана било одговорено позитивно и така на 21 февруари 1992 година била одржана средба во Скопјена која ќе учествуваат претседателот К. Глигоров, генералот Аџиќ, Стојан Андов, Никола Кљусев,Трајан Гоцевски и др. На оваа средба бил

[231] Денко Малески, Македонија во меѓународните односи...,стр. 307
[232] Дејан Маролов, Оливер Митев, исто, стр. 148
[233] КироГлигоров, Македонија е се...,стр.299

постигнат значаен договор со кој ќе биде одлучено ЈНА да си замине од Македонија. За време на средбата се поставило прашањето како да се реши проблемот со војската а ова општо  прашање отварало други прашања поврзани со оваа тема како на пример: оружјето, офицерите, радарските системи итн. После неколку часови недоразбирање К.Глигоров дал предлог и рекол…*јас ви предлагам ако се повлечете мирно од Македонија понесете го целото оружје.*[234]Оваа понуда веднаш била прифатена од Генералот Аџиќ што покажува дека целта на раководството на ЈНА била како да се извлече оружјето од Македонија. Освен прашањето за оружјето било одлучено и за тогаш можеби најгорчливото прашање во Македонија а тоа биле македонските војници кои во моментов се наоѓале во состав на ЈНА. Тоа прашање особено се актуелизирало после споменатото убиство на Сашко Гешовски од Кавадарци. За ова прашање било одлучено сите македонски војници кои се наоѓаат во состав на ЈНА да бидат демобилизирани до крајот на април.[235] За офицерите било одлучено самите да изберат во чија служба ќе останат.[236] После овој договор следувало негово формално изработување и потпишување помеѓу двете страни.Од македонска страна договорот го потпишал Претседателот К.Глигоров. После потпишувањето на договорот следувале реакции особено за делот дека ЈНА ќе го изнесе целото оружје но останува фактот дека се решиле двете најзначјни прашања а тоа биле: повлекување на ЈНА од Македонија и повлекување на македоските војници назад во Македонија. После овој договор Македонија практично ќе остане само со инфраструктурата и со мало количество на оружје кое не ја гарантирало безбедноста на земјата имајки во предвид дека за Македонија доаѓале закани од југ односно од грчка страна. И покрај негативностите кои ги носела оваа спогодба ова може да се оквалификува како успех бидејки овој договор придонесува македонските војници да се вратат дома и да не бидат жртви за туги интереси и што е уште поважно после овој договор за прв пат во историјата македонската армија ќе ја превземе контролата над целата територија а Македонија без воени дејства ќе издејствува независност. Имајки во предвид што се случило на просторите на Југославија и сите војни кои што

[234] Исто
[235] Исто
[236] Исто

биле водени во 90тите години овојдоговор може да се оцени како позитивен за Македонија. Како што било договорено последниот војник на ЈНА од Македонија си заминал на 27 март 1992 година.

### 4.2 Падот на експертската влада и соработка на Претседателот Киро Глигоров со новата влада

Несогласувањата помеѓу владата и политичките партии се појавиле само неколку месеци после нејзиното формирање а посебно гласна кон критиките на владата била партијата СКМ-ПДМ. Дека недоразбирањата биле големи покажува примерот со интерпелацијата за министерот за внатрешни работи Јордан Мијалков која веќе ја споменавме а е поднесена од страна на СКМ-ПДП. Периодот во првата половина на 1992 година не донела подобрување на односите на релација Влада и политички партии а тие односи дополнително се нарушиле после донесување на Лисабонската Декларација. Во тој период со ЕЗ претседавала Португалија која активно била вклучено во решавањето на овој проблем преку министерот за надворешни работи Жао де Деуш де Пињеиро кој дури и предложил неколку мерки за решавање на проблемот познати како мерки Пињеиро. Според овие т.н мерки било предложено  некои измени во уставот околу Преамбулата, околу одредбите за тоа како може да се менува границата, за грижата околу положбата и правата на Македонците во соседните земји.[237] Во овој пакет мерки било предложено и ново име на државата а тоа било Словенска Република Македонија. И покрај ваквите радикални идеи кои би предизвикале промена на Уставот и уставното име овие мерки во Грција предизвикале незадоволство бидејки во името на државата било содржано името Македонија. Но овие мерки покажале дека грчката дипломатија е агресивна по ова прашање и дека овие мерки се резултат на нивната работа. Ова директно било навестено на еден состанок на Советот на министри на ЕЗ одржан на 1и 2 мај воГимараеш. На овој состанок било одлучено ЕЗ да ја признаат државата како суверена но со име кое е прифатливо за сите тогашни 12 членки и ова било официјален став на ЕЗ. Тогашните 12 членки одлучиле дека во такви случаеви ЕЗ треба да ги следи интересите на својата членка.

---

[237] Исто

На 27 јуни 1992 година во Лисабон се одржал Самит  на земјите членки наЕЗ каде, покрај Декларацијата за Југославија, била донесена т.н "Лисабонска Декларација" која директно се однесува на Република Македонија. Оваа декларација покажала дека ЕЗ е подготвена да ги исполни барањата на Грција во целост бидејќи во овој документ се вели:*дека ЕЗ изразува подготвеност да ја признаат нашата држава ако во нејзиното име не е содржан зборот Македонија.*[238] Овие вести биле  прифатени со големо разочарување особено поради позитивните забелешки на извештајот на Бадентеровата комисија а оваа одлука на ЕЗ не предизвикала негативности само на надворешен план туку и на внатрешен план.Македонското Собрание, на седницата од 3 лули 1992 година усвојува Декларација со која се отфрла условот содржан во Лисабонската декларација за признавање на Република Македонија. Се потенцира дека со наметнувањето на условот за име кое во ниту една варијанта не го содржи зборот Македонија, се прави преседан со исклучително тешки меѓународни последици. Собранието инсистира и бара од ЕЗ, како и од пошироката меѓународна заедница, меѓународно да ја признаат Република Македонија со нејзиното име и постојни граници.[239] Колку е сериозен ударот нанесен од ЕЗ преку Лисабонската декларација говори и фактот дека министерот за односи со странство Денко Малески понудил оставка која нема да биде прифатена.

Лисабонската декларација практично ќе ја предизвика првата посериозна политичка криза во Македонија по 1991 година и ќе го предизвика паѓањето на експертската влада бидејќи партиите сметале дека владата треба да биде времена и дека го достигнала својот капацитет. Па така 23 пратеници го забрзале процесот и поднеле барање за гласање на недоверба. Ова барање било предводено од партијата Сојуз реформски сили на чело со Стојан Андов. Според С. Андов недоразбирањата кулминирале за време на седницата кога Блаже Ристовски го нападнал министерот Денко Малескино и Претседателот К. Глигоров. Андов сметал дека зборовите на Б. Ристовски се тешки и не се соодветни за потпретседател на влада и по таа дискусија не било логично Б. Ристовски и Д. Малески да бидат дел од истата влада. Откако било поднесено

[238] Денко Малески, Македонија во меѓународните односи...,стр. 311
[239] Дејан Маролов, Оливер Митев, исто, стр. 162

барање за недоверба, Премиерот Кљусев имал средба со претседателот К. Глигоров но и со претседателот на Собранието С. Андов со цел да ја согледа вистинската состојба. На средбата со К. Глигоров барал подршка за опстојување на владата, додека средбата со С. Андов била логична имајки во предвид дека мнозинството на пратеници кои го поднеле барањето биле од Сојузот на Реформски сили.[240] На Овие средби со цел да се ублажи состојбата и Глигоров и Андов му предложиле да направи реконструкција на владата заради надминување на недоразбирањата. С. Андов за тоа ќе каже: ...*му сугерирав да каже дека тој овие денови ги проценил добро околностите низ кои на седницата на Собранието се искажаа слабостите на Владата и дека тој ги моли пратениците да го повлечат тоа барање, бидејки тој лично како Премиер, ќе предложи да се изврши реконструкција на Владата*... [241] Идентични размислувања имал и Претседателот К. Глигоров кој го советувал Н. Кљусев *да каже дека поради се што е кажано во јавноста во вид на критика за нивното однесување, тој(Кљусев) подготвувава посериозна реконструкција на Владата*.[242] Ваквите ставови веројатно се должеле на тоа што со своите настапи Н. Кљусев искажувал политички амбиции што не е соодветно за експертска влада која треба да има само преодна улога се до моментот кога би се формирала политичка влада и поради тоа Киро Глигоров и Стојан Андов веројатно биле со намера да се дисциплинира Н. Кљусев. Проучувајки ја состојбата Н. Кљусев сметал дека во моментот нема услови да се формира политичка влада и дека партиите тешко ќе се договорат па поради тоа за прифаќање на нивните предлози воопшто не размислувал со што судирот со партиите бил неизбежен, а одлуката за гласање на недоверба само била забрзана. Политичките анализи и пресметки на Кљусев очигледно не биле реални бидејки на јавното гласање за доверба, 91 пратеник гласаа за недоверба на Владата, седумина беа воздржани а само двајца пратеници (Билјана Лазаревска и Томислав Стојановски) се изјаснија на владата да и се даде доверба.[243] За целата ситуација може да се заклучи дека со својата пасивност К. Глигоров воопшто не помогнал или придонел да дојде до пад на владата која беше формирана токму под негова заложба. По гласањето почнал

[240] С . Андов, 1992 Година на опасни предизвици, Скопје 2016, стр. 309
[241] Исто
[242] К. Глигоров, Македонија е се...,стр. 228
[243] С.Андов, 1992 Година на опасни предизвици..., стр. 311

да тече рокот од десет дена за избор на нов мандатар, а К. Глигоров повторно се наметнал како главен политички играч  бидејки според Уставот тој треба да избере нов мандатар.

Според уставните одредби требало повторно да се повтори целата постапка како и по изборите од ноември 1991 година односно мандатот да се понуди на најбројната партија во парламентот а тоа била ВМРО-ДПМНЕ. За разлика од првиот пат кога К. Глигоров не го дал мандатот со образложение дека тој треба да го знае предложениот мандатар овој пат го дал веднаш на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Георгиевски кој започнал со преговарачки активности.[244] Поради застапеноста на поголем број партии тој бил принуден на интензивни преговори. Овие преговори завршиле неуспешно а по само една недела ВМРО-ДПМНЕ го враќа мандатот со образложение дека тие не  се во состојба да формираат влада.

Откако лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Љубчо Георгиевски го вратил мандатот се поставило  што понатаму, но Претседателот К.Глигоров се решил мандатот да го даде на втората по големина политичка партија а тоа бил СДСМ. Како што претходно рековме нов претседател на СДСМ бил младиот Бранко Црвенковски но на предлог на К. Глигоров за нов мандатар на СДСМ бил избран претходниот претседателот кој учествувал на првите повеќе партиски избори Петар Гошев кој сеуште имал влијание врз добар дел од пратеничката група на СДСМ.[245] По добивањето на мандатот било очигледно дека ќе се формира парламентарно мнозинство а тоа ќе се потврди со изјавата која П. Гошев ја дава за МТВ во која вели: „успеавме да формираме големо парламентарно мнозинство во кое учествуваат сите парламентарни партии освен партијата ВМРО-ДПМНЕ“.[246] По овие настани се поизгледно било дека Р. Македонија ќе ја добие првата политичка влада во својата историја. Според П. Гошев во моментот кога го добил мандатот му било ветено дека ќе има слобода во изборот на новата влада но во текот на преговорите за составување на владата партиите му наметнувале или му одбивале кадровски решенија кои требало да бидат лојални на нивните партиски раководства а не

[244] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.229
[245] Исто, стр.230
[246] Оваа изјава е превземена од документарниот серијал 20 Години Независност, епизода 1992 година

кон Премиерот на Владата. Поради ова П. Гошев сметал дека нема да има контрола над владата па во една таква позицијата одлучил да го врати мандатот на претседателот К. Глигоров. Својата одлука за враќање на мадатот нема да му ја пренесе на претседателот К. Глигоров туку ќе свика прес конференција на која ќе ги изложи своите факти каде ќе каже дека доколку го прифати предизвикот ќе биде предмет за еднократна употреба.[247] Во врска со овие настани а земајки го во предвид обраќањето на П. Гошев, С.Андов истакнува друга теорија. Според него ова враќање на мандатот се должи на желбата на К. Глигоров да има влијание во новоформираната влада а тоа најмногу требало да се рефлектира преку Љубомир Фрчковски, Владо Поповски и Јане Миљоски. С. Андов *тие двајца(Фрчковски и Поповски) ги смета како луѓе од лична доверба на Глигоров а професорот Јане Миљоски како член на експертската влада покажа дека силно го почитува ставот на Претседателот Глигоров, дури и повеќе од својот став*.[248] Тој смета дека корените на судирот помеѓу двајцата избива во периодот од 1990-1991 година кога П. Гошев се залага за реформа која ќе ја реформира СКМ но и целокупното општество и би се вовел нов систем на плурализам, додека К. Глигоров сметал дека тој правец би значел забрзување на распадот на СФРЈ а иднината на Македонија е во составот на СФРЈ. Веројатно сметал дека единствен кандидат кој во тој период може да претставува негова закана е П.Гошев. Сепак овие разлики помеѓу нив не се причина за враќање на мандатот бидејки и покрај тоа што станува мандатар, П. Гошев е маргинализиран во сопствената партија по конгресот во април 1991 година и промената на иметона партијата така што неговото влијание е слабо.

По одбивањето на мандатот од страна на П. Гошевво Македонија продолжила политичката криза која траела повеќе од еден месец. Се поставило прашањето кој ќе биде следен потег на К. Глигоров и дали ќе се искористи расположениета помеѓу партиите да се избере политичка влада. Во тој временски период почнувал политичкиот подем на Бранко Црвенковски кој како што споменавме од април 1991 година станува лидер на СДСМ. И покрај неговата младост (во тој период има 29 години) било очигледно дека тој има

[247] Исто
[248] С. Андов, 1992 Година на опасни предизвици..., стр. 352

најголем авторитет во партијата која единствено имала капацитет да формира политичка влада. И според спомените на К. Глигоров но и според спомените на С.Андов давањето на мандат на Б. Црвенковски бил сметан за ризичен потег најмногу заради неговата возраст и неговото неискуство.[249] Во своите спомени К. Глигоров за тоа вели: *Бранко ако вие имате сигурна коалиција,тоа можеда биде аргумент уште еднаш да ви дадам мандат...му напоменав: Слушај Бранко немој случајнот ти да прифатиш да бидеш претседател на влада.*[250]Киро Глигоров не споменува дека постоела варијанта за друга личност да го добие мандатот, додека С. Андов во неговите спомени кажува дека по враќањето на мандатот од страна на П. Гошев мандатот му е доверен лично нему. За ова тој пишува: *Стојане да не западнеме во неволји поради неискуството на овие млади луѓе...Тоа беше основната причини што толку упорно те наговарав ти да го земеш мандатот.*[251] Прашањето дали или не му бил понуден мандатот на С. Андов и ако му бил зошто тоа не го запишал во своите спомени К. Глигоров е прашање кое треба понатаму да се истражува. Она што е значајно дека К. Глигоров чувствувал недоверба кога требало мандатот да се даде на Б. Црвенковски но поради специфичноста на ситуацијата сепак решава мандатот да му го даде на Црвенковски.

Откако го добива мандатот Б. Црвенковски успева да го сочува претходно договореното парламентарно мнозинство и на 4 септември 1992 година ја формира првата политичка влада во Р. Македонија.[252] Формирањето на Влада во која очигледно било неискуството на новиот Премиер Б. Црвенковски ќе го потврди фактот дека во тој момент во Македонија личност со најголем рејтинг и авторитет е К.Глигоров. Во оваа влада биле ангажирани и луѓе кои се сметале за блиски до К. Глигоров како што биле: Љубомир Фрчковски, Владо Поповски, Јане Миљоски и Денко Малески со што било наметнувано мислењето, пред се, од пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ дека Владата повторно е под негово влијание.

Периодот кој што следувал бил исклучително тежок како на политички така и на економски план. Во овој период заради воената состојба

[249] К. Глигоров, Македонија е се..., стр. 231
[250] Исто
[251] С. Андов, 1992 година на опасни предизвици..., стр.365
[252] К. Глигоров, Македонија е се..., стр. 232

југословенскиот пазар не постоел што негативно се одразило врз македонската економија заради фактот што најголем дел од производите кои во минатото се извезувале завршувале на југословенскиот пазар. Тука најмногу штета ќе претрпи македонското земјоделство како и текстилната индустрија. Заради воената состојба на Балканот непристапни биле и источноевропските пазари каде во минатото се извезувале македонски производи. Голем проблем ќе предизвика и грчкото ембарго кое ќе оневозможи користење на солунското пристаниште од кое практично зависела македонската економија. Грчкото ембрго воведено од грчкиот премиер Мицотакис одело до крајности, па така во Македонија неможеле да пристигнат претходно платените нафтени деривати со што била загрозена македонската економија во целост. Сето ова придонело да дојде до опаѓање на стандардот на населението и до намалување на личниот доход на работниците. Македонските компании својот излез неможеле да го најдат на западноевропскиот пазар бидејки од договорите кои претходно ги имала потпишано и ратификувано СФРЈ во 1983 година неможела да видат бенефит заради отпорот на Грција. Причините за ваквата состојба освен од заостанатото стопанство во голема мера зависеле од геополитичките случувања на Балканот што му дала реална можност на К. Глигоров како Претседател да дејствува и да помогне во подобрување на состојбата. Во овој период главен приоритет и она што се сметало за неопходно било да се изврши промена на економски план, каде би се заменил стариот систем на планска економија со воведување на нов систем во пазарна економија односно воведување на приватизација.

На политички план реформите веќе биле започнати со тоа што бил воведен нов систем на плурализам односно повеќе партискисистем кој овозможи да се одржат првите избори во Македонија. Донесување на реформи не било во надлежност на претседателот каде според Уставот животот на граѓаните во Р. Македонија го организира владата. Сепак, за подобрувње на внатрешен план морало да се остварат успеси и на надворешен план каде после стекнувањето на независноста Македонија би се вклучила во сите меѓународни институции. Бидејки Претседателот има ингеренции и надлежности во надворешната политика, па од тука К. Глигоров целиот свој политички и интелектуален капацитет ќе го насочи кон меѓународно

признавање на Македонија и нејзино вклучување во ООН како прв чекор кон конечно консолидирање на Македонија.

Паралелно со активностите за составување на влада продолжиле да се одржуваат конференциите за СФРЈ. Од 26 до 28 август 1992 година во Лондон се одржала Меѓународната (Лондонска) конференција на која уште еднаш требало да се зборува за судбината на СФРЈ. На Конференцијата конференцијата копретседавал британскиот премиер Џон Мејџор и генералниот секретар на ООН Бутрос Гали, а присуствувале претставници од повеќе од триесет земји и организации. Централна тема на првиот ден на заседанието била војната во Босна и Херцеговина. Истовремено српската делагација барала признавање на СР Југославија. Биле усвоени повеќе документи, но и покрај тоа не дошло до смалување на непријателствата. Затоа на 28 август, Западноевропската унија од состанокот во Лондон издала соопштение во кое е изразена подготвеност да пружи помош на Јадранот и на Дунав во засилување на санкциите против Србија и Црна Гора.[253]

На оваа Меѓународна конференција освен Претседателот на РМ Киро Глигоров присуствувале и министрите: Денко Малески, Јане Миљовски, Љубомир Фрчковски и Џеладин Мурати. Со цел да се обезбеди решение било одлучено конференцијата да се прошири и во процесот дабидат вклучени и ООН. На оваа конференција заради воените настани кои се случувале во БиХ македонското прашање за независност воопшто не било поставено. Сепак македонската делегација предводена од претседателот се потрудила ова прашање да влезе во дневниот ред но за жал ќе бидат одбиени со образложение дека за ова прашање немало постигнат претходен договор. Придобивки од оваа средба биле тоа што македонската делегација успеала да оствари билатерални средби со претставници на Велика Британија, САД, Русија, Франција, Турција, Кина и Јапонија каде биле истакнати македонските позиции. За време на овие средби се случиле две значајни работи. Првата била соопштена од претставникот на САД Лоренс Иглберегер дека независно од тоа што Македонија меѓународно не била призната ќе добие статус на привилегирана земја за трговија со САД. Втората била потпишување на

[253]Slobodanka Kovačević, Putnik Dajić, Hronologija jugoslovenske krize (1942-1993. godina), Beograd 1994, стр. 105-106.

протокол за воспоставување на дипломатски односи од страна на турскиот министер за надворешни работи Хилет Четин и македонскиот министер за осноси со странство Денко Малески.[254] Сите овие дипломатски активности биле само еден мал дел од тоа што следувало понатаму со една единствена цел стекнување на независност и вклучување на Република Македонија во меѓународните институции.

### 4.3 Борба за влез на Р. Македонија во ООН и улогата на Претседателот Киро Глигоров

Периодот во втората половина на 1992 година бил посебно драматичен заради целокупните состојби со кои се соочувала Република Македонија како на надворешен така и на внатрешен план. За да се разбере процесот на стекнување независност, со формално меѓународно признавање и членството во меѓународните институции треба да се види каква била внатрешната и надворешната состојба  во Република Македонија. Како што претходно споменавме и покрај тоа што биле исполнети сите меѓународни услови признавањето на Македонија било условно од политиката на Република Грција која неприфаќала држава со такво име. Геополитичките услови биле такви што распадот на СФРЈ се сметал за европски проблем па поради тоа главен посредник во целиот процес била ЕЗ. Во овој период ЕЗ се раководела од сопствените интереси во целина но и според интересите на секоја од земјите посебно неводејќи сметка за меѓународните принципи и меѓународното право. Најдобар показател за ова е донесувањето на Лисабонската Декларација која неводејќи сметка за заклучоците на Бадентеровата Комисија донесе заклучок каде се вели дека ЕЗ ќе ја признае државата доколку во неа не се споменува името Македонија.[255] После ова било очигледно дека нашата дипломатија и нашата држава воопшто води нерамноправна политика каде за противник ја има целата ЕЗ и било очекувано Македонија да претрпи економски и политички последици заради тоа. Дека ситуацијата ќе биде напната покажале настанатите од крајот на 1991 година и почетокот на 1992 година кога започнува првото грчко ембарго. Во овој период била запленета телекумуникациска опрема и

[254] Д. Малески, Македонија во меѓународните односи..., стр. 336
[255] Исто, стр. 309

лекови а на 21 август 1992 година било забрането испорака на нафта и нафтени деривати со што директно се удрило на стопанството. Целата оваа политика била притисок врз Република Македонија да направи преседан и да го смени нејзиното уставно име.[256] Оваа состојба предизвикала сериозна економска криза а тоа особено дошло до израз кога на 1 јуни 1992 година и нашата, заедно со владите на други земји ја прифатија Резолуцијата 757 на Советот за безбедност на ООН.[257] Според оваа Резолуција кон СР Југославија било применето ембарго. Оваа ембарго значело дека Македонија ќе мора да ги прекине традиционалните врските со СР Југославија а тоа значело помал пазар за македонските производи но и затварање на српските патишта за македонските компании кои биле принудени своите прозиводи да ги извезуваат преку Бугарија и Албанија а тоа значело поголеми извозни трошоци и неконкурентни македонски производи што на крај ќе доведе до слаби македонски компании и социјална криза во Македонија.Пред овие предизвици бил исправен македонскиот политички врв на чело со со К Глигоров како најавторитетен политичар во тој период. За да се подобрат економските услови неопходно било да дојде до промена на политичките условиодносно зацврстување на границите и влез во меѓународните институции. Претседателот Глигоров сметал дека најголем безбедносен приоритет но и проблем претставува зачувување на границите.[258] Како што претходно кажавме после повлекувањето на ЈНА од Македонија, македонската армија била слабо вооружана и недоволно спремна да ги брани сопствените граници па поради тоа кај претседателот К. Глигоров се појавила идејата за ангажирање на мировни сили од страна на ООН. Ваквата идеја за прв пат била презентирана во октомври 1992 година. На 16 октомври 1992 година во Женева се одржала средба помеѓу К. Глигоров и специјалните претставници на ООН Сајрус Венс и Лордот Дејвид Овен. На таа средба се разговарало за можни отстапки кои би ги направила Република Македонија но и за можноста во Македонија да дојдат мировни сили кои би помогнале на државата да ги одржи своите граници. К. Глигоров им ја кажал оваа идеја на специјалните претставници кои ја оцениле како многу добра и сугерирале Претседателот К. Глигоров веднаш да побара

---

[256] Исто
[257] К. Глигоров, Македонија е се...,стр. 317
[258] Исто, стр.331

средба со Генералниот Секретар на ООН Бутрос Гали каде би ја образложил таа идеја.

Во такви сложени услови (грчкото ембарго и условувања во рамките на ЕЗ, состојбата во регионот и слично), свесен за чуствителната безбедносна ситуација со Македонија, а со цел да се забрза процесот за членство во ООН но и да се зачуваат границите на Македонија Глигоров успеал да оствари средба со генералниот секретар на ООН, на 11 ноември 1992 година. На оваа средба и официјално упатил барање за присуство на мировни сили во Македонија.[259] Пред да се донесе одлуката беше испратена една истражувачка мисија на УНПРОФОР во Скопје на чело со британскиот генерал Бо Пелнес за да ги испита условите за доаѓање на мировни сили во Македонија. Генералот Пелнес дал препорака да се испратат мировни сили на границите со Албанија и СР Југославија. Еден месец подоцна била донесена резолуцијата 795 со која било предвидено во Македонија да биде воспоставена мировна мисија „за надгледување на северната и западната граница". Во средината на февруари во Македонија пристигна Нордискиот баталјон (Шведска, Норвешка, Данска и Финска) на мировни сили, а во јуни 1993 година кон овие сили се приклучија и 300 американски војници.[260] Во 1995 година таа мисија беше модифицирана и преименувана како УНПРЕДЕТ, а конечно повлечена во јуни 1997 година, кога беше заменета со војници од НАТО, односно на САД.[261]

Одлуката на К. Глигоров околу мировните сили може да се протолкува како многу мудра бидејќи целта била да се делува превентивно односно да се испратат мировни сили пред да избие некаков конфликт а не како што било пракса дотогаш, силите да бидат испратени со цел да се смират веќе завојуваните страни.Овие настани покажуваат дека Република Македонија од страна на ООН била третирана како независен политички субјект кој треба да си ги заштити своите граници. Ова делувало охрабрувачки во периодот кога сите го очекувале самитот во Единбург каде целото македонско раководство но и сите други политички субјекти очекувале да се поправат работите кои биле негативни за Македонија во Лисабонската Декларација.

[259] Ахил Тунтев, исто, стр. 28
[260] Киро Глигоров, исто, стр. 331
[261] Новица Вељановски, Македонија..., стр. 373

Имајки ги во предвид грчките позиции кои биле тврди и го исклучувале името Македонија во целост, европската дипломатија направила обид да се приближат ставовите пред самитот во Единбург со цел проблемите да се решат пред самитот а не за време на самитот. За таа цел 20 ноември 1992 година во Македонија допатувал претставникот на ЕЗ Робин О'Нил со конкретни предлози со цел решавање напроблемот. За време на оваа посета од страна на Робин О'Нил било понудено името Република Македонија(Скопје). К. Глигоров свикал состанок на македонскиот политички врв на кој присуствувале: премиерот Бранко Црвенковски, претседателот на Собрание Стојан Андов и министрите Денко Малески и Љубомир Фрчковски. Според нив ова име било прифатливо бидејки Скопје би го означувал главниот град а за возврат Македонија би добила признавање од сите членки на ЕЗ.

По посетата на Робин О'Нил, европската дипломатија ја зголемила својата активност па така на иницијатива на овој дипломат била организирана средба помеѓу претседателот К. Глигоров и британскиот премиер Џон Мејџор. Средбата на која присуствувал и Денко Малески се одржала на 3 декември 1992 година во Лондон. На оваа средба освен традиционалното истакнување на сопствените политики се развила сериозна дебата за промена на името кое претходно го предложил Робин О'Нил, Република Македонија(Скопје). Британската страна побарала брза промена на името а за време на средбата Премиерот Мејџор ќе каже: *Ако го прифатите името со Скопје тогаш ќе ни дадете шанса да випомогнеме...со брза промена на името Македонија ќе извршиме притисок врз Владите.* Главната идеја на Мејџор била да се известат пратениците дека после самитот во Единбург веднаш да се промени името Македонија во Македонија(Скопје). На овие размислување од страна на К. Глигоров биле побарани гаранции, но за жал Британците неможеле да дадат такви гаранции.[262]

На средбата во Лондон, исто така, било одлучено претседателот К. Глигоров да се обрати пред Собранието и да ги образложи предлозите кои ги добил. Според ваквиот договор на 9 декември 1992 година Глигоров се обратил до Собранието во кое го образложил целиот нацрт-план кој бил даден

[262] Денко Малески, Маледонија во меѓународните односи..., стр. 407

од Робин О'Нил. По бурната расправа која се случила во текот на седницата, самиот Глигоров проценил дека нема расположение за некаква промена на името, а за оваа расправа бил известен и Робин О' Нил. Од страна на К. Глигоров било побарано дека ако веќе во Единбург се расправа за Македонија треба да серасправа и за тоа колку средства ќе и седадат на Македонија за даможе да ги репарира загубите што се создадоа од грчкото ембарго со санкциите против Југославија итн.[263] Истовремено бил соопштен официјалниот македонски став до шефовите на државите и владите на земјите членки на ЕЗ, спроти состанокот во Единбург, дека се исполнети сите услови за меѓународно признавање на Македонија и дека барањето за промена на името е преседан во историјата на народите од меѓународните норми.[264]

Самитот во Единбург се одржал на 11 и 12 декември 1992 година. За време на овој самит Македонија била именувана како Бивша југословенска република Македонија и биле донесени одлуки кои биле многу попозитивни за разлика од Лисабонската декларација. Самитот и членките на ЕЗ не ја ратификувале Лисабонската декларација што претставувал успех за македонската дипломатија. Исто така било одлучено на Македонија да и се обезбеди пристап до меѓународните фондовии и да се надгледува снабдувањето со нафта. Тоа всушност значело дека се симнуваат санкциите кон Македонија а било одлучено на Македонија од заедницата да и се дадат 50 милиони еки. Во врска со признавањето било одлучено прашањето да се стави настрана а Македонија била упатена во ООН. Со ова одлука ЕЗ заклучила дека не е во можност да го разреши спорот помеѓу Македонија и Грција и дека поради тоа прашањето треба да се решава во рамките на ООН.

Бидејки прашањето за спорот со Грција беше упатено директно во ООН на 20 јануари 1993 година Македонија повторно упатила писмо во кое се бара признавање. Два дена подоцна, Генералниот секретар на ОН Бутрос гали го проследил барањето на Република македонија за прием во ОН до претседателот на Советот за безбедност. Ваквите околности налагале министерот за односи со странство Д. Малески и Претседателот К. Глигоров да ги засилат своите дипломатски активности и да се сретнат со што поголем број

[263] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.327
[264] Ахил Тунтев, исто, стр.27

на  претставници на држави во светот. Министерот Д. Малески оставрил значајни средби со амбасадорите на Русија и Кина кои изразиле подршка за прием на Македонија во ООН а Претседателот К. Глигоров упатил писмо до Државниот Секретар на САД Лоренс Игелбергер во кое се бара подршка за прием на Македонија во ООН а такви писма биле праќани до речиси сите држави во светот. Со ваквите активноти била побарана подршка од претставниците нанајзначајните и најголемите сили во светот а во голема мераовие напори вродиле со плод а Македонија добила безрезервна подршка од држави како Кина и Русија. Од своја страна Министерството за односи со странство упати Aide memoire во ОН во кој се аргументираа нашите наводи од барањето, а беше прилежен и кус преглед на историјата на Македонија и македонскиот народ.

На крајот на јануари и почетокот на февруари 1993 година, британската дипломатија превзела посериозни чекори за прием на Македонија во ООН. Кон нив ќе се приклучат и претставници на Франција и Шпанија. По иницијатија на британскиот министер за надворешни работи Даглас Херд, на 1 февруари 1993 година, бил упатен предлог Македонија да влезе во ООН под привремена референца Поранешна Југословенска Република Македонија.[265] Ваквиот развој на настаните ќе предизвика сериозни дебати во Македонија особено во Собранието каде на 9 февруари 1993 година започнала собраниска расправа за предлогот кој што бил изнесен. Во текот на собраниската расправа се издвоиле две групи околу ова прашање.  Првата група била предводена од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои сметале дека надворешната политика досега била лошо водена и тоа придонело да дојде до состојба да се предлагаат нови имиња на државата кои би довеле до целосно бришење на Македонија и македонскиот народ.[266] За ваквата наметната референца посебно бил нападнат Претседателот К. Глигоров но и министерот за односи со странство Д. Малески дека водат дефанзивна надворешна политика која била штетна за интересите на Република Македонија.

Во Собранието на РМ во периодот од 9 до 16 февруари 1993 била водена опширна расправа за постапката за прием во ОН и за предлозите во

[265] Ахил Тунтев, исто, стр. 29
[266] Киро Глигоров, исто, стр.337

врска со името. Расправите со иста жестина продолжиле и на седницата од 31 март до 2 април, кога дојдоа до израз остри разлики меѓу владината коалиција и опозицијата.[267] Партиите на владеачкото мнозинство сметале дека благодарение на ваквата надворешна политика Македонија, де факто постои како меѓународен субјект, таа не е меѓународно призната но дека е важно тоа што во овој момент со проблемот на Република Македонија е ангажиран целокупниот механизам на ОН.[268] Оваа група исто така истакнала дека е против промената уставното име.

Претседателот на Собранието Стојан Андов сметал дека името треба да се одбрани со аргументии. Оценувајќи ги геополитичките услови како мошне сложени сметал дека е опасно за државата да биде надвор од системите за безбедност што функционираат во светот-ООН, ОБСЕ, НАТО. Оваа собраниска распарава траела речиси една недела а кулминирала на 16 февруари 1993 година кога министерот за надворешни работи Д. Малески поднесува оставка. За време на оваа седница претседателот К. Глигоров ги известил пратениците дека Македонија се соочува со нова тактика односно дека Република Грција е подготвена на компромис за името и тоа со додавка на зборот Македонија, меѓутоа бара да ги промениме знамето - членот 49 од нашиот Устав.[269] На оваа седница претседателот К. Глигоров практично ја подржува оваа иницијатива бидејки сметал дека приемот би бил извршен а главните прашања би останале отворени. Во исто време Лисабонската Декларација доживува неуспех како меѓународен документ кој се сметал за најштетен за интересите на Македонија. Според К. Глигоров во име на долгорочните интереси на Република Македонија неопходно било да се направи компромис и да се оствари зацртаната цел влез во ООН. Така биле извршени консултации со државниот врв кој покажал подготвеност за компромис. Во врска со ова К. Глигоров ќе каже:*Тогаш ги повикав на разговор водечките личности во Македонија, уште еднаш ја претресовме целата состојба и главно преовладуваше мислењето дека*

[267] Ахил Тунтев, исто, стр. 29
[268] Киро Глигоров, исто, стр.338
[269] Исто, стр.340

*мора да направиме некаков копромис...Оценивме дека овој компромис не е толку лош и дека со него сеозаконува името Македонија*.[270]

Државниот врв предводен од Киро Глигоров ја пласирал тезата дека тоа е привремено име кое ќе трае само неколку месеци и дека името ќе се употребува само во рамките на ООН. Било истакнато дека со цел трајно да се реши проблемот во спорот ќе бидат вклучени двајцата посредници на ООН, Сајрус Венс и Лордот Овен кои треба да работат на приближување на ставовите на двете страни. Овие ставови претседателот К. Глигоров ќе ги истакне неколку дена пред да се случи официјалниот прием на Република Македонија во ОН, во интервју дадено за весникот „Нова Македонија“ на 31 март 1993 година. Со ова интервју практично јавноста се подготвувала за приемот на Република Македонија под привремената референца ПЈРМ.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во Собранието остро се спротивставила на решението за привремена референца. Особено бил критикуван Претседателот К. Глигоров кого го обвинувале дека прашањето го смета за “техничко”. Тие сметале дека не држи неговата теза дека привремената референца ќе биде во привремена употреба од два месеци. Исто така, со право му било замерено дека е нелогичен неговиот заклучок дека референцата ќе се употребува само во ООН, но не и вон ООН. Општо е познато дека ООН се универзална меѓународна организација, најважна светска институција на државите. Нациите, штом комуникацијата ќе се одвива во ООН таа се одвива под тоа име и со сите нејзини институции и членки.[271]

Во Собранието, меѓу другото, се водела и жестока дебата за тоа дали и како е поднесена апликација за членство во ООН. Посебно остри расправии се развиле кога опозициските пратениците се почуствувале изманипулирани бидејки владата тврдела дека е поднесена апликација а всушност тоа не било апликација туку писмо кое владата односно премиерот Б. Црвенковски го упатил на 24 март 1993, а сакале да остане далеку од очите на јавноста. На овие тврдења дел од пратениците побарале да се подели јавно апликацијата на пратениците но тоа најпрво било одбиено со образложение дека се работи

---

[270] Исто, стр.342

[271] Доста Димовска, Македонија највисока..., стр 36

за доверлив документ. Подоцна било договорено писмото да биде поделено помеѓу пратениците со што се развила уште пожестока дискусија. Било всушност разоткриено дека Република Македонија не поднесува апликација за влез во ООН под нејзиното уставно име туку ја прифаќа Нацрт резолуцијата поднесена од Велика Британија, Франција и Шпанија. Во рамките на ова треба да се каже дека и американскиот амбасадор во ОН, Малдрен Олбрајт, на 23 февруари 1993 изјавува дека САД се согласуваат со европскиот предлог Македонија да биде примена во ОН под името ПЈРМ.[272]

Како што споменавме, на 31 март 1993 година започнала седница на Собранието на РМ која траела неколку дена. Во овие рамки пратениците на ВМРО-ДПМНЕ поднеле резолуција против новото име која не била усвоена. Според сведочењата на првиот министер Денко Малески како и на професорот Димитар Мирчев оваа одлука била т.н „земи или остави".[273] Оваа дебата но и настаните околу фамозното писмо покажале дека политичкиот врв особено релацијата Претседател-Премиер се согласила на компромис со тоа што би се прифатила привремената референца. Во своето, пак, експозе дадено пред Собранието на 31 март, Глигоров ги анализира фактите за тоа што губи, а што добива Македонија со влезот во ОН, макар и со привремената референца. Во неговото излагање преовладува ставот дека е подобро државата да стане членка на ОН отколку да остане надвор од Организацијата. На собраниската седница се развива бурна расправа. Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ остро ги нападнале носителите на власта силно спротивставувајќи на Нацрт-резолуцијата за прием на Македонија во ОН, барајќи да се отфрли и го обвините државното раководство за предавство. Но, сепак, на седницата не се донесени никакви заклучоци и постапката за прием на Македонија во ОН продолжува.[274]

И покрај бројните критики и забелешки, но и реакции на дел од јавноста, кај политичкиот врв постоел консензус за компромис со цел влез во ООН бидејќи тоа се сметало за нужна потреба за да се избегне проширување на воените дејства на југ кон Македонија. Со помош на англиската дипломатија

---

[272] Ахил Тунтев, исто, стр. 157

[273] Ова професорите Денко Малески иДимитар Мирчев го изјавуваат во документарниот серијал 20 години Неазвисност, епизода 1993 година

[274] Дејан Маролов, Оливер Митев, исто, стр. 173

била постигната согласност и Грција да ја прифати Предлог-Резолуцијата и повеќе непостоеле пречки ова прашање да се најде пред Советот за безбедност на ОН. Советот ги прифатил ново настанитете услови и на неформален состанок ја прифатил резолуцијата. За да се изнесе прашањето пред Генералното Собрание било неопходно да се соберат потписи. Македонија тоа не можела да го направи бидејки не биле членка на ОН па така била замолена словенечката делегација да го помогне процесот и биле собрани 60 потписи. Помеѓу потпишаните биле сите членки на ЕЗ вклучувајки ја и Грција.

Генералното Собрание на ООН “македонското прашање” го поставува на седницата од 8 април 1993 година. Седницата била отворена со тоа што била прочитана Резолуцијата 817/93 која била усвоена од страна на Советот за безбедност на 7 април. Со неа се предвидувало зачленување на Македонија по референцата ПЈРМ за употреба во ОН. Генералното собрание на ОН донесе одлука (Резолуција на ГС број 47/225) за прием на РМ во светската организација како 181 членка. Резолуцијата била проследена со претседателска изјава.[275]

На 8 април претседателот К. Глигоров се обрати пред генералното собрание на ОН. Во својот говор тој го истакнал принципот на самоопределување до отцепување, борбата низ историјата за создавање на сопствена држава, дека РМ нема територијални претензии итн. Она што е значајно и што ќе остане запишано и во архивите на ООН е тоа што во овој говор тој го потенцира континуитетот на македонската борба за независност. Така, тој ќе истакне:*Со овој чин се круниса повеќевековниот стремеж на македонскиот народ и неговата 130 годишна борба за слобода и независна држава.*[276]

Со приемот во ООН, според Глигоров, биле остварени вековните стремежи на македонскиот народ за создавање на сопствена држава. Ова тој ќе го истакне веднаш по слетувањето на аеродромот во Скопје. Негова прва изјава по тој повод била:*Се оствари тоа наше право кое на секој народ кој се*

---

[275] Ахил Тунтев, исто, стр. 30

[276] Киро Глигров,Виорни времиња..., стр.205

*самоопределил и создал демократски институции, кој само 130 години се борел само во поновата историја, да тој чин како чин на правда да биде потврден на највпечатлив начин како што се случи со приемот во ОН.*[277] И покрај големиот отпор, критики и несогласувања во домашната јавност околу начинот на кој е примена Македонија сепак ова претставува големо дипломатско достигнување бидејќи Македонија и официјално станува дел од светската карта. Несомнено клучна улога тука одиграл и К. Глигоров кој бил свесен дека ова претставува голема можност за зачувување на историските придобивкии овој момент е еден  од тие моменти кои му ја доделуваат титулата државник.

Приемот на државата во ООН е резултат на целокупната политика која К.Глигоров ја водел од 1991 година па се до 8 април 1993. Таа политика се одликувала со прагматичност и соодветни копромиси кои сепак не ги загрозиле интересите на Република Македонија и тоа почнувајќи од преговорите за надминување на  состојбите во СФРЈ каде истакнува дека доколку само една од државите ја напушти унијата Македонија ќе тргне по независноста, продолжувајќи со заложбата за одржување на референдум, спогодбата за заминување на ЈНА од територијата на Македонија со целокупното оружје од македонските касарни, барање за присуство на мировни сили во Македонија, па се до времената спогодба со Република Грција. Овие политики покажале дека отстапките кои биле направени биле неопходни за да се зачуваат мирот и стабилноста во Македонија наспроти воените дејства кои во меѓувреме се случувале на просторите во Југославија. Круна на таа политика водена во тешки и неизвесни услови претставува членството во ООН со кое идефинитивно биле легализирани границите на Република Македонија, а било потврдено и  македонското постоење на светската политичка карта .

[277] Оваа изјава Претседателот Киро Глигоров е превземена од документарецот 20 години Независност , епизода 1993.

**Глава 5**

# Политиката на Претседателот Киро Глигоров кон проблемот со името и политичките активности и настани од 1993 до 1999 година

## 5.1 Политиката на Претседателот К. Глигоров кон проблемот со името на Република Македонија

Веднаш по започнувањето на реформите во СФРЈ и штом почнувало да се наговестува распаѓањето на СФРЈ, во Република Грција се активирало прашањето околу иднината на Македонија. Атмосферата посебно се вжештила после референдумот на 8 сепетмври 1991 година кога веќе било очиглено дека Република Македонија се движи по патеката на независноста. Грчката влада на чело со Константинос Мицотакис но и со најголемиот гласноговорник во врска со името Македонија, министерот за надворешни работи Андонис Самарас настапувале со тезата дека на север од грчата држава не смее да има држава која во своето име го содржи зборот Македонија бидејки тоа имплицирало претензии кон Р. Грција и дека Македонија претставува само еден регион во Грција.

Како што веќе споменавме на 2 декември 1991 година претседателот К. Глигоров упатува писмо до сите земји во светот за признавање на Република Македонија. Дека намерите на грчките политички кругови биле дестабилизирање на Македонија или нејзино вклучување во рамките на скратена Југославија покажува фактот дека само два дена по ова писмо, Грција целосно го отфрла барањето за признавање на суверена и независна држава Македонија, а грчки воен авион го повредил македонскиот воздушен простор и навлегол во Македонија. Во овој период геополитичките услови биле такви што распадот на СФРЈ се сметал за европски проблем. Така решавањето на проблемот со распадот на Југославија бил препуштен на ЕЗ. Тоа во старт за Република Македонија значело дефанзивна позиција бидејки најважните одлуки во ЕЗ се носеле едногласно а Грција веќе била член на заедницата. Дека работите околу признавањето на Република Македонија ќе бидат прилично тешки покажал и министерскиот состанок на ЕЗ одржан на 17

декември 1991 година во Брисел. Како што е познато на овој состанок земјите од СФРЈ требало сами да се изјаснат околу нивното признавање но да се обврзат со уставни гаранции дека ќе немаат територијални претензии кон соседна земја или членка на заедницата што очигледно се однесувало на Македонија. Во овој период претседателот К. Глигоров има чести контакти со посредникот на ЕЗ за состојбата во Југославија лордот Питер Карингтон. За време на една негова средба во Скопје одржана на 19 декември 1991 година помеѓу него и претседателот К. Глигоров било сугерирарно дека Македонија треба да направи отстапка и во Уставот да биде нагласено дека Македонија нема територијални претензии кон соседите. К. Глигоров како највторитетн политичар успеал да издејствува во согласност со Владата и Собранието да бидат извршени измени и на 6 јануари 1991 година овие измени биле изгласани. Оваа отстапка ќе биде првата отстапка која била направена под влијание на К.Глигоров, но ова не ги загрозувало интересите на Република Македонија, а тој се надевал дека тоа ќе го забрза процесот на признавање на Македонија. Сепак Грција имала дебели црвени линии кои предвидувале во името на државата воопшто да не постои зборот Македонија, а токму поради нивните интереси ЕЗ воопшто не го почитувала меѓународното право и тоа го претставувала како политички проблем. Дека во овој случај ЕЗ нема да се грижи за меѓународното право покажал извештајот на Бадентеровата Комисија донесен на 11 јануари 1992 година со кој се потврдило дека Македонија ги исполнува сите услови за признавање на независноста. И покрај ваквиот извештај ЕЗ ќе одлучи дека ќе бидат признаени само Словенија и Хрватска а не и Македонија. Во овој период со ЕЗ претседавала Португалија која се ангажирала преку министерот за надворешни работи Пињеиро да го помогне околу овој проблем кој предложил т.н пакет Пињеиро кој веќе го споменавме.

Во мај 1992 година се одржал министерски состанок на ЕЗ каде меѓу другото се поставило и "македонското прашање". За Македонија било кажано дека ЕЗ е подготвена да ја признае Македонија со име прифатливо за сите заинтересирани страни, а за прв пат било истакнато името Нова Македонија Ваквите ставови на ЕЗ биле потврдени и со донесувањето на Лисабонската декларација донесена на 27 јули 1992 година со што ЕЗ уште еднаш застанала зад интересите на својата земја членка. Ставовите на Претседателот К.

Глигоров во врска со Лисабонската Декларација биле дека оваа е преседан и дека никој нема право да одлучува за името на народот и државата. Во врска со ова тој ќе изјави: *никој нема право во Република Македонија, ниту јас како Претседател, ниту Владата ниту Парламентот, да реши за елементарното и неприкосновено право на нашиот народ: за неговото име и името на државата.*[278] Тогашниот македонски политички врв односно односно трите најистакнатиполитички личности: К. Глигоров, Н. Кљусев и С. Андов биле на заеднички став дека ова е понижувачки документ за Македонија па затоа собранието веднаш донело Декларација со која се отфрлуваат делови од Лисабонската Декларација. И покрај ваквата неповолна меѓународна положба К. Глигоров продолжил со политиката која предвидува признавање на Република Македонија во меѓународните организации под уставното име. Држејки се до ваквите ставови на 30 јули 1992 година тој поднесува писмо до Генералниот Секретарна ООН Бутрос Гали за признавање на Македонија под уставното име а во овој период вакво писмо било пратено и до Претседателот на Руската федерација Борис Елцин.

Настаните кои се случиле летото 1992 година покажуваат дека грчката држава се залагала за оневозможување на независност на македонската држава. На 21 август Грција, привремено забранила транспорт на нафта со што се  оневозможило нормално функционирање на македонската економија. Ова во суштина значело трговско и економско ембарго со што би се наметнамл и политички притисок врз Македонија. Во тој период функционирала оската Белград-Атина. Грците на протести јавно извикувале дека сакаат заедничка граница меѓу Србија и Грција. Во периодот од 1990 до 1993 година, грчкиот премиер Константин Мицотакис и министерот за надворешни работи Антонис Самарас се сретнаа неколку пати со Милошевиќ за да го дискутираат македонскиот „проблем“. На 16 јануари 1992 година,  Глигоров јавно протестира дека Милошевиќ во Атина дискутира за Македонија без нејзин претставник.[279]

И покрај тешкотиите на внатрешен и надворешен план, продолжиле меѓународните активности на Киро Глигоров. Така, на 15 октомври 1992 при

---

[278] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр 307

[279] Дејан Маролов, Оливер Митев, исто, стр. 125

посета на Лондон ќе одржи говор во Центарот за политички студии каде ќе изјави: *под тоа име народот се идентификува се себеси неколку векови наназад, тоа е дел од неговата национална свест и политичка историја,дел на препознавање на неговата култура и творештво.*[280]Овој негов говор покажува дека К. Глигоров го врзува името со идентитетот и дека за уставното име не се преговара.  Во меѓувреме англиската дипломатија го задолжила дипломатот Робин О'Нилда биде посредник  бидејки тогаш со ЕЗ претседавала Велика Британија.

Пред одржувањето самитот во Единбург посредникот Робин О'Нил, на 20 ноември 1992 година дошол во Скопје и изнел предлог кој сметал дека е прифатлив за двете страни а тоа бил предлогот Република Македонија(Скопје). Овој предлог бил изнесен на претседателот К. Глигоров што покажува дека тој се сметал за највлијателна личност во Македонија. Подоцна тој организирал средба со целиот државен врв на чело со Премиерот Бранко Црвенковски и го изнел таквиот предлог. Државниот врв (Глигоров, Црвенковски, Андов, Малески итн.) ова го сметал за добра основа, но дека треба да се испита пулсот на пратенците.[281]

На 9 декември 1992 година била одржана седница во Собранието кој расправал за овој предлог. Најголем дел од пратениците го сметале овој предлог за неприфатлив со што овој договор ќе биде одбиен. На 11 и 12 декември 1992 година се случил самитот на ЕЗ во Единбург. На овој самит било потврдено дека предлогот на посредникотРобин О'Нил се одбива и од двете страни а било одлучено проблемот да го превземе ОН.Неколку недели подоцна веднаш после започнувањето на новата 1993 година Претседателот К.Глигоров патува за Франција и остварува работна средба со Претседателот на Франција Франсоа Митеран. На оваа средба на Македонија и било понудено предлогот да се реши по пат на меѓународна арбитража.Овој предлог на Претседателот Митеран бил само неформален предлог но набрзо преку министерот за надворешни работи Роланд Дима стигнал и официјален предлог. На 14 јануари 1993 година К. Глигоров отпатувалза Женева каде остварил средба со Роланд Дима но и со Генералниот Секретар Бутрос Гали.

---

[280] Киро Глигоров, Виорни времиња...,стр.271

[281] Стојан Андов  дал предлог наимето Република Македонија(Скопје) да биде додено C.C(Capital City),

На оваа средба уште еднаш се разговарало за предлогот за меѓународна арбитража но К. Глигоров повторно го отфрлил овој предлог со образложение дека приоритет треба да биде зачленувањето на Македонија а после тоа треба да бидат организирани средби со кој би се надминал овој спор. Посебно интересна била средбата со Бутрос Гали бидејки Генералниот Секретар му дал два предлози на имиња со кои би влегле во ООН. За оваа средба Претседателот К.Глигоров кажува: *Дали можеби би биле прифатливи имиња како Северна Македонија, Нова Македонија... иако вие и Грците би прифатиле тогаш да ја симнеме оваа работа од дневен ред*.[282]Од оваа средба може да се види дека се предложуваат имиња кои би биле за севкупна употреба со оглед на фактот дека освен името дел од главните грчки барања беа промена на преамбулата во Уставот како и самиот Устав воопшто и дека на тој начин може да се протолкуваат зборовите на Бутрос Гали дека со тоа би се симнало ова прашање од деневен ред. Овој предлог бил одбиен од страна на Глигоров со старото образложение дека со тоа се удира на македонскиот идентитет но и со тоа дека во Македонија непостојат никакви политички услови кои би довеле до промена на името.

Како што веќе е споменато, британската дипломатија на чело со министерот Даглас Херд, превзема офанзива и заедно со Франција и Шпанија на 3 февруари 1993 година предлагаат Македонија да биде примена под привремената референца Бивша Југословенска Република Македонија. За ова веќе зборувавме во делот за прием на Република Македонија во ООН но уште еднаш ќе истакнеме дека македонскиот државен врв на чело со претседателот Киро Глигоров постигнуваат консензус со кој се прифаќа ставот дека треба да се направи компромис бидејки се работи за привремено име кое би се употребувало во ООН. Веќе објаснивме какви биле политичките прилики во Парламентот затоа ќе се задржиме на тоа зошто претседателот К. Глигоров сметал дека треба да се направи таква отстапка и какви биле приликите во регионот.

На 7 април 1993 година еден ден пред приемот на Македонија во ООН според податоците кои ги добиле македонските служби од Ниш кон јужната

---

[282] К. Глигоров, Македонија е се..., стр.374

граница на Србија се упатиле 850 борбени возило што претставувале сериозна закана за стабилноста на Македонија и за дотогаш слабо вооружаната македонска армија.[283] На 31 мај 1993 година во вилата Билјана во Охрид се одржала ненадејна средба помеѓу претседателот Киро Глигоров и Претседателот на Република Србија, Слободан Милошевиќ. Средбата била одржана на барање на Милошевиќ по доаѓањето на 300 американски војници на територијата на Македонија. Најинтересното од оваа средба е предлогот на С. Милошевиќ, Македонија да остане или влезе во составот на СР Југославија а во замена на тоа Грција би го признала името СлавоМакедонија. Овој предлог ќе биде одбиен страна на К. Глигоров но она што остава впечаток е тоа што постоеле конекции помеѓу раководствата на СР Југославија и Р. Грција а тие конекции главно се однесувале на македонското прашање, односно за спречување на независноста на Македонија.Од средбата било објавено кратко соопштение дека се разменети мислења за актуелните прашања од интерес за политичката ситуација и стабилноста на регионот. Средбата ќе побуди голем интерес во домашната и меѓународната јавност, а одделни агенции јавиле дека целта на посетата, наводно била да се убеди претседателот Глигоров да не прифаќа американски војници во Македонија.[284]

На 13 октомври 1993 година во Белград се одржала средба помеѓу Слободан Милошевиќ и Министерот за надворешни работи на Грција, Каролос Папуљас. На средбата се разговарало за односите и санкциите на ЕЗ кон СРЈугославија но и за нивните односи со Македонија. Како што веќе споменавме и двете држави имале свои интереси во Македонија па оваа средба може да се протолкува како можност за заедничко делување против Македонија односно создавање на еден вид сојуз на двете држави. Ваквите настани заедно со настаните кои веќе се одвивале во Хрватска и во БиХ покажуваат дека потребата за влегување во ООН па дурии под привремената референца е била повеќе од голема.И покрај прифаќањето на привремената референца, Македонија не го менува уставното име и во односите помеѓу другите држави било употребувано името Република Македонија. Додека траеле сите овие процеси имало повеќе обиди за посредништво и за промена

[283] Овие податоци ги дава Проф. Д-р Владо Поповски во серијалот 20 години Македонска Независност, епизода 1993

[284] Ахил Тунтев, исто, стр. 126

на уставното име Република Македонија. Интересно е да се спомене дека вакви обиди не доаѓале само од официјално ангажирани лица на ЕЗ (Робин О'Нил) и ООН (Сајрус Венс и Лордот Овен) туку и од трети страни. Таков бил случајот со министерот за надворешни работи на Австрија Алојз Мок кој имал амбиција да биде посредник во спорот помеѓу Македонија и Грција. Овој ангажман на Алојз Мок слободно може да се каже дека го загрозува македонскиот национален идентитет, а во незгодна положба бил ставен Претседателот К. Глигоров. Имено се работи за средба одржана на 19 мај помеѓу специјалниот претставник на Претседателот Васил Тупурковски министерот Алојз Мок. На оваа средба А. Мок предложил еден непристоен предлог со кој се предвидувало Македонија го промени своето уставно име во Централно Балканска Република а за возврат да добиенеколку стотини милиони долари. Според весникот "Вечер" од 23 мај 1992 година, овој пакет тежел 3 милијарди долари. Тоа всушност значело директна понуда од грчка страна со посредство на австрискиот министер преку поткуп да се реши проблемот со името. Во врска со ова В. Тупурковски ќе даде коректна изјава *дека никој од македонското раководство нема овластување ниту пак морално право да го менува името*... но, исто така, ќе даде изјава дека: *Министерот за надворешни работи Алојз Мок ни даде сериозен предлог...*[285]Токму ова ќе предизвика контроверзи, а претседателот Глигоров ќе се најде во незгодна ситуација бидејки Васил Тупурковски отпатувал во Виена во својство на Специјален претставник на Претседателот. Сепак по сугестија на Глигоров, Тупурковски ќе даде нова изјава каде ќе потенцирадека тој бил за дијалог но дека никој ништо нема договорено. Според К. Глигоров ваквиот начин на делување на грчката политика не бил туѓ а постоеле и обиди когадиректно со помош на тајните служби ќе бидат доставени финансиски понуди со цел тој да помогне во врска со името. Она што предизвикува внимание е тоа што споредК.Глигоров ваквата понуда одела директно под посредништво на министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски. За ова во неговите спомени тој ќе каже: *Еден ден министерот за внатрешни работи Фрчковски ми предложи да примам некои соработници од Службата, за да ме известат лично за нешто од нивната работа. Ги примив а тие*

[285] К. Глигоров, Македонија е се...,стр.387

*микажаа дека имале средба со нивни колеги од Грција дека тие официјално им рекледа ми пренесат лично мене дека доколку попуштам околу името, подготвени се да ми префрлатна која сакам банка во светот милион долари на што тој одговорил... Да ви кажам- од тоа нема ништо. Одете си. Му кажав јас и на вашиот министер.*[286]Ова сведочење на К. Глигоров дава друга димензија и го отвара прашањето дали преку тајните служби и преку членови на македонската влада по пат на поткупгрчката државасе обидувала да го реши проблемот со името во своја корист. Исто така треба да се истакне дека спомените на К. Глигоров објавени како книга со наслов "Македонија е се што имаме" е напишана во 2002 година и од тогаш поминаа безмалку две децении а Љубомир Фрчковски нема дадено изјава во врска со овие сведочења на К. Глигорови сеуште не сме во можност да дознаеме како течел целиот тој процес.

Во меѓувреме споменавме декасо посредство на ЕЗ и специјалниот претставник Робин О'Нил започнал процесот на давање на нови имиња со кој би се обезбедило трајно решавање на проблемот. Некои од имињата веќе ги споменавме но ќе се потсетиме уште еднаш со цел да видиме како се однесувал претседателот К. Глигоров кон таквите предлози и таквата политика. Исто така треба да се спомене дека во целиот период од 1991-1995 година кога биле најсилни тие политички делувања целиот процес од македонска страна бил координиран од страна на К. Глигоров што покажува дека тој бил највлијателна политичка фигура. Веќе споменавме дека прв официјален предлог доаѓа на 20 ноември 1992 година кога во Скопје Робин О'Нил за прв пат предложува ново уставно име а тоа бил предлогот Република Македонија(Скопје).[287] Во врска со ова име К. Глигоров го образложил својот став во Собранието каде ги известил пратениците за преговорите а тој како и целокупниот политички врв сметал дека овој предлог имал базна основа. Дека може да се направи компромис и дека тоа би било име за надворешна употреба.[288] Во Собранието ова било протолкувано како обид за промена на името и целокупната оценка била дека овој предлог не е прифатлив. Овој прв предлог бил целосно отфрлен и од од грчка страна. Самиот министер

[286] Исто, стр.388
[287] Исто,стр.320
[288] Исто,стр.321

МихалисПапаконстантинуизјавил дека Грција ова нема да го прифати ниту како придавска форма.[289]

Од наведените настани може да се види дека македонската страна која била предводена од страна на Глигоров сепак имала т.н црвени линии а тоа името да биде само за надворешна употребадодека што се однесува до уставното име К. Глигоров сметал дека тоа е дел од македонскиот идентитет и дека за тоа не се преговара. По овој предлог и завршување на самитот во Единбург било одлучено спорот помеѓу Македонија и Грција да го превземат ООН. За таа цел од страна на Генералниот секретар Бутрос Гали како што веќе споменавме биле поставени двајцата посредници Сајрус Венс и Лордот Овен. Во тој период  во грчкиот печат се појавиле неколку имиња кои на некој начин се пуштале како пробни балони. Имиња кои тогаш преовладувале биле Балканска  Македонија, Северна Македонија и Горна Македонија. Дека овие имиња не биле случајни и биле пуштани од грчката страна покажува средбата помеѓу Киро Глигоров и Бутрос Гали одржана на 14 јануари во Париз која исто така ја споменавме а на која биле изнесени имињата Северна Македонија и Нова Македонија. Овие предлози биле неофицијални додека 4 месеци подоцна на 18 мај 1993 година посредниците Сајрус Венс и Лордот Дејвид Овен го официјализирале овој предлог и изготвиле Нацрт-договор. Овој договор освен промена на името предвидувал и мерки за доверба, пријателство и добрососедска соработка. Во координација со Владата и Собранието било одлучено дека овој договор не е прифатлив и дека задира во македонскиот идентитет. За таа цел К. Глигоров упатил писмо до Бутрос Гали во кое го известува дека од сите 25 члена за Македонија неприфатлив е членот 5 кој се однесува на името.[290] Ова значело дека Македонија го одбива предлогот за името но дека прифаќа да продолжат преговорите.

Интензитетот на преговорите се намалил после одржувањето на изборите во Грција одржани на 10 октомври 1993 година. На тие избори била симната владата на Мицотакис а победник била партијата ПАСОК на чело со Андреас Папандреу. Партијата ПАСОК се покажала многу порадикална во преговорите од претходната Неа Демократија. По формирањето на владата во

---

[289] Исто, стр.324

[290] Исто,стр.327

Грција преговорите биле речиси замрзнати. Односите помеѓу Грција и Македонија дополнително се усложниле после одлуката на грчката влада на 16 февруари 1994 година да воведе економско ембарго над Македонија. Со оваа одлука било одлучено на Македонија да и се забрани промет на стоки од и за Солунското пристаниште. Истовремено, затворен е и грчкиот конзулат во Скопје. На 21 февруари Министерскиот совет на Европската унија ја осуди Грција за воведувањето ембарго и побара повлекување на блокадата. Два дена подоцна, еврокомесарот Ханс ван ден Брук доаѓа во посета на Македонија во врска со последиците од грчкото ембарго (пред тоа тој престојуваше и во Атина за истата цел).[291]

Заради грчкото ембарго, Македонија по втор пат се нашла пред сериозен предизвик поради можноста да доживее економски колапс. Во врска со овие настани К. Глигоров со помош на преговори се потрудил да издејствува промена на состојбата и за таа цел упатил писмена порака до Премиерот Папандреу за продолжување на преговорите но тоа било неуспешно и од грчка странане била искажана волја за решавање на проблемот. Со цел да биде најдена некакво решение за подобрување на состојбата во Македонија, Киро Глигоров воспоставил контакти со претседателот на Турција, Сулејман Демирел од каде добил уверувања дека Турција ќе направи се за да се помогне на Македонија. На 1 март 1994 година К. Глигоров добива порака од Претседателот на Бугарија Жељу Желев во која тој нуди помош за Македонија. За таа цел на 25 април 1994 година помеѓу двата претседатели била остварена средба во Софија на која било одлучено на Македонија да и се даде безусловна подршка и отстапувајки и  пристаништа, железници и патишта. Тоа било навистина значајна помош за ублажување на состојбата па преку Бугарија успеале да стигнат нафтени деривати. Меѓутоа помош дошла и од западниот сосед Албанија. За таа цел на 22 мај 1994 година во Подградец и во Охрид  се одржала средба помеѓу Киро Глигоров и албанскиот претседател Сали Бериша. По завршувањето на оваа средба Сали Бериша изјавил дека Албанија ќе и отстапи на Македонија складишта за милион ипол тони нафта и нафтени

[291] Ахил Тунтев, исто стр. 133

деривати какои складишта за милион тони за друга стока.[292] Сали бериша ветил дека ќе и дадат подршка на приемот на Македонија во КЕБС и олеснувања за користење на пристаништето во Драч.[293] Иако транспортот од овие земји бил поскап сепак претставувало голема помош и ублажување на состојбите, за Македонија да не западне целосно во тешка економска криза. Оваа криза Грција ја искористила со тоа што во преговорите го наметнала прашањето за употреба на античките македонски симболи.

На 9 декември 1994 година со своја иницијатива за решавање излегол и Претседавачот на ЕУ, Клаус Кинкел. К. Кинкел излегол со веќе понудени решенија односно решавање на кризата со тоа што Македонија би го променила името во Северна Македонија или Нова Македонија и да се откаже од употребата на грчките симболи. Оваа иницијатива не резултирала со официјализирање и уште на почетокот резултирала со неуспех. Овој проблем траел околу година ипол се додека директно не се вмешала американската дипломатија под водство на помошникот Државен секретар Ричард Холбрук. Искусниот американски дипломат заедно со Сајрус Венс успеале како главни цели да ги постават симнување на ембаргото, промена на знамето и градење на добро соседски односи. Во врска со знамето во спогодбата се вели: *Постапувањето во сила на оваа Привремена согласност, Втората страна ќе престане на каков било начин да го користи симболот, во сите негови форми, што ги истакнуваше на нејзиното знаме, пред тоа да стапи во сила.*[294]

На 4 септември 1995 година Ричард Холбрук доаѓа во Скопје каде го изложил Нацрт-договорот и го претставил на македонскиот државен врв на чело со К. Глигоров. Била разгледана најновата американска иницијатива за забрзување на преговорите во македонско-грчкиот спор. Холбрук престојува и во Атина и во разговорите со премиерот папандреу е побарано да се симне грчкото ембарго спрема Македонија. Предлогот бил прифатен од двете држави и Спогодбата за нормализација на односите била потпишана на 13 септември

[292] Оваа изјава е дадена за медиумите а е превземена од документарецот 20 години независност, епизода 1994.
[293] Ахил Тунтев, исто стр. 134
[294]Закон за ратификацијата на Привремена спогодба помеѓу Република Македонија и Република Грција склучена на 13 септември 1995 ,член 7, став 2, Скопје октомври 1995

1995 година во Њујорк од страна на министрите за надворешни работи на Грција Каролос Папулјас и на Македонија Стево Црвенковски. Нивните потписи биле ставени под „првата страна/втората страна“.[295] Откако спогодбата била потпишана, истиот ден писма размениле Претседателот Глигоров со американскиот претседател Бил Клинтон со што се воспоставени целосни дипломатски односи. Претседателот Глигоров го оценил постигнатиот договор како нов успех на мироЉубивата политика на Македонија.

Со потпишувањето на Спогодбата привремено бил запрен лошиот однос помеѓу двете земји а за сите прашање кои не биле решени преговорите требало да продолжат во Њујорк под покровителство на ООН. И покрај сите проблеми, на 13 октомври 1995 беше воспоставена канцеларија за врски меѓу Македонија и Грција. И Албанија и Србија го одговлечуваа признавањето на Македонија, секоја со свои побарувања, иако многу други и поголеми земји ја признаа државата и воспоставуваа дипломатски односи. Признавањето од стрна на Албанија уследи дури на 24 декември 1993, а на Србија се оддолговлечуваше до 8 април 1996 година.[296] Во меѓуврме Република Македонија стана членка на најважните меѓународни организации.

Од сите овие настани на меѓународно етаблирање на Република Македонија може да се заклучи дека главната координација во целиот процес од македонска страна ја води Киро Глигоров. Министерството за надворешни работи најпрво под водство на Денко Малески а потоа и под водство на Стево Црвенкоски, но сите свои активности ги координирало со претседателот Глигоров. Во целокупната дејност на претседателот Глигоров, можеме како факт да заклучиме дека неговите црвени линии се движат на линијата на непромена на уставното име. Според него тоа е дел од идентитетот на народот. Што се однесува до привремената референца (БЈРМ) може дасе каже дека нејзиното прифаќање било неопходно бидејќи од суштинска важност било зачленувањето во ООН со што и формално-правно би се реализирала независноста, а во исто време би се неутрализирала можноста за префрлување на воените дејствија од териториите на Хрватска и БиХ во Македонија. Гледајќи од денешен агол, привремената референца, не му

[295] Ахил Тунтев, исто, стр. 99
[296] Новица Велјановски, Македонија..., стр. 367

наштетила на македонскиот идентитет бидејќи самиот термин привремено кажува дека неможе да стане збор за име туку наоѓање на начин за привремено обраќање, а Република Македонија го задржала своето уставно име. Македонија, исто така, во билатералните односи со други земји кои ја признавале под уставното име го употребувала терминот Република Македонија. Од друга страна, со одбивањето на предлози од типот на Нова Македонија, Северна Македонија, Горна Македонија итн. во случаите кои се веќе спомнати, како и директните понуди за поткуп, Глигоров покажал дека се грижи за националните интереси без да потклекне под било какви притисоци. Од политичката дејност која тој ја превземал може да се заклучи дека на мудар начин без да им наштети на преговорите тој ги поставува македонските црвени линии, а тоа е неменување на уставното име.

### 5.2 Добивање на втор претседателски мандат и преживеан атентат

Во октомври 1994 година требало да се одржат редовни парламентарни и претседателски избори во Македонија. Тоа требало да бидат првите повеќе партиски избори во Македонија после стекнувањето на независност бидејќи првите повеќе партиски избори кои се случиле во ноември 1991 година се одржале додека Македонија сеуште не беше признаена како независна држава и се уште постоеја институции на СФРЈ. Состојбата на македонската политичка сцена сега била изменета за разлика од 1991 година. Во април 1993 година Петар Гошев кој повеќе не беше дел од СДСМ официјално формира нова партија која се вика Демократска Партија на Македонија (ДПМ). Сепак и покрај формирањето на неговата партија било очигледно дека копјата ќе се кршат помеѓу владеачката СДСМ и најбројната парламентарна партија до 1994 ВМРО-ДПМНЕ. Во врска со претседателските кандидати се тактизирало одреден временски период иако според анкетите убедливо најпопуларен политичар бил К. Глигоров. Претседателот на Собранието Стојан Андов го избра свечениот прием по повод Денот на независноста 8 Септември како повод да ги распише изборите за пратеници на Собранието и за избор на Претседател на Републиката за 16 октомври 1994.[297]

[297] К. Глигоров, Македонија е се...,стр.249

Имајки го предвид претходното искуство овој пат дел од партиите решиле да направат предизборни коалиции кои би биле доволна гаранција дека би се освоиле доволен број пратенички мандати со што би се формирала влада и на тој начин би се избегнале ситуации од типот на таа во 1991 година кога беше формирана техничка влада. За таа цел партиите СДСМ, Либерална Партија и Социјалистичката Партија формирале коалициски блок наречен „Сојуз за Македонија". Овој коалиционен сојуз се одлучил за свој партиски кандидат да го предложи дотогашниот претседател К. Глигоров. Според сведочењата на К. Глигоров имало големи потешкотии околу договорот за распределување на функциите доколку би победела нивната коалиција а во тие мачни преговори во еден период К. Глигоров размислувал и за кандидатура на независен пратеник преку собирање на потписи. За ова тој кажува: *во тие долги преговори еден ден морам да кажам и мене ми дојде преку глава...На една од последните средби им реков: гледам дека оваа работа тешко ќе биде довршена но за да не бидам јас некаква пречка за вашиот договор, ви предлагам вие да ги продолжите партиските преговори и договори а јас нема да бидам кандидат на "Сојузот за Македонија",ќе се ориентирам на прибирање потписи и ќе излезам како независен кандидат во свое име*.[298]Сепак преговорите ќе завршат успешно и К. Глигоров ќе биде официјално претставен како претседателски кандидат на Сојузот за Македонија.

Од другата страна, партијата ВМРО-ДПМНЕ била свесна дека тешко ќе најде кандидат кој би му парирал на К. Глигоров. Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Љубчо Георгиевски ќе изјави: *Ние бевме свесни дека неможеме да му најдеме пандан на К. Глигоров*.[299] Во текот на претходниот четири годишен претседателски мандат К. Глигоров се стекнал со висок рејтинг, а тоа пред се, се должело на мирољубивата политика која ја водел односно неговата улога во раздружувањето од СФРЈ без никакви воени дејства како и во процесот на стекнувањето на независност. Се покажало дека граѓаните ги ценеле како успешни политиките како што била заложбата за спроведување на референдум, договорот со генералот Аџиќ за повлекување на ЈНА од

---

[298] Исто, стр. 250

[299] Оваа изјава е дадена Љубчо Георгиевски а е превземена од документарецот 20 години независност, епизода 1994

Македонија, влезот на Македонија во ООН и на тоа се должел неговиот висок рејтинг уште пред изборите. Од оваа причина партијата ВМРО-ДПМНЕ калкулирала со свој кандидат но на партиската конвенција било одлучено против кандидат на К. Глигоров да биде познатиот режисер Љубиша Георгиевски.

Претседателските и парламентарните избори се одржале како што било потврдено на 16 октомври 1994 година. Никој не претпоставувал дека токму изборот за претседател ќе предизвика политичка криза во Македонија. Согласно гласањето спроведено на 16 октомври и 30 октомври 1994 година, а врз основа на резултатите спроведените општи и непосредни избори, за Љубиша Георгиевски гласале 197.210 избирачи или во проценти 14,49 гласачи, а за кандидатот Киро Глигоров гласале 715.774 или во проценти 52,60 избирачи.[300] Според партиите ДПМ и ВМРО-ДПМНЕ овој резултат не бил реален и бил извршен изборен фалсификат бидејќи К. Глигоров според нив не освоил 51% и требало да има втор круг. Ова предизвикало големи протести во Македонија а партиите ВМРО-ДПМНЕ и ДПМ одлучиле да го бојкотираат вториот круг на изборите со што на повидок била политичка криза. Сепак овие избори биле признаени и од меѓународните набљудувачи и од меѓународната заедница по што следел и вториот круг од парламентарните избори. Порди бојкотот на изборите во вториот круг, од страна на блокот предводен од ВМРО-ДПМНЕ, „Сојузот за Македонија“ освои над две третини на пратеничките места.[301]

И покрај протестите претседателот и новоформираната власт продолжиле нормално да ги извршуваат своите функции. Петнаесетина години подоцна учесниците во овие настани кандидатот Љубиша Георгиевски и претседателот на ДПМ, Петар Гошев ќе изјават дека и покрај според нив изборниот фалсификат победата на К. Глигоров била извесна но дека требало да има втор круг.Љубиша Георгиевски ќе изјави: *во вториот круг секако ќе ме победеше, тој е по популарен, посилен, постар политичар од мене..*[302].Петар

---

[300] Извештај за спроведениот избор за Претседател на Република Македонија во 1994, Скопје, Ноември 1994

[301] Новица Велјановски, исто, стр. 369

[302] Оваа изјава е дадена од Љубиша Георгиевски а е превземена од документарецот 20 години независност, епизода 1994

Гошев пак ќе каже: „*Љубиша Ѓоргиевски имаше 200000 гласови и тој неможеше да ги зголеми во вториот круг но тој (К. Глигоров) не победи во првиот круг*...“[303]

По победата на „Сојузот за Македонија3, мандатот за состав на влада, Глигоров го довери на Социјалдемократскиот сојуз, а владата ја формира Бранко Црвенковски, лидерот на партијата, со министри од повеќе партии кои коализираа во споменатиот „Сојуз за Македонија“.[304]

### 5.2.1 Неуспешен атентат врз Претседателот К. Глигоров

Како што веќе споменавме главните политички активности на претседателот Киро Глигоров од крајот неговиот прв мандат (октомври 1994) до неуспешниот атентат (октомври1995) биле насочени кон симнување на ембаргото наметнато од Р. Грција и потпишување на Привремената спогодба. Во тој период почнале да се создаваат поволни меѓународни услови за Македонија бидејќи Македонија очекувала влез во КЕБС(ОБСЕ) и Советот на Европа. Во екот на такви политички активности кога набрзо се очекувало и симнување на ембаргото од страна на Р. Грција кон Р. Македонија на 3 октомври 1995 година бил извршен атентат врз Претседателот Глигоров. Атентатот, кој длабоко ја потресува Македонија, се случил во 9 часот и 50 минути на улица „Македонија“ кога Претседателот одел на работа во Собранието на Р. Македонија. Еден ден пред да се изврши атентатот Глигоров престојувал во официјална посета на Белград каде имал средба со Претседателот на СР Југославија Слободан Милошевиќ.

Претседателот К. Глигоров го преживеал атентатот со тешки повреди на главата. На местото на атентатот загинаа неговиот возач Александар Спировски, а беше повреден телохранителот Илчо Теовски. Како последица од ксплозијата почина и случајниот минувач Христо Христоманов, а беа повредени Климе Коробар и Јован Атанасовски.[305] Нападот бил извршен со автомобил бомба марка Цитроен ами 8, каде биле скриени 20 кг. експлозив.

[303] Оваа изјава е дадена од Петар Гошев а е превземена од документарецот 20 години независност, епизода 1994
[304] Новица Велјановски, исто, стр. 370
[305] www.novamakedonija.com.mk, Дваесет и три години од атентатот врз Глигоров, Скопје, 2018

Пред експлозијата службеното возило било забавено од фиќо.[306] Според она што можело да се види од истрагата може да се заклучи дека атентатот е направен високо професионално и неслучајно е избран таков тип на автомобил бидејки таквите автомобили имале тенок лим па разнесувањето не било само полесно туку и посмртносно. Во истрагата биле претресени 30.850 возила и прегледани повеќе од 15.000 објекти, легитимирани биле повеќе од 188.000 лица, од кои 19.000 биле претресени. МВР извршило и повеќе информативни разговори со луѓе за кои сметало дека се можни сторители на атентатот, но сите тие биле пуштени по испрашувањата.[307]

Атентатот врз Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, ја потресол несамо македонската политичка сцена туку и македонската држава во целина бидејки Претседателот бил и врховен командант на вооружаните сили. Уште веднаш се поставило прашањето кој е нарачателот и кој е сторителот на атентатот. Се појавиле многу теории на заговор за тоа кој би можел да биде нарачателот. На 26 октомври 1995 тогашниот министер за внатрешни работи Љубомир Фрчковски излегол со изјава дека зад атентатот стои финансиско-економска групација од соседна земја. Оти тоа може да биде “Мултигруп” Бугарија, КОС на Југославија со други зборови дека тоа може да биде дело на некој однадвор, но поврзан со некои надворешни фактори.[308] Во врска со овие тврдења К. Глигоров во своите спомени кажува дека водачот на „Мултигруп“, Илија Павлов лично дошол во Охрид и му ги кажал следните зборови: *Господине Претседателе јас сум дојден да ви кажам дека Мултигруп нема никаква врска со атентатот*.[309] Подоцна во врска со атентатот била поврзана и некоја групација од Словачка но и за нејзе не се нашле никакви докази. Со цел расветлување на атентатот министерот Фрчковски формирал комисија која не ги дала посакуваните резултати па била распуштена и била формирана нова комисија. Во своите спомени за овој настан К. Глигоров истакнува дека има забелешки за тоа како била водена истрагата. Тој истакнувадека несфатливо е како може после еден таков настан полицијата да не го опколи тој дел од градот за да го најде извршителот а

[306] Исто
[307] Исто
[308] К. Глигоров, Македонија е се..., стр.569
[309] Исто,стр. 572

преку него да се најде нарачателот. Друга несфатлива работа според него е неможноста на македонските разузнавачки служби да добијат информации дека се подготвува атентат, а според експертите од таа област еден таков сериозен атентат се подготвува од 3 до 12 месеци.[310] Во врска со ова Претседателот К. Глигоров кажува дека после неговата рехабилитација бара од американскатаи германската тајна служба да му дадат некакви информации но освен ветувања друго немало ништо. Како можни атентатори била посочена некоја организација со име Ослободителна војска на Македонија која исто така му праќала писма со закани на К.Глигоровпред да се случи атентатот. За тоа тој ќе каже: *Јас лично навистина,повремено добивав разни закани, главно од наши поединци меѓу иселениците од Австралија кои ги потпишуваше некој полковник на некаква Ослободителна војска на Македонија...Пишувачите бараа да излезам на телевизија и да кажам дека јас сум виновен за се во Македонија и затоа си поднесувам оставка.*[311]

По добивањето на таквите заканувачки писма се поставило прашањето зошто македонските разузнавачки служби не реагирале на ова. Како што напоменавме еден од можните нарачатели се споменува српската разузнавачка служба КОС. Оваа теорија дека можеби има некаква поврзаност ја актуелизира Стојан Андов во 2012 година кога потенцира дека со временската спогодба не призна Грција а претходно не призна Бугарија, Албанија итн. Но Србија не не призна...[312] Се поставува прашањето дали соглед на тоа дека во време кога се распаѓаше Југославија и К.Глигоров се залагаше за формирање на Заедница на држави, разузнавачките служби и државниот врв во Србија сметале дека лесно би го убедиле К. Глигоров да прифати Македонија да биде дел од една скратена Југославија. Како што веќе споменавме на 1 јуни 1993 година на средба во Охрид К. Глигоров добил директен предлог од страна на С. Милошевиќ. Сепак на средбата што се случила во Белград еден ден пред атентатот К. Глигоров не упатува на тоа дека имал закани туку дека средбата била конструктивна и дека било

---

[310] Форум за безбедност, Здружение на ветерани од одбраната и безбедноста на Република Македонија,15години од атентатот врз Киро Глигоров – Мистерија или настан АД АКТА,Скопје 2012,стр.28
[311] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.568
[312] Форум за безбедност, Здружение на ветерани од одбраната и безбедноста..., стр 11

договорено државите меѓусебно да се признаат. Стојан Андов своите сомневања ги продлабочувасо тоа што КОС и тогашните југословенски власти ги поврзува со нашата влада.Во 2018 година во Скопје С. Андов ја издава книгата „Атентатот ден потоа“ каде како главен организатор го посочува министерот за надворешни работи Љубомир Фрчковски. Според Андов контроверзно е тоа што веднаш по неговата посетата на К. Глигоров во болницата во неговиот кабинет дошле: Премиерот Бранко Црвенковски, министерот заздравство Илија Филипче, министерот за правда Владо Поповски и уште двајца други но помеѓу нив не бил министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски.[313] За тоа тој ќе каже: *Ми падна во очи што на оваа наша средба не е министерот за внатрешни работи Фрчковски. Го прашав Бранко Црвенковски каде е Фрчковски? Тој ми одговори дека незнае точно каде но дека му кажале дека претседателот заминал за Крива Паланка.[314]* За поврзаноста пак помеѓу владата и југословенското раководство Андов го наведува фактот што во моментот членовите на владата се наоѓале кај него се јавил С. Милошевиќ односно само неколку часа по атентатот. Сепак највпечатлив дел од сведочењето на Стојан Андов претставува средбата која К. Глигоров ја имал со членовите на владата: Бранко Црвенковски, Тито Петковски, Благој Ханџиски, Љубомир Фрчковски и Јане Миљоскикаде на Киро Глигоров му била побарана оставка на еден груб начин односно биле употребени зборовите дека е веќе стар и дека му отчукал биолошкиот часовник. [315]

Во своите сведочења за атентот односно во неговите спомени како и интервјуата што ги давал нема споменато за ваква средба иако во една негативна конотација го претставува Љ. Фрчковски во веќе споменатата епизода за обид за поткуп за промена на името. Од друга страна, повторно според С. Андов токму Љ. Фрчковски бил прв кој обвинил дека С. Андов стои позади атентатот и тоа обвинување било дадено на дописникот на „Вашингтон Пост“ во Сараево кој по повод атентатот допатувал во Скопје. Според Андов новинарот му кажал: *сакам да ве известам дека министерот за внатрешни работи уште при почетокот ми рече дека вие сте го организирале*

[313] www.novamakedonija.com.mkС. Андов, До атентатот и по него, Мозокот на атентатот, Скопје 5.12. 2018
[314] Исто
[315] www.novamakedonija.com.mkС. Андов, До атентатот и по него, Мозокот на атентатот, Скопје 4.12. 2018

*атентатот.*[316]Истите ставови Љ. Фрчковски ги кажува и во неговата колумна по повод ваквите обвинувања од Стојан Андов дека токму Андов стои позади атентатот и дека неговата амбиција веднаш го однела до Претседателскиот кабинет за веднаш да седне на претседателскиот стол и да побара помош од С.Милошевиќ. Како што веќе кажавме поради тоа што К. Глигоров нема оставено никакви сведочења за ваквите обвинување како и поради недостиг на физички докази  ваквите искази може да се третираат само како обвинување. Меѓу другото, Андов запишал дека откако на 10 јануари 1996 година, Глигоров се вратил на извршување на функцијата, бил се уште трауматизиран. *Во кусиот разговор,* вели Андов, *забележав дека се интересира за Агенцијата за разузнавање како важен уставен орган кој не е под контрола на министерот за внатрешни работи, туку е под директна контрола на Претседателот на државата...Киро во тој момент се надеваше дека Агенцијата за разузнавање ќе овозможи да се почне со разоткривање на се она што Министерството за внатрешни работи го скри и го покри во врска со атентатот врз него.*[317]

Во целиот сплет на околности, кога министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчкоски две недели молчел, кога се направиле низа аматерски пропусти во истрагата и кога задоцнетата оставка не била прифатена од премиерот Бранко Црвенковски, јасни се инсистирањата на Глигоров за формирање на Агенција за разузнавање. Исто така, истрагата јасно покажала дека има уништување на физички докази како и сомнителна смрт на сведоци 9 самоубиства, несреќни случаи итн.) поврзани со настанот со што се оневозможувала истрагата. Од она што може да се заклучи е дека во недостиг на физички докази ова ќе остане една од најголемите мистерии во поновата македонска историја. Особено заради фактот што  осамостојувањето на Република македонија, во самиот почеток не беше добронамерно прифатено ниту од соседите, ниту од меѓународната заедница, која токму врз случајот на Македонија го кршеше меѓународното право.

---

[316316]www.novamakedonija.com.mkС. Андов, До атентатот и по него, Мозокот на атентатот, Скопје 6.12. 2018

[317] Стојан Андов, До атентатот и по него, Скопје 2018, стр. 408-409

## 5.3 Претседателските активности на К. Глигоров од 1996 до 1999 – крај на една долга политичка кариера

Како што веќе споменавме во 1995 година сите активности на претседателот Киро Глигоров биле насочени кон симнување на ембаргото со Грција и потпишување на Времената (Привремената) спогодба. Времената спогодба била клучот за зачленување на Македонија во меѓународните организации бидејки било утврдено дека со потпишување на спогодбата Македонија би го продолжила патот за влез во меѓународните институции а Грција не би го блокирала тој пат. Инаку Р.Македонија уште во 1991 година се определила за патот кон Запад и интегрирање во европското семејство со тоа што молба за прием била поднесена уште во декември 1991 година. Веќе е јасно дека дека како и во сите други институции така и во најстарата институција во Европа главниот проблем доаѓал од грчката страна. Во мај 1993 година Македонија била вклучена во работата на Советот како специјален гостин, а веќе во 1994 година Македонија била дел од меѓувладини комитети.[318] Како резултат на Времената спогодба од 13 септември 1995 година, Македонија била примена со Советот на Европа на 27 септември 1995 година само една недела пред да се случи атентатот врз Глигоров.

По извршениот атентат К. Глигоров нема да биде во можност да ја извршува претседателската функција до 10 јануари 1996 година кога ќе се врати повторно на неговите работни обврски. Во меѓувреме додека тој бил отсутен функцијата Претседател ја извршувал Претседателот на Собранието Стојан Андов. Според оценката на Андов, како што кажавме, кога Глигоров се вратил на должноста бил сеуште трауматизиран. „*Долго потоа,* вели Андов, *одвреме-навреме, се среќававме со Киро Глигоров, но можам да кажам дека по атентатот Киро не беше веќе оној Киро кој го познавав пред тоа*“[319]

Во време на неговото отсуство се случиле некои интересни настани кои ќе ги споменеме. Само два дена по атентатот, Собранието решило дека треба да се реализираат одредбите од Времената спогодба па така на 5 октомври 1995 година била одржана седница на која со 110 пратеници ЗА било

---

[318] Киро Глигоров, Македонија е се..., стр.486

[319] Стојан Андов, До атентатот и по него,.... стр. 409

променето знамето на државата односно шеснаесет кракото сонце од Кутлеш било променето со 8 краќо жолто сонце на црвена позадина.

На 12 октомври 1995 година Македонија влезе во уште една значајна организација, а тоа е КЕБС/ОБСЕ.[320] Оваа организација особено е важна за земјите во развој и т.н млади демократии како што била Македонија бидејки помага во воспоставување на демократските принципи. Од таа причина на Самитот во Будимпешта одржан на 5 декември 1994 година К. Глигоров со свој говор укажал на потребата за влез на Македонија во оваа институција. На овие значајни настани Претседателот К. Глигоров нема да биде во можност физички да присуствува заради повредите од атентатот.

На 10 јануари 1996 година по повод дипломатскиот прием Киро Глигоров и официјално се враќа на функцијата Претседател. Така повторно започнуваат неговите бројни активности во остварувањето на функцијата претседател, и пред се, во меѓународно афирмирање на Република Македонија, со заложби за решавање на проблемите по мирен и дипломатски пат. Заради овие негови активности, на 27 февруари 1996 година, од Женева ќе стигнат вести дека е добитник на награда на Мегународниот форум Кран Монтана. На 24/25 април Глигоров ќе отпатува во Букурешт на форумот Кран Монтана за да ја прими наградата за заслуги за мирот.[321] На овој форум тој наградата ќе ја посвети на Република Македонија и ќе каже: *Оваа награда е на Република Македонија и на нејзината политика. Јас сум само симбол на таа политика.*[322]

Во меѓувреме, на 23 март 1996 година се случува значаен настан, а тоа е отворање на првата амбасада на САД во Македонија. На отворањето ќе присуствува и високиот државен претставник на САД во ООН, Мадлен Олбрајт, со што и симболично ќе му се даде значење на овој настан. Притоа, претседателот на САД Бил Клинтон упатил писмо до претседателот Глигоров. Првиот американски амбасадор во Р Македонија, Кристофер Хил ќе пристигне во Скопје на 26 јули. Акридитивните писма претседателот Киро Глигоров ќе ги

[320] КЕБС е меѓународна организација формирана во 1975 година која имала за цел да ги нормализира односите во светот за време на студената војна но на Самитот во Букурешт во 1994 година името на организацијата е преименувано во ОБСЕ
[321] Ахил Тунтев, исто, стр. 42
[322] Оваа изјава е дадена и преземена од МТВ

прими на 30 јули 1996 година, со што и официјално Хил ќе биде преставен како амбасадор на САД во Македонија.[323]

Еден ден пред одржување на Денот на победата над фашизмот, односно на 8 мај 1996 година, Глигоров отпатувал во Париз каде имал висока државничка посета и остварува средба со францускиот претседател Жак Ширак и со министерот за надворешни работи Ерве де Шарет. По тој повод Глигоров го носи писмото со кое Македонија пристапила кон Парискатa повелба за Европа.[324] Глигоров во Париз ќе одржи посебно предавање во кое дава сублимат на процесите во 20 век, за местото и актуелниот миг на Европа и ЕУ. Во својот настап тој ќе нагласи дека *сонот на многу генерации европски мислители и државници, кој со енергијата на економското поврзување, политичката интеграција, колективната безбедност и културната заемност,* днес е отелотворен во ЕУ и естварност за дел од континентот. *Истовремено и и надеж и цел за останатите.* Тој, исто така, ги ии своите погледи за перспективите на Балканот каде со распадот на СФРЈ започнаа братоубиствени војни, за опасностите кои ја демната Република Македонија која по мирен пат се раздружи од федерацијата и негува политика на еквидистанца кон сите соседи.[325]

Во натамошните диломатски активности на Глигоров мошне значаен момент се случува на 29 мај 1996 година, во Хелсинки, каде со свечена изјава на претседателот Република Македонија го потврдува своето пристапување кон Хелсиншкиот документ на КЕПС. Во овие рамки К. Глигоров остварил средба со финскиот преседател Марти Ахтисари.[326]

Во рамките на воспоставување меѓудржавни и меѓународни контакти 1996 година е мошне значајна бидејќи продолжил трендот на отварање на амбасади на големите сили во Македонија. На 7 јуни 1996 година К. Глигоров ги примил акридитивите за поставување на амбасадор на НР Кина во Македонија од страна на Су Је Ехе.

---

[323] Ахил Тунтев, исто, стр. 140
[324] Исто, стр. 40
[325] Киро Глигоров, Виорни времиња..., стр. 307-308.
[326] Ахил Тунтев, исто, стр. 42-43.

Во низот на земјите кои ја признаваат Република Македонија и воспоставуваат дипломатски односи со истата, особено е значаен моментот дека Руската федерација, како и Кина ја признала државата под уставното име. На 21 декември 1996 година, испратила свој амбасадор во Македонија, а акридитивите од страна на К. Глигоров биле примени од амбасадорот Пјотр Добросердов.[327]Претходно, во месец септември во Белград беше конституирана и почна да работи заедничка дипломатско-експертска комисија за утврдување на протегањето и описот на државната граница меѓу Република Македонија и СР Југославија.[328] Ова беше мошне значаен чекор во нормализацијата на односите со северниот сосед, кој повеќе години ја сметаше Република Македонија за сецесионист и го оддолговлекуваше признавањето.

Во март 1996 година бил формиран Северноатланскиот совет како форум дијалог меѓу НАТО и новите демократии, а Македонија била примена како рамноправен член на ова тело. Во 1996 година започнал и процесот интеграција на Македонија во НАТО за што лично се залагал Претседателот Киро Глигоров. За таа цел во Македонија била изготвена програма наречена *Индивидуална програма на Република Македонија во рамките на Партнерство за мир 1997-1998.* Оваа програма била усвоена на седница на Северноатланскиот совет на НАТО во Брисел со што Македонија ги соопштила своите ставови околу проширувањето.

Во текот на 1997 година на внатрешно-политички план се случуваат низа турбуленции, иако и претходната 1996 имаше своја драматичност. Имено, на седницата од 4 јуни 1996 година, Собранието на Република Македонија не ја усвои граѓанската иницијатива 150.000 потписи за распишување референдум за предвремени избори во земјата, која на 24 март ја имаа поведено Демократската партија и ВМРО-ДПМНЕ. Сето тоа, а особено промената на законот за високо образование каде се предвидувало на педагошките отсеци на факултетите во Македонија наставата да се изведува на албански јазик биле вовед во бурната 1997 година. Во текот на месец јануари започнале масовни протести од страна на студентите кои на крај ќе резултираат во штрајк со глад. Претседателот Глигоров немал законски и уставни ингеренции за да

[327] Ахил Тунтев, исто, стр. 142
[328] Исто, стр. 43

влијае врз разрешување на проблемот но сепак остварил средба со водачите на протестите. Во таа пригода им сугерирал дека решавањето на таквите проблеми сепак треба да се одвива во рамките на институциите, иако тие имаат демократско право да го изразат своето незадоволство.[329]

Во истиот период јануари 1997 година започнуваат немири на Балканот кои ќе започнат со социјални и политички немири во Бугарија, а ќе ескалираат во Албанија кога пролета 1997 ќе биде ограбено оружје од магацините на албанската армија. Со цел да не се прошири кризата во Македонија претседателот К. Глигоров ќе има голема дипломатска активност. Поради ваквата состојба во регионот на 19 март 1997 година Македонија ја посетува Теодорос Пангалос, министер за надворешни работи на Грција. Пангалос ќе оствари средби со претставници на владата како и со Претседателот К. Глигоров каде ќе се разгледуваат можностите како кризата да не се прошири во регионот. За истата цел на 24 март 1997 година за прв пат Македонија ја посетува Генералниот Секретар Хавиер Солана а средба со него ќе оствари и претседателот К. Глигоров. На оваа средба освен за состојбата во Албанија ќе се спомене и за интеграцијата на Македонија во НАТО. За тоа Х. Солана ќе каже: *Многу сме среќни што можеме да видиме колку Македонија има направено за да го фати чекорот кон НАТО.*[330]

Во врска со интеграцијата на Македонија во НАТО, секако важен придонес ќе даде и претседателот Киро Глигоров како врховен командант на вооружаните сили. Од 12 - 16 мај на воениот полигон кај Криволак (Неготино) се одржала воената вежба „Спасител 97“.[331] Оваа вежба покажала дека најголем дел од земјите во регионот за своја главна стратешка определба ја имале членството во НАТО, а меѓу нив била и Македонија.

Во 1997 година К. Глигоров остварил две официјални средби со кои дефинитивно го завцрстил приматот на државник. Најпрво од 9 до 12 јуни 1997 година отпатувал во официјална посета на Кина и остварил средба со претседателот на Кина Џијан Цемин. На средбата освен политичките теми

[329] Главни водачи на студентските протести во 1997 година биле: Мирјана Китановска, Антонио Милошовски и Филип Петровски

[330] Оваа изјава Солана ја дава на средбата со медиумите после средбата во претставниците на владата

[331] На оваа вежба ќе учествуваат армиите на: Македонија, САД, Италија, Турција, Бугарија, Романија, Албанија, Словенија и Грција

особено состојбата во Албанија доминирале темите од економската сфера. Од двете страни била искажана подготвеност за соработка помеѓу двете земји. За време на посетата на Кина, претседателот Глигоров имал можност да одржи предавање на Академијата за општествени науки во Пекинг. Во своето предавање, Глигоров ги запознава присутните со Македонија и нејзината специфична положба на Балканот, нагласувајќи дека со оваа држава *е остварен повеќевековниот стремеж на македонскиот народ за сопствена и независна држава со што се крунисани борбите и страдањата на повеќе патриоти за национална слобода со независна и меѓународно призната Република Македонија во постојните граници.*[332]

Една недела по посетата на Кина, од 19 до 21 јуни 1997 година Киро Глигоров отпатувал за Вашингтон каде имал официјална посета со Претседателот на САД, Бил Клинтон. На средбата било истакнато дека САД ја гледа Македонија како еден од факторите за стабилност во регионот и дека може да смета на американска подршка. Исто така, било разговарано и за економските теми особено за социјалната состојба на населението. При тоа Бил Клинтон изразил подготвеност САД да помогнат околу овие прашања.[333] Во рамките на посетата на САД, Глигоров оддржал предавање во Карнегиевиот институт за меѓународен мир каде зборувал за Република македонија и пошироко за регионот, за европските и за светските актуелни збиднувања и местото на нашата држава во нив. Изнесувајќи ги сите тешкотии низ кои се движел патот на независноста и меѓународното позиционирање на Република Македонија, тој нагласува дека таа веќе активно партиципира во работата на регионалните и меѓународните организации во кои членува – ООН, КЕБС и во Советот на Европа.[334]

Средбите на највисоко ниво во Кина и САД, како и многу други, го покажале капацитетот на претседателот Киро Глигоров достојно да ја презентира Македонија пред меѓународната јавност. Во периодот што престои Глигоров ги продолжува своите активности кои се однесуваат на интеграција на Македонија во НАТО. Така, на 9 јули 1997 година тој учествува на

---

[332] Киро Глигоров, Виорни времиња..., стр. 318.
[333] Киро Глигоров, Македонија е се...,стр. 505
[334] Киро Глигоров, Виорни времиња..., стр. 330-331.

Евроатланскиот партнерски совет во Мадрид. Таму се среќава со највлијателните светски политичари и разговара за интеграцијата на Македонија во НАТО, но, и за спречување на ескалација на состојбата на Балканот. Во овој контекст, Глигоров отпатувал во Њујорк каде на 21 септември 1997 година, учествува во работата на Генералното собрание на ОН. Таму остварува повеќе билатерални средби со светки државници, како и со Генералниот Секретар на ОН, Кофи Анан. Неколку дена подоцна, на 25 септември, во зградата на ОН во Њујорк на претседателот Глигоров му е доделена престижната награда на Американскиот центар на претседателство за 1997 година.[335] На 26 септември, на Универзитетот во Питсбург, Глигоров ќе одржи предавање во кое покрај изнесување на гледиштето околу безбедносната ситуација на Македонија и Балканот, заклучува дека е неоходно поврзување на прашањата за мирот и безбедноста со политиката на развојот. Затоа, вели тој, *меѓународната заедница има огромна обврска, токму и во превентивна безбедносна функција, со економски средства да помага во разрешувањето на развојните проблеми, во унапредувањето на демократијата и човековите права и слободи на секој дел од земјината топка. Инаку, проблемите ќе се акумулираат, кризите ќе стануваат се почести и поопасни, а нивната снација се поскапа.*[336]

Бидејки состојбата на Балканот била загрижувачка Балканот станал редовна дестинација на претставниците на големите сили, па така годината 1997 година која била извонредно богата на дипломатски план ќе ја заврши со две значајни посети на кои ќе се разговара за состојбата на Балканот. Најпрво на 16 октомври 1997 година, во Скопје, претседателот Глигоров ќе оствари средба со германскиот министер за надворешни работи Клаус Кинкел, а на 24 декември 1997 година со државниот секретар за одбрана на САД, Вилијам Коен. Особено била важна посетата на Вилијам Коен бидејки со него започнувал новиот аранжман на мировниците на УНПРЕДЕП со кои се заштитувале границите на Македонија. Предходно, на 10 октомври Глигоров ќе зборува на самитот на Советот на Европа во Стразбур.

---

[335] Ахил Тунтев, исто, стр.144

[336] Киро Глигоров, Виорни времиња..., стр. 337-338.

Кон крајот  на 1997 година односно на 13 декември 1997 година Глигоров добива уште една награда за мир. Во Неапол граѓанскиот европски медитерански форум му ја доделил медитеранската награда за мир („Медитеран на мирот“) што претставува уште едно признание на неговите политики. По тој повод, на 5 јануари 1998 година, тој ќе одржи беседа во фондацијата „Медитеранска лабораторија“ каде ќе го нагласи местото на Медитеранот во развојот на светските цивилизации, и тоа дека Македонија како дел од тој простор истовремено ги минувала *сите премрежја, историски предизвици и конфликти со кои Медитеранот се соочувал низ историјата*. Благодарение на историското помнеже, Глигоров нагласил дека современа македонија го сочувала мирот, посебноста и се изборила за независност по мирен пат.[337]

Наредната 1998 година започнала со уште една значајна посета од државнички калибар, а тоа била посетата на Глигоров на Руската федерација и средбата со рускиот претседател Борис Елцин. Глигоров уште претходно имал писмени контакти со рускиот претседател. Меѓу другото, во март 1997, Глигоров му испратил порака  на претседателот Борис Елцин во врска со актуелната ситуација во регионот. Посетата на Глигоров на Москва се случила на 26 јануари 1998 година. Притоа кри Глигоров  имал разговори со претседателот Борис Елцин при што е потпишана  Декларација за пријателски односи и соработка меѓу двете земји. По средбата и разговорите со премиерот Виктор Черномирдин, исто така биле потпишани повеќе меѓувладини договори.[338] Во врска со оваа посета, за МТВ Глигоров ќе изјави: *да се обидеме и двете страни да ги обновиме пријателските и историските врски помеѓу двата народа и да видиме што пречи на тоа.*[339]

Последните две години од мандатот на К. Глигоров ќе ја одбележат косовската криза која ескалирала со воени дејства. Со цел да не дојде до прелевање на кризата во Македонија, претседателот Глигоров како и владата превземале дипломатски чекори и имале бројни средби со претставници на меѓународната заедница. За таа цел најпрво на 21 јануари 1998 година

[337] Киро Глигоров, Виорни времиња..., стр. 357
[338] Ахил Тунтев, исто, стр. 49; стр. 147
[339] Изјавата е превземена од Документарецот 20 години независност, епизода 1998

допатувал италјанскиот премиер Романо Проди. Главна тема на разговорите со македонскиот политички врв биле состојбата на Косово и соработка помеѓу двете земји. Бидејки и Македонија и Албанија се плашеле состојбите да не ескалираат во нивните земји постоела интензивна комуникација помеѓу раководствата на двете земји, па така албанскиот премиер во два наврати ја посетува Македонија. Особено заинтересиран за регионот била НАТО па така 30 април Генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана повторно ја посетува Македонија каде се разговарало за мирно решавање на косовската криза. Истовремено тој изјави дека Алијанста нема да го толерира влошувањето на ситуацијата во регионот.[340]

Хавиер Солана со иста цел ја посетува Македонија и на 22 јули 1998 година. Во рамките на неговата дводневна посета, исто така е разговарано и за унапредување на соработката на Македонија со НАТО.[341] Сите овие посети покажуваат дека Скопје станал центар на дипломатските активности за решавање на косовската криза. На 23 јуни во Македонија ќе пристигне амбасадорот на САД во ОН Ричард Холбрук кој ќе се сретне со К. Глигоров но најинтересен дел од неговата посета е средбата со лидерот на Косовските Албанци Ибрахим Ругова која се одржала во амбасадата на САД во Скопје. За косовската криза се заинтересирала и Турција па така како традиционален партнер на Македонија ќе ја вклучи својата дипломатија во овој период. Најпрво на 6 јули во официјална посета на Македонија доаѓа премиерот Месут Илмас а потоа на 2 октомври 1998 година доаѓа турскиот Претседател Сулејман Демирел. Европската и светска дипломатија особено биле присутни во месеците октомври и ноември. Па така најпрво ќе биде активирана британската дипломатија бидејки на 20 октомври доаѓа британскиот министер за надворешни работи Робин Кук а нешто подоцна на 8 ноември во прва историска посета на Скопје доаѓа член на британското кралско семејство принцот Чарлс, со кого К. Глигоров исто така ќе оствари средба. Интензивната дипломатија ќе продолжи во текот на ноемри.

На 25 ноември 1998 година претседателот Глигоров како и членовите на новоформираната влада на Љубчо Георгиевски ќе имаат средба со

---

[340] Ахил Тунтев, исто, стр. 147
[341] Исто, стр. 148

Генералниот секретар на НАТО Хавиер Солана и командатот на НАТО за Европа американскиот генерал Весли Кларк. За време на овие средби, македонскиот државен врв дал дозвола НАТО да стационира свои трупи во Македонија. Токму оваа посета и оваа одлука на македонскиот државен врв дале јасна слика дека НАТО директно ќе се вмеша во косовската криза.

На внатрешен план, на 18 октомври и 1 ноември 1998 година ќе се одржат парламентарни избори. На изборите победила коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, која добила мнозинство во Собранието со 62 пратеници.[342] Согласно ваквите изборни резултати Претседателот Глигоров мандатот за формирање влада го дава на победничката партија ВМРО-ДПМНЕ. Така во последната година од својот мандат Киро Глигоров морал да соработува со партијата која го сметала за идеолошки и политички противник. Соработката помеѓу двете страни не започнала најдобро, а тоа се должело на т.н тајванско прашање. Имено, на 8 февруари, под силно влијание на Васил Тупурковски, владата на Љубчо Георгиевски донесе одлука за  воспоставување на дипломатски односи со Тајван. Веднаш другиот ден, Народна Република Кина ги прекина дипломатските односи со Република Македонија. На 23 февруари 1999 година делегација предводена од министерот за надворешни работи Александар Димитров ја признава Република Тајван која Кина ја сметала за неотуѓив елемент од својот состав. Претседателот  Глигоров не бил запознаен со оваа работа и ја оценил како несериозна. Тој сметал дека не смее да се предизвика скандал со држава која има право на вето во Советот на Безбедност, а токму тоа и ќе се случи. Во рамките на Советот за безбедност, на 26 февруари, било одбиено барањето за продолжување на силите на УНПРЕДЕП со правото на вето кое го искоритила Кина.[343] Со тоа македонската граница не била целосно стабилна и не била целосно заштитена.

Во меѓувреме состојбите на Косово ескалираат и НАТО одлучува воено да интервенира во СРЈугославија преку бомбардирање. Настаните кои се случувале со Косово придонеле најгомемите светски авторитети да дојдат во Скопје, а Глигоров да оствари средба со нив. Најпрво на 28 февруари 1999

---

[342]Извештај за спроведените избори за избор на 112 пратеницию Собранието на Р.Македонија во 1998, Скопје 1998година.

[343] Ахил Тунтев, исто, стр. 150

година во Скопје пристигнал францускиот претседател Жак Ширак, а на оваа средба со Глигоров главна тема било косовското прашање. На 24 март НАТО донел одлука да ја нападне СР Југословија што ќе започне кризата. Така, за првпат по Втората светска војна  СР Југославија ќе биде нападната од воздух, со бобардирање од страна на силите на НАТО. Овие настани драматично ќе ја влошат состојбата на Косово и во регионот, а тоа ќе предизвика масовен бран на бегалци кои се упатиле во Македонија. Тој масовен бран почнал сериозно да се зголемува. Најголемата бројка на бегалци кои дошле во Македонија биле 360000. Оваа бројка претставувала 18% од вкупното население во Македонија. Македонија се нашла пред сериозна  хуманитарна криза.[344] Од таа причина во Скопје дошле: британскиот премиер Тони Блер, францускиот премиер Л. Жоспен, германскиот канцелар Герхад Шредер австрискиот премиер,  Виктор Клима. Македонија станала редовна политичка дестинација за најголемите лидери, кои покажале невообичаен интерес.[345] Сепак од сите посети најмногу се издвојува посетата на Претседателот на САД Бил Клинтон. Најпрво на 14 мај  дошла сопругата на Претседателот на САД, Хилари Клинтон која ги посетила бегалците во кампот Стенковец, (но не и официјалните претставници на РМ), а на 22  јуни во работна посета дошол американскиот претседател Бил Клинтон кој  се заблагодарил на Македонија за укажаната помош на бегалците и самиот тој ветил помош за Македонија.

Така, последните месеци од мандатот претседалот Глигоров ги поминал во остварување на средби со високи гости кои ја посетувале Македонија заради косовското прашање. На 9 октомври се случиле претседателски избори а веќе било јасно, а и самиот Глигоров најавил дека нема да се кандидира. За втор претседател на Република Македонија бил избран Борис Трајковски. Претседателскиот мандат ка Киро Глигоров истекувал на 19 ноември 1999 и тоа бил негов последен ден на функцијата претседател. По негова желба за последен пат се обратил пред Собранието, а својот говор ќе го заврши со зборовите: *својот завет јас го исполнив или барем се обидов.*[346] Тој ден

[344]Од вкупно 360000 бегалци, 100 000 беа сместени во кампови изградени за оваа намена на подрачјето на Скопје (Блаце, Стенковец, Бојане, Радуша), Тетово (Непроштено) и Гостивар (Сенокос), додека 260 000 беа сместени во семејства.

[345] Киро Глигоров, Македонија е се...,стр 710

[346] Оваа изјава е превземена од документарецот 20 Години Независност, епизода 1999

завршила неговата кариера која траела педесетина година  а која се одликувала со прагматичност и правење компромиси кога е неопходно. Улогата на Глигоров како прв претседател е голема бидејки успеал Македонија да ја извлече од војна при распадот на СФРЈ, да ја внесе во меѓународните организации, а да го зачува уставното име кое според него се македонските црвени линии.

Киро Глигорв умира во длабока старост, на 1 јануари 2012 година во Скопје. Според неговата последна желба погребан е на гробиштата Бутел без никакви државни почести.

## Заклучок

Македонската историја изобилува со бројни личности и херои кои оставиле трага во историјата на македонскиот народ. Сепак во многувековната македонска историја слободно можеме да кажеме дека ниту една личност нема учествувано и нема искусено толку историски настани и периоди како што е тоа Киро Глигоров. За време на неговото детство и неговата младосттој е сведок на српското владеење и на свој грб со промена на презимето да ја почуствува асимилацијата и денационализацијата која ја наметнувале српските власти. Токму ваквите работи заедно со домашното воспитување ќе ја развијат неговата национална свест. Таквата српска политика ќе го поттикне уште во средношколските денови да почне да се занимава со политички активности. Првите негови политички ангажмани почнуваат за време на школувањето во скопската гимназија каде заедно со своите другари создаваат т.н група „Македонци" каде зборуваат за положбата на Македонија под српска власт, целосно свесни за состојбата во која тие самите се наоѓаат.

Првите посериозни политички ангажмани ги имал како студент и член на студентското друштво „Вардар" во Белград. Тоа студентско друштво под превезот на културата се залагало за подобрување на положбата во Македонија и за рамноправност на македонскиот народ во Југославија. Поради својата активност, во 1939 година Глигоров завршил во затвор со обвинение дека работел за уривање на државата, а недостигот на докази ќе го спаси од затворот. Набрзо, во април 1941 година Југославија ќе биде зафатена со настаните во Втората светска војна, а Македонија ќе биде повторно распарчена и окупирана од фашистичките сили (Италија, Германија, Бугарија). Во овој период додека се наоѓа на работа во банката "Вардар", Киро Глигоров повторно ќе се најде неподобен за властитеовој пат бугарските и ќе биде повторно затворен под етикетата „Србин-Комунист". Благодарение на неговиот другар Асен Симитчиев ќе биде пуштен од затворот, но тоа нема да го поколеба да продолжи со политичките активности. Така, Киро Глигоров од самиот почеток на организирање на отпорот против окупаторите, и покрај прогонот, ќе продолжи да помога како дел од комунистичката младина, иако формално не бил дел од СКОЈ.

Во 1943 година во Скопје бил формиран АНОК од група интелектуалци чиј член бил и Киро Глигоров, а тие се занивале со прашањата околу тоа како ќе биде организирана власта при идно формирање на македонската држава итн. Токму како член на АНОК Глигоров ќе го има првото несогласување со Комунистичката Партија. Во октомври 1943 година ГШ на НОВ и ПОМ го објавил Манифестот во кој ги образложува целите на борбата, кои била антиципација на одлуките на АВНОЈ и ги повикува Македонците да се придружат. Тоа бил период кога кај Киро Глигоров била созреана националната свест и сметал дека македонското прашање треба да се реши со обединување. Поради тоа, заедно со Благој Хаџи Панзов ќе напишат Приговор во кој ќе ги истакнат желбите на Македонците за обединување. Истовремено потенцираат дека ГШ на НОВ и ПОМ немаат право да напишат еден таков документ туку тоа треба д го направи едно новоизбрано Собрание. Поради овие ставови од страна на раководството на КПМ ќе биде етикетиран како националист и непозредно по војната ќе биде истакнуван како дел од т.н промакедонска струја (Методија Андонов - Ченто, Лазар Соколов, Павел Шатев, Венко Марковски, Петре Пирузе - Мајски итн.) која се сметала за штетна за интересите на Југославија која, главно, требало да остане во претходните версајки граници.

И покрај несогласувањето со делови од Манифестот на ГШ, Киро Глигоров набрзо заминува во партизани и како интелектуалец е вклучен во Иницијативниот Одбор за свикување на АСНОМ. Станува дел и од Првото заседание на АСНОМ и заедно со Веселинка Малинска ќе биде негов записничар.

По завршувањето на војната ќе биде избран во составот  на вториот Президиум на АСНОМ, а ќе добие функција Повереник за финансии. Сепак и покрај тоа, тој сеуште се смета за непогодна личност и човек што треба да биде тргнат од Македонија. Тоа веројатно се должело на Приговорот на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ, но и заради присутните стремежи сред народот за обединување. Затоа личностите како Глигорв биле тргани од домашен терен за светка на комунистите кои немале таков авторитет сред народот (Лазар Колишевски). Поради ваквото расположение а со наредба на

Лазар Колишевски во месец март 1945 година Глигорв е упатен на служба во Белград.

Во Белград, Глигоров ќе се задржи речиси целиот свој работен век и ќе направи 45 годишна кариера. За време на неговиот престој во главниот град на втора Југославија, Киро Глигоров ќе биде забележан со две основни карактеристики: трудољубивост и лојалност. Овие две особини ќе му овозможат напредување до највисоките позиции во државата. Неговиот пат до тие позиции бил долг и тоа од помошник на Генералниот секретар на владата па се до министер за финансии и Претседател на Сојузното Собрание.

Својата кариера Глигорв најпрво ќе ја започне како помошник на Генералниот секретар на владата на ФНРЈ, Митар Бакиќ, а набрзо ќе напредува и ќе стане помошник министер за финансии на министерот Сретен Жујовиќ. Потоа е поставен за заменик директор на Сојузниот завод за планирање за да од 1956 до 1962 година се доближува до врвот на владата. Во периодот од 1962 до 1967 година е на најодговорната функција што дотогаш ја имал, а тоа била министер за финансии со што влегува во врвот на југословенската политика, иако тоа не им е одговарало на одредени политички кругови во Македонија.Неговото политичко искачување кон врвот на југословенската политика продолжило и во наредните години кога ќе извршува професионални функции како член на Претседателството на ЦК на СКЈ како и член на Претседателството на СФРЈ. Кулминација на неговата југословенска политичка кариера се случува во 1974 година кога станува Претседател на Сојузното собрание, една од трите највисоки функции во СФРЈ. Сите овие функции намерно ги набројавме со цел да видиме како се движела професионалната но и идеолошката линија на Киро Глигоров. Од човек кој се залагал за обединување на Македонија и кој го сметале за штетен за југословенските интереси успева да се искачи до највисоките позиции на југословенската држава. Тоа покажува дека освен професионалниот пристап тој и идеолошки еволуирал бидејки во држава каде што идеолошкиот пристап е од суштинска важност за напредување во општетството, невозможно е да се напредува толку високо во општетсвото доколку некој не проценил дека дошло до идеолошко менување на Киро Глигоров. Ова идеолошко менување ќе биде

изразено за време на распадот на Југославија каде Киро Глигоров ќе биде директен учесник и набрзо ќе ја добие партиската книш бр. 1 на СДС-ПДП.

Треба да се спомене дека неговиот пристап кон работата се одликувал со исклучителна професионалност, па затоа е ангажиран во сите реформи што се спроведувале во СФРЈ, од кои најзначајни се реформите во 1965 година како и реформите на Анте Марковиќ во 1987 година. Кога почнува кризата во Југославија (1989) и на повидок е нејзиното распаѓање, тој решава дека треба да се врати во Македонија и добива можност да се вклучи во работата на ЦК на СКМ која работела на реформи во Македонија. Токму со оваа работа тој добива можноста активно да се вклучи во политичкиот живот во Македонија и да помогне Македонија полесно да ја помине југословенската криза. Во тој временски период кога на просторите на СФРЈ се заканувале војни на Македонија и требало мудар и разумен политичар, па така кога во Македонија почнува процесот на плурализам и воспоставување на нова политичка власт, неговото име во јавноста се појавило како логична последица на настаните.

Во 1991 година кога Македонија се наоѓала пред сериозен предизвик, во јануари истата година, во договор со сите политички партии, Киро Глигоров е избран за прв Претседател на Република Македонија. Неговата претседателска политика била базираност на разумност и компромис кој не ги загрозувал интересите на Република Македонија. Сепак како што споменавме при распадот на Југославија ќе покаже дека кај него била изградена идејата дека опстанокот на Македонија е во состав на Југославија (барем во почетокот), а тоа се должи на долгогодишниот ангажман во југословенската политика. Тој активно учествува на средбите со претседателите на републиките залагајќи се за зачувување на СФРЈ како заедница на држави. Ваквата заложба ќе биде официјализирана со донесувањето на Платформата Глигоров-Изетбеговиќ во која се вградени овие принципи. Овие заложби на Глигоров биле вградени и во референдумското прашање кое гласело: Дали сте за суверена и независна и Република Македонија со право на влез во иден сојуз на суверените држави на Југославија? Сепак на истите тие средби, исто така, го кажувал и ставот дека ако само една од републиките ја напушти Југославија, тој пат ќе го следи и Македонија.

Во моментите кога било веќе јасно дека Југославија ќе се распадне, Киро Глигоров ја повел Македонија кон патот на независноста со залагање таа независност да се оствари по мирен пат. Овие негови заложби наидувале на многу пречки, меѓу кои една од најважните била ЈНА. Киро Глигоров успеал да се договори со генералот Аџиќ вониците на ЈНА мирно да ја напуштат Македонија. Според овој договор ЈНА требало да го изнесе целото оружје од Македонија за што Глигоров ќе добие голем број на критики во иднина. Сепак станало јасно дека тоа е цената која треба да ја плати Македонија за да избегне воени дејства. Оваа состојба ќе биде искомпензирана со тоа што тој ќе успее да издејствува мировни сили на ООН да дојдат во Македонија со што биле заштитени нејзините граници. Другата препрека била Грција која недозволувала меѓународно признавање на Македонија поради нејзиното име. И овде КироГлигоров ќе води компромисна политика со тоа што заедно со владата ќе се согласат на привремена референца БЈРМ во рамките на ООН. Оваа референца не значела промена на устав, туку само привремено име со кое ќе се овозможи зачленување во ООН. Со влезот во ООН, Македонија и формално-правно се нашла на светската карта.

Иако Македонија влегла како 181 држава во ООН, тоа не значело решавање на спорот со Грција, па после ембаргото воспоставено од јужниот сосед, била принудена nayште еден компромис. На 13 септември 1995 година Киро Глигоров ја потпишал Времената спогодба со Грција со која било предвидено Македонија да го промени своето знаме. Сепак и покрај ваквите отстапки може да се каже дека Киро Глигоров не ги загрозил интересите на Македонија, бидејки за него црвени линии биле непромена на уставното име и со таква политика  на компромисни отстапки успеал Македонија без војна да ја раздружи од Југославија и да ја внесе во светските и европски организации (ООН, Совет на Европа,ОБСЕ и др.)

Гледано од денешен аспект, може да се каже дека Киро Глигоров спаѓа во плејадата на светки политичари кои се залагале за мир и за решавање на меѓународните спорови со дијалог. Зад себе остварил една плодна државничка кариера, заради што бил добитник на повеќе светски признанија.

## Користена литература

**СПИСАНИЈА:**

Гласник ИНИ, Скопје 1994

Гласник ИНИ, Скопје 1998

Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје,

Историја, Скопје 2000

Историја, Скопје 2001

Часопис Историја XX века, Београд, Институт за новију историју Србије,

Часопис токови историје, Београд, Институт за новију историју Србије

**КНИГИ И ЛИТЕРАТУРА**

-Андов Стојан, На мој начин, Скопје, 2003

- Андов Стојан, Од мој агол, Скопје, 2004

- Андов Стојан, Драматична 1991, Скопје 2015

- Андов Стојан, 1992 година опасни предизвици, Скопје 2016

- Андов Стојан, Јосип Броз Тито и распаѓањето на Југославија,Скопје 2013

-Андов Стојан, Успеси и заговори-1993,Скопје 2017

- Андов Стојан, До атентатот и по него, 2018

- Андонов Илија-Ченто, Мојот татко- Методија Андонов-Ченто, Скопје 1999

- Апостолски Михајло , Ослободителната војна во Македонија, Скопје 1973

- Апостолски Михајло , Февруарски Поход, Скопје 1973

- Апостолски Михајло, Пролетна офанзива во Македонија и Поморавието, Скопје 1973

- Апостолски Михајло, Завршни операции за ослободување на Македонија

- Апослски Михајло , Студии и Статии, Скопје 1973

- Апостолски Михајло, Студии Статии II, Скопје 1973

- Арсов Љупчо, Сведоштва, Скопје, 1984

- Арсиќ Драгиња, Општествено-економските корени на социјализмот, Скопје 1978

- Атанасов Васко, Каде оди кина, Скопје 1981

- Атанасов Васко,Кина јакне во три триаголника,Скопје 1998

-Ацевски Илија, Општеството и човекот во транзиција, Скопје, Филозофски

-Ачкоска Виолета, Братство и единството помеѓу хармонијата и дисхармонијата(1944-1974), Скопје 2003

- Ачкоска Виолета, Аграрната реформа и колонизација во Македонија(1944-1953), Скопје1997

- Ачкоска Виолета, Егзодусот на македонското селанство во социјализмот, Скопје 2007

- Ачкоска Виолета,Задолжителниот откуп во Македонија(1945-1953), Скопје 1995

- Ачкоска Виолета, Репресијата и репресираните во најновата македонска историја, Скопје 2005

-Ачкоска Виолета, Лекции од историјата на современата македонска држава, Скопје 2015

- Аџи Митревски Димче, Сеќавања за настани и личности од македонското револуционерно движење, Скопје 1997.

- Balkanski ugovorni odnosi, 3, Beograd, 1999,

- Бартл Петер, Албанци, Београд, CLIO, 2001,

- Bernard Ivan, Centralna I Istocna Evropa(1944-1993),Podgorica 2001

- Билски Ришард, Пожари над Тетово, Скопје 2002

- Бунтески Рисре- Бунте, Методија Андонов Ченто, Македонски Народен Трибун, Скопје 2002

- Велика Британија и Македонија(1941-1945) Документи, Скопје 1998

- Вељановска Светлана, Културната политика на Република Македонија во рамките на процесот не евроинтеграција (магистерски труд), Скопје, 2008,

- Велјановски Новица, Македонија 1945-1991, Државност и независност, Скопје 2002

- Велјановски Новица, Македонијаво југословенско-бугарските односи(1944-1945),Скопје 1998

- Вешковиќ Вангели Вера, Досие Брашнаров, Скопје 2003

- Волтер Лакер, Историја Европе: 1945 – 1992, Београд, CLIO, 1999

- Vukmanovic Svetozar Tempo, Revolucija koja tece, Memoari,Kniga I Beograd1971

- Vukmanovic SvetozarTempo, Revolucija koja tece, Memoari,Kniga I Beograd1971

- Гедис Џон, Хладни рат, Београд, CLIO, 2003,VII Конгрес на сојуз на Комунисти на Југославија, Скопје 1958

- Гигов Страхил, Одбрани Трудови, 1979

- Гигов Страхил, Со сопствени сили, Скопје 1985

- Главниот Штаб на НОВ и ПОМ 1941-1945, МАНУ, Скопје 1997

- Глигоров Киро, Македонија е се што имаме, Скопје, 2002

-Глигоров Киро, Атентат, ден потоа, Скопје, 2002

-Глигоров Киро, Виорни времиња: Република Македонија реалност на Балканот, Скопје 2004

- Глигоров Киро, Сите југословенски(стопански) реформи

- Гоцевски Трајан, Мојот влог за Македонија, Скопје

- Гоцевски Трајан, Патот до независноста на РМ, Скопје 2015

- Гоцевски Трајан, Одбранбеното осамостојување на Македонија, Куманово, Македонска ризница, 2001,

- Грличков Александар, Современиот свет и Социјализмот, Скопје, 1981

- Де Беноа Ален, Комунизаам и нацизам, 25 огледа о тоталитаризму у XX веку, 1917 – 1989, Београд, Центар за изучавање традиције ,,Укронија'', 2007,

- Димишковски Слободан, Воената политика на суперсилите и неврзаните земји, Скопје 1985

- Документи за историјата на македонскиот народ,том два, Скопје 1981

- Enciklopedia Leksigokogrrafskog zavoda, Kniga I, ZagrebMCMLXVI

- Закон за ратификацијата на Привремена спогодба помеѓу Република Македонија и Република Грција склучена на 13 септември 1995 ,член 7, став 2, Скопје октомври 1995

- Извештај за спроведените избори за избор на 112 пратенициво Собранието на Р.Македонија во 1998, Скопје 1998година

- Извештај за спроведениот избор за Претседател на Република Македонија во 1994, Скопје, Ноември 1994

- Историја на македонскиот народ 3, Скопје, 1969

- Историја на македонскиот народ, Скопје 1988

- Јелавиќ Барбара, Историја на Балканот, дваесетти век, Скопје 1999

- Картов Владо, Наумоски Светозар, Јосиф Јосифовски Свештарот, Скопје 1985

-Китановски Боро, Петре Пирузе Мајски и неговото револуционерно осло Стојан -
- Киселиновски, Етничките промени во Македонија(1913-1995),Скопје 2000
бодително дело,Скопје 1995
- Klakic Dragan, Sovetizacija Balkanske Zone, Ispovest Lazara Kolisevskog, Beograd 1992
- Клог Ричард, Историја Грчке новог доба, Београд, CLIO, 2000
- Кљусев Никола, Предизвици, Бессони ноки, Скопје 1998
- Кљусев Никола, Солзи, радост страв, Скопје 1998
- Кљусев Никола,Мојата партија е мојата татковина, Скопје 1998
- Кљусев Никола, Создавање на државноста,Скопје 2016
- Kovačević Slobodanka, Putnik Dajić, Hronologija jugoslovenske krize (1942-1993. godina), Beograd 1994
- Кремптон Ричард, Балканот по Втората светска војна, Скопје, Зеница, 2012
-Кузман Јосифовски Питу, Време, Живот, Дело, Скопје 1995
- Манчев Кръстю , История на балканските народи, 4, София, Парадигма, 2006,
- Малески Денко, Бебето од катран, Скопје 2012
- Маролов Дејан, Митев Оливер, Создавањето на независна Република Македонија, внатрешни состојби и надворешна политика, Штип 2016
- Морача Перо, Биланџиќ Душан, Стојановиќ Станислав, Историја на Сојуз на Комунистите на Југославија, Скопје 1979
- Нацев Зоран, Начевски Радко, Безбедност и национална одбрана, Скопје, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Филозофски Факултет, 2001,
- Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија, Устав на Република Македонија, 17 ноември 1991
- Панзова Виолета, Науката како занает, Скопје, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Филозофски Факултет, 2007
- Петреска Даринка, Ачкоска Виолета, Осознавање на историјата, Скопје, Универзитет Свети Кирил и Методиј, Филозофски Факултет, 2007,
- Петрановић Бранко, Историчар и савремене епоха, Београд, 1997,
- Петрановић Бранко, Историја Југославије, 3, Београд, Нолит, 1988
- Петровски Панде, Сведоштва, Скопје 2006
- Петре Пирузе Мајски,Време, Живот, Дело, Скопје 1997

- Пешевска Маргарита, Меѓународните односи по Втората Светска војна, Скопје, Менора, 1999,

- Пешевска Маргарита, Светот во транзиција, Скопје 2002

- Поповски Владо, Ѓоргиев Ванчо, Тодоровски Зоран, Ачкоска Виолета, Создавање на современата македонска држава , Скопје 2014

- Ристески Стојан, Судени за Македонија, Охрид 1995

- Свет после Другог светског рата, Книга I и II, Београд, 1975,

- Симчич Миро, Тито без маска, Скопје, Младинска книга, 2008

- Тодорова Марија, Замислувајќи го Балканот, Скопје, 2001

- Тунтев Ахил, Република Македонија: прва декада, 1990-1999, Скопје 2005

- Туѓман Фрањо, Историската судба на народите, Скопје,Институт за национална историја, 1998,

- Форум за безбедност, Здружение на ветерани од одбраната и безбедноста на Република Македонија,15години од атентатот врз Киро Глигоров Мистерија или настан АД АКТА,Скопје

- Христов Т. Александар, Создавање на Федерална Македонија во Југословенската Федерација, Скопје 1965

- Hubain Marjan i drugi, Atlas svetskih zbivanja, Beograd, 1964

- Црвенковски Крсте, Милосавлевски Славко, Нашиот поглед за времето на Колишевски, Скопје, 1996,

- Црвенковски, Крсте, Томовски, Мирче, *Заробена вистина.* Скопје 2003

- Шабани Арафат, Трансформација на конфликтите и градење на мирот во Македонија, Скопје, 2007,

Содржина

**Вовед**-------------------------------------------------------------------------- 1-2

**Глава I**

**Ран живот и политичката активност за време на Втората светска војна**

**1.1** Ран живот и стекнувањето на образование ---------------------------------------3-12
**1.2** Почеток на политичка активност и одење во илегала-----------------------12-16
**1.3** Учеството во Иницијативниот одбор и Првото заседание на АСНОМ----16-24

**Глава II**

**Политичката кариера во СФРЈ**

**2.1** Пристигнување во Белград и политички искуства во претсолнината----24-32

**2.2** Учеството во југословенските реформи ----------------------------------------32-36
- Стопанските реформи во 1965 година ---------------------------------------------36-39
- Скопскиот земјотрес од 1963 година и улогата на Киро Глигоров во--------39-41 обновувањето на Скопје

**2.3** Во врвот на југословенската држава ----------------------------------------------41-54

**Глава III**

**Враќањето во Македонија и избор на Киро Глигоров за прв претседател на Македонија**

**3.1** Општествено-политичките прилики и враќањето во Македонија-----------54-61

**3.2** Киро Глигоров избран за Претседател и избор на експертска влада-----61-71

**3.3** Први чекори кон независноста(Преговори, Разговори, Референдум, Прв Устав)---------------------------------------------------------------------------------------71-92

## Глава IV

## Претседателски активности од 1991 до 1993 година(Борба за меѓународно признавање)

**4.1** Дипломатски активности на Киро Глигоров и периодот пред падот на експертската влада------------------------------------------------------------------------93-103

**4.2** Падот на експертската влада и соработка на Претседателот К. Глигоров со новата влада-----------------------------------------------------------------------------------103-111

**4.3** Борба  за влез на Р.Македонија во ООН и улогата на Киро Глигоров-------------------------------------------------------------------------------------------------------111-121

## Глава V

## Политиката на Претседателот Киро Глигоров кон проблемот со името и политичките активности и настани од 1993 до 1999

**5.1** Политиката на Претседателот К. Глигоров кон проблемот со името на Република Македонија -------------------------------------------------------------------122-134

**5.2** Добивање на втор претседателски мандат и преживеан атентат------134-137

-Неуспешен атентат врз Претседателот К. Глигоров---------------------------137-141

**5.3** Претседателските активности на К. Глигоров од 1996 до 1999 – крај на една долга политичка кариера---------------------------------------------------------142-153

**Заклучок**------------------------------------------------------------------------------------154-158

**Користена Литература**-------------------------------------------------------------------159-163